**УНИВЕРЗИТЕТ "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"-ШТИП**

**Правен факултет Штип**

**Студиска програма: Правни студии, правосудна насока и Новинарство и односи со јавност-Штип**

**Правни студии-Струмица**

# *МЕДИУМСКО ПРАВО*

***(АВТОРИЗИРАНИ ПРЕДАВАЊА)***

**Доцент д-р Андон Мајхошев**

**Септември, 2015 година**

**Предговор**

Авторизираните предавања се подготвени како наставен материјал за предметот Медиумско право за студентите на Правниот факултет во Штип и студентите на студиската програма Новинарство и односи со јавноста во Штип.

Авторизираните предавања ги опфаќаат најважните тематски области предвидени во програмата на предметот. Целта на наставните содржини е студентите да стекнат солидно познавање на медиумската и аудиовизуелната правна регулатива во Европа и на меѓународните стандарди во медиумската област, кои пак, се имплементирани во националното законодавство на Република Македонија

Регулирањето на содржините во аудиовизуелната област и натаму останува неопходен инструмент на европската медиумска политика за да се обезбеди остварување на јавниот интерес и да се зачуваат темелните принципи и вредности на демократското општество. Освен запознавањето на слободата на изразувањето како фундаментален принцип на јавниот интерес во медиумската сфера, значаен дел од авторизираните предавања е посветен на правните инструменти на Советот на Европа и на принципите на аудиовизуелната политика на Европската унија, особено: регулирањето на радидифузијата, улогата на јавниот радиодифузен сервис, комерцијалниот сектор и непрофитните медиуми. Во неколку тематски поглавја се разработени и други важни прашања, чие познавање е неопходно за познавање на медиумската сфера и извршувањето на новинарската професија, како на пример: слободата на медиумите, пристапот до информации од јавен карактер, регулатива за клевета и навреда, правото на приватност, заштита на личните податоци, правото на одговор и исправка, принципите на известување од судски постапки, заштита на авторските и други сродни права, цензура и автоцензура, саморегулација и низа други теми.

Во авторизираните предавања се поместени најважните стандарди на Советот на Европа и на Европската комисија кои се однесуваат на функционирањето на медиумската сфера, а во одделни тематски подрачја се обработени и насоките на меѓународната организација "Артикл 19" (Aeticle 19). Во

повеќе тематски целини се обработени меѓународните стандарди на медиумската сфера со акцент на имплементирањето на истите во националната медиумска регулатива. Овде, пред се, станува збор за Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми и Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер. Напоменуваме дека авторизираните предавања, исто така, претставуваат анализа на најважните законски решенија во Република Македонија, коишто ја регулираат медиумската сфера и слободниот пристап до информации од јавен карактер.

Се надеваме дека скриптата, односно авторизираните предавања на студентите ќе им помогнат полесно да го совладаат материјалот по предметот Медиумско право, а со тоа ќе ги стекнат потребните знаења за соочување со предизвиците на новинарската и другите професии кои бараат стручно познавање на регулативата и стандардите за медиумската сфера.

*Штип, септември 2015 година* *Од авторот*

## Предмет и содржина на медиумско право

Медиумското право е една од најмладите правни дисциплини и е тесно поврзана со развојот на медиумите, пред се електронските медиуми и новинарската професија. Претежно се бави со проучување на регулирањето на односи во сферата на медиумите. Секоја научна дисциплина има свој предмет на проучување. Кога се зборува за предметот и содржината на медиумското право, всушност се мисли на тоа што изучува и уредува оваа правна дисциплина. Во правната теорија постои мислење дека тоа како посебна правна дисциплина има свој посебен предмет на регулирање и проучување, а тоа се односите во медиумската сфера, односно односите што се воспоставуваат во областа на медиумите.

Предметот и содржината на изучување на медиумското право главно ги опфаќа следните тематски целини:

Прво, слободата на изразување и слободата на медиумите како основен предуслов за развој на демократијата и демократските односи во општеството.

Второ, регулирањето на програмските содржини

Трето, регулирањето на рекламирањето во електронските медиуми

Четврто, медиумскиот плурализам и медиумската концентрација

Петто, говорот на омраза

Шесто, јавниот радиодифузен сервис

Седмоо, видови на радиодифузери (комерцијални и непрофитни)

Осмо, пристапот до информации од јавен карактер

Девето, правото на приватност и заштита на личните податоци

Десето, регулатива за клевета

Единаесето, заштита на новинарските извори, известување од судски постапки и право на одговор и исправки

Дванаесето, регулатива за медиумско покривање на изборните кампањи

**Извори на медиумското право**

Како што е познато секоја правна дисциплина има свои извори, па така и медиумското право. Под поимот извор на медиумското право се подразбира севкупноста на правните правила кои го уредуваат предметот на оваа правна дисциплина и кои се санкционирани со организирана принуда на државата (правни норми и правила). Всушност, тие претставуваат начини на остварување на правилата што се применуваат во уредувањето на односите во медиумската сфера.

Проблематиката на изворите на медиумското право е тесно поврзана со предметот и содржината на медиумското право, бидејќи за објаснување на таа содржина и за определување на основната ориентација во натамошниот развој на медиумското право неопходно е да се сознае со кои прописи се уредуваат функционирањето на медиумите и каков е нивниот карактер и значење. Поради тоа, за поуспешно согледување на проблематиката на медиумското право неопходно е сознавање на основните поими на изворите на медиумското право, кои се тие извори, нивните видови, значење и нивниот меѓусебен однос.

Постојат повеќе видови на класификација на изворите на медиумското право но за нас најприфатлива е поделбата на *домашни (национални) и меѓународни* извори на медиумското право.

*Домашните (националните) извори* на медиумското право, зависно од тоа кои органи ги донесуваат актите кои се извори на правото, можеме да ги поделиме на *хетерономни и автономни извори (саморегулација)*. Хетерономните извори ги опфаќаат актите што ги донесуваат државните органи и институции (власта), додека автономните ги донесуваат органите на работодавците, а тоа се општите акти на работодавците (статут, правилници). Изворите на медиумското право од национално потекло може да се поделат на: нормативни акти на државата, кој ги опфаќа Уставот, законите , подзаконските акти и другите прописи, како и општите акти на правните субјекти (статут, правилници и др.).

**Меѓународни извори**

Меѓународни извори на медиумското право се актите на меѓународните организации како што се ООН, Советот на Европа, и др. Најважни меѓународно правни акти на ООН кои се извор на медиумското право се: *Универзалната декларација за правата на човекот (1948); Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (1966); Разолуцијата 59(1) за Слободата на информирање.......*

Најважни извори на медиумското право на Советот на Европа се: *Европската конвенција за човекови права (1950); Европска повелба за регионалните или малцинските јазици (1992); Рамковна конвенција за заштита на националните малцинства (1995);*

***МЕЃУНАРОДНИ АКТИ НА ООН***

**Универзалната декларација за правата на човекот (1948)**

Во чл.18 од Универзалната декларација е утврдено дека *“секој има право на слобода на мислата, совеста и вероисповеста.....“*

Во чл. 19 стои ”*секој има право на слобода на мислење и изразување, што го опфаќа и правото да не биде вознемируван за своето мислење, како и правото да бара, прима и шири информации и идеи преку различни видови медиуми (радио, телевизија, печат) и без оглед на границите“.*

. Горенаведените слободи и права се имплементирани во Уставите и законите речиси во сите држави членки на ООН, меѓу кои и Република Македонија.

**Резолуција 59 (1)** од 1946 *Слобода на информирањето е основно човеково право и основа за сите слободи за кои се бори Организацијата на Обединети нации*” *(ООН) (1946)*

**Меѓународниот пакт за граѓански и политички парава (1966)**

Според чл.18 од Пактот *"Секој има право на слобода на мислење, совест и вероисповест"*, при што "*слободата на манифестирање на своето убедување може да биде подложно на ограничување кои се предвиден и со закон, заради*

*заштита на јавната безбедност, поредокот, здравјето или моралот, или основните слободи и права на другите лица."* Во членот 19 став стои дека "Секој има право на слобода на изразување; Ова право подразбира слобода да се бараат, примаат и шират известувања и идеи од секој вид, без оглед на границите, било усно, писмено, по пат на печат или во уметничка форма, или со кое било друго средство по свој избор". Исто така, и слободата на изразување може да биде подложно на одредени ограничувања кои мора да бидат изрично утврдени со закон и кои се нужни за:

1) почитување на правата и угледот на другите лица и
2) за заштита на националната безбедност, или јавниот поредок, или јавното здравје и морал

***АКТИ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА***

**Европската конвенција за човекови права**

Европската конвенција за човекови права е потпишана на 4 ноември 1950 година во Рим, а стапи во сила 1953 година. Во последните шеесетина години таа континуирано се развиваше преку интерпретација и толкување на нејзините одредби од страна на Европскиот суд за човекови права и Европската комисија за човекови права. Во развојот на Конвенцијата свој придонес секако има и Советот на Европа кој има усвоено неколку дополнителни протоколи со кои е проширен опфатот на Конвенцијата, низа резолуции, декларации и препораки со кои на државите членки им се предлагаат стандарди за однесување , како и санкции за државите кои не ги почитуваат одредбите на Конвенцијата.

Европската конвенција за човекови права, речиси од сите држави потписнички, меѓу кои и Република Македонија, ја имаат имплементирано во своето национално законодавство, така да со чинот на ратификација таа станува составен дел на правниот систем и обврзувачки правен инструмент за судовите и за органите на власта. Ова подразбира дека сите субјекти кои сакаат да покренат судски спор во својата држава за остварување на човековите слободи и права

можат да се повикаат на одредбите на конвенцијата и на одлуките на Европскиот суд за човекови права.

Во чл. 10 став 1 стои дека “Секој човек има право на слобода на изразување". Содржината на ставот 1 на членот 10 упатува на тоа дека слободата на изразување опфаќа три компоненти:

- Слобододa на мислење
- Слободата на примање на информации и
- Слобода на пренесување информации или идеи,

Сите три горенаведени аспекти на слободи на изразување треба да се остваруваат без мешање на јавната власт. Секој обид за ограничување на оваа слобода се смета како директна закана на демократијата и сите случаи на дискриминација на луѓето поради тоа што имаат поинакво мислење од другите се третираат како грубо кршење на Европската конвенција.

Остварувањето на овие слободи...може да бидат ограничени со закон ...ако станува збор за зачувување на безбедноста, јавниот поредок, спречување нереди и злосторства, заштита на здравјето, зачувување на моралот, за угледот или правата на другиот, за спречување на ширење на доверливи информации или зачувување на авторитетот и непристрасноста при донесувањето судски одлуки.“

Чл. 10 не го штити само изразувањето преку текст или говор, туку се однесува и на слики, идеи, филмови, радиодифузијата, цртежи (карикатури), и др.

**Европска повелба за регионалните или малцинските јазици (1992)**

Важен документ на Советот на Европа од аспект на правата на малцинствата е Европската повелба за регионалните или малцинските јазици од 1992 година. Неговата цел е од една страна да се зачуваат и разичната разновидност, културните традиции и наследството во Европа, а од друга страна да се обезбеди почитување на неотуѓивото и општо признато право на користење на регионалните или малцинските јазици во приватниот и јавниот живот. За да се

промовира употребата на регионалните и малцинските јазици, секоја држава треба да преземе повеќе конкретни мерки во различни области, вклучувајќи ги и медиумите. Во членот 11 на Повелбата се нагласува дека промовирањето на регионалните и малцинските јазици преку медиумите е од витално значење за нивното зачувување. Во истиот член (11) се потенцира дека “Страните се обврзуваат, на корисниците на регионалните и малцинските јазици .... да обезбедат: 1. Отварање на барем на една радио станица и на еден ТВ канал на регионални или малцински јазици“ ..... и да поттикнуваат или олеснат отварањето на печатен медиум и др. Примената на Повелбата ја следи комитет на експерти на Советот на Европа, кој периодично ги анализира извештаите на земјите-потписнички.

**Рамковна конвенција за заштита на националните малцинства (1995)**

Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, од 1995 година, посебно внимание им посветува на медиумските прашања. Нејзините одредби предвидуваат посебни мерки за остварување на две цели: на малцинствата да им се овозможи пристап до медиумите и да се промовира толеранција и културен плурализам во медиумите. Во тие мерки спаѓаат, на пример: финансиска поддршка на радиодифузерите кои емитуваат програми на јазиците на малцинствата; финсисрање на програмите кои обработуваат теми поврзани со малцинствата или со дијалогот меѓу различните етнички групи и поттикнување на уредниците и радиодифузерите да им овозможат пристап на националните малцинства во нивните програми. Примената на оваа конвенција ја следи советодавен комитет составен од осумнаесет независни експерти, кој редовно објавува мислења во кои им посветува посебно внимание на правата на малцинствата во медиумската област на државите-членки на Советот на Европа..

Во чл. 9 став 1 од Конвенцијата стои дека “*Страните се обврзуваат да признаат дека правото на слобода на изразување на секој припадник на националното малцинство ја вклучува слободата на мислење и примање и давање на информации или идеи на малцинскиот јазик.“*

Во став 3 се вели дека *“Страните нема да го попречуваат ...да формираат претпријатија за радио, телевизија и филм".*

### *ИЗВОРИ НА МЕДИУМСКОТО ПРАВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

Најважни национални извори на медиумското право се: *Уставот на Република Македонија, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2013 и сите новели понатаму), Закон за медиуми (2013), Закон за слободен пристап до информациите од јавен карактер (2006*), *актите на асоцијациите на новинарите (Статут, Правилник).*

**Уставот на РМ**. Уставот на Република Македонија како највисок општ правен акт во државата ги гарантира најважните слободи и права на граѓаните кои се поврзани со функционирањето на медиумите, слободата на изразување, слободата на говорот, слободниот пристап до информациите и др.

Во Преамбулата на Уставот со точката 1 на Амандманот IV како една од најважните цели на државата е во Република Македонија да се гарантираат човековите права, граѓанските слободи и националната рамноправност. Понатаму, во членот 16 се наброени сите гарантирани слободи и права кои всушност претставуваат една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија утврдени со чл. 8 алинија 1. Исто така, во чл. 16 од Уставот се наброени сите гаранирани слободи и права без кои неможе да се замисли функционирањето на едно демократско општество, особено слободата на медиумите и слободата на изразување. Со него е утврдено дека *“Се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата.*

*Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободно основање на институции за јавно информирање.*

*Се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на на информации.*

*Се гарантира правото на одговор во средствата за јавно информирање*

*Се гарантира правото на исправка во средствата за јавно информирање.*

*Се гарантира правото на заштита на изворот на информацијата во средствата за јавно информирање*

*Цензурата е забранета“.*

**Законот за медиуми**

Со овој закон се пропишуваат основните начела и услови што треба да бидат исполнети од страна на издавачите на медиуми утврдени со законот при вршење на дејноста

**Значење на одделни изрази (чл. 2)**

**1. "Медиуми"** се средства за јавно информирање, односно каков било вид на комуникација како весници, магазини, програми на радиото и телевизијата, електронските публикации, телетекст и други средства за дневно или периодично објавување на уреднички обликувани содржини во пишана форма, звук или слика, со цел да се информираат и задоволат културните, образовните и другите потреби на пошироката јавност. Медиуми не се билтени, каталози и други форми на публикации, независно од средството за објавување, наменети исклучиво за огласување, образовниот систем или за деловна кореcподенција, за работата на трговските друштва, установите, здруженијата, политичките партии, државните и судските органи, јавните претпријатија, правни лица со јавни овластувања и верските организации. За медиуми не се сметаат и весниците и билтените на образовните институции, "Службен весник на Република Македонија, публикациите на единиците на локална самоуправа, плакатите, летоците, проспектите и транспарентите"

**2. "Содржини на медиуми"** се сите видови на информации (вести, мислења, известувања, извештаи и други информации), како и авторски дела кои се објавуваат, односно емитуваат преку медиум;

**3. "Електронски публикации"** се електронски верзии на весници/магазини кои преку интернет веб страници се достапни за пошироката јавност, без оглед на нивниот обем;

4. **"Издавач на медиум"** е физичко или правно лице кое врши дејност на издавање на печатен медиум, електронски публикации или емитување на радио и телевизиски програми (радиодифузер); Издавачот на медиум е самостоен во уредничката политика, односно во спроведувањто на програмскиот концепт на медиумот и истиот е одговорен за своето работење согласно законот.

**5. "Новинар"** е лице кое врши активности на прибирање, анализа, обработка, обликување и/или класифицирање на информации кои се објавуваат во медиум и е вработен кај издавач на медиум или има склучен договор со истиот или е лице кое врши новинарска дејност како самостојно занимање (слободен новинар) и

**6. "Надлежно регулаторно тело** е Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги."

**Посебни забрани (чл. 4)**

Објавувањето, односно емитувањето на одредени содржини во медиумите може да бидат голема закана и опасност за поредокот и стабилноста на една држава. Токму, затоа Законот за медиуми забранува објавување, односно емитување на содржини на медиумите со кои се загрозува националната безбедност, се поттикнува насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, се повикува на воена агресија или на вооружен конфликт, се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност. Горенаведените забрани во теоријата и практиката не преставуваат, односно не се класифицираат во дејствија со кои се ограничува слободата на медиуми.

### Основни услови за издавање на медиум

Со Законот за медиуми утврдени се основните услови кои треба да бидат исполнети за да едно правно или физичко лице во Република Македонија да може да врши дејност на издавање на печатен медиум или на издавање на електронска публикација (чл. 5). Така, еден од основните услови, е правното или физичкото лице треба да биде впишано во Трговскиот регистер или во регистерот на други правни лица што ги води Централниот регистар на Република Македонија и има седиште и уредништво во Република Македонија.

Правно или физичко лице, исто така, може да врши дејност на емитување на радио или телевизиски програми доколку дејноста ја впише во Централниот регистар на Република Македонија, има седиште и уредништво во Република Македонија и има дозвола за радио и телевизиско емитување. Регистри на издавачи на медиуми води надлежното регулаторно тело и ги објавува на својата веб страница. Регистарот на издавачи на печатен медиум и регистарот на издавачи на електронски публикации содржи податоци за:

- фирмата и седиштето, односно назив и адреса на издавачот на печатен медиум, односно на издавачот на електронски публикации,
- име и презиме на одговорното лице на издавачот на печатен медиум, односно на издавачот на електронски публикации,
- името на весникот, магазинот, односно името на електронската публикација
- веб страницата на електронската публикација

### Заштита на малолетни лица (чл. 6)

Една од основните цели на правната регулатива на медиумите (без разлика дали е печатен или електронски) секако е обезбедување на *заштита на малолетните лица.* Доколку се издава печатен медиум со порнографска содржина, тој мора да поседува видливо предупредување дека содржи порнографија, како и предупредување дека неговата дистрибуција, односно

продажба е забранета за малолетни лица и да биде спакуван во проѕирна најлонска фолија.

Исто така, и издавач на електронска публикација е должен да преземе соодветни мерки со помош на технички средства или со адекватна заштита за ограничување да оневозможи малолетните лица да имаат пристап до електронски публикации со порнографска содржина.

Заштитата на малолетните лица при емитување на радио или телевизиски програми се обезбедува на начин утврден со Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Обврска за објава на одредени информации (чл. 7)**

На барање на надлежен државен орган или тело, издавачите на медиуми се должни, без надоместок, да објавуваат соопштенија, како и службени изјави на надлежните државни органи или тела во случај на воена состојба или непосредно загрозување на независноста и суверинитетот на Република Македонија, во случај на големи природни непогоди, техничко-технолошки и еколошки несреќи и епидемии кога постои опасност за животот и здравјето на луѓето и сигурноста на земјата. Барањето од страна на надлежните државни органи се поднесува во писмена форма и тоа мора да содржи податоци кои ја докажуваат неговата автентичност и правна основаност.

**Одговорен уредник (чл. 8)**

Секој издавач на медиум мора да има одговорен уредник кој е новинар и кој го именува и разрешува издавачот на медиум. Пред именувањето или разрешувањето на одговорниот уредник, издавачот на медиумот е должен да побара мислење од уредништвото, доколку со актот на издавачот на медиумот поинаку не  е определено. Уредништвото е должно мислењето да го достави во рок од пет дена на приемот на барањето.

Одговорниот уредник ја води реализацијата на содржините што се објавуваат, односно емитуваат и одговара за секоја објавена информација во медиумот согласно со закон.

Доколку издавач на медиум има повеќе одговорни уредници секој од нив одговара за содржината на делот на медиумската содржина за кој е одговорен.

Македонската радио-телевизија за секој програмски сервис кој го емитува треба да има одговорен уредник.

За одговорен уредник не може да биде именувано лице кое во рамките на вршењето на својата функција ужива имунитет од кривична одговорност.

**Уредништво (чл. 9)**

Уредништвото во издавач на медиум се состои од одговорен уредник и уредници, а може да вклучува и други програмски соработници доколку со актот на издавачот тоа е утврдено. Доколку издавачот на медиумот нема уредници, тогаш одговорниот уредник самиот си ја врши функцијата на уредништво

**Акт на издавач на медиум (чл. 10)**

Издавачот на медиум, кој е правно лице е должен во рок од 90 дена од денот на започнувањето со работа да донесе општ акт со кој ќе се уреди:

- составот на уредништвото,
- правата, обврските и одговорностите на одговорниот уредник, уредниците и новинарите,
- меѓусебните права и обврски меѓу издавачот на медиум, одговорниот уредник, уредниците и новинарите,
- начинот и постапката за именување и разрешување на одговорниот уредник и други прашања поврзани со работата на медиумот.

Издавачот на медиумот е должен општиот акт на издавачот да го направи јавно достапен, како и да ги почитува професионалните правила на новинарската професија утврдени од професионалните организации на новинари.

**Право на новинарот на свое мислење и став и да одбие извршување работа**

Новинарот како вработен кај одреден работодавец (издавач на медиум) честопати може да се најде во ситуација да му се врши одреден притисок во однос на извршувањето на неговите професионални обврски. Со одредбите на Законот за медиуми, во извршувањето на своите професионални обврски новинарот има право на свое мислење и став, како и да одбие да изврши налог, односно работна задача, да одбие да изготви, напише или учествува во составување на прилог чија содржина е против професионалните правила и стандарди на новинарската професија, и притоа на одговорниот уредник треба да му доставува писмена изјава.

Исто така, на новинарот заради изнесување на свое мислење и став, не може да му се раскине договорот за вработување, да му се намали платата или промени позицијата во уредништвото или редакцијата, односно да му се намали или прекине исплатата на договорениот надоместок или нејзин дел, како и да му се намалат или укинат и некои други права утврдени со Законот за работни односи (годишен одмор, регрес за годишен одмор, прекувремена работа, додаток за ноќна работа, државен празник, едукација и др.).

Во случај на промена на содржината чија смисла е во значителна мера променета во постапката на уредничка обработка не смее да се објавува под името на авторот без негова согласност. Доколку содржината на прилогот е објавен без знаење на авторот, тогаш за тоа одговара одговорниот уредник.

**Слобода на изразување**

Слободата на изразувањето е еден од основните столбови на демократијата во современото општество. Нема демократија без слобода на

изразување, ниту слобода на изразување без демократија. Слободата на изразување и демократијата се категории кои се тесно поврзани и неможат една без друга. Заедно со другите права и слободи, таа го заштитува правото на поединецот да го изразуваат своето мислење, но и правото да основаат групи и здруженија кои ги поттикнуваат и шират своите колективни мислења и ставови за општествената реалност. Слободата на изразување е тесно поврзано се борбата за човековите слободи и права. Таа заштитува и зајакнува голем број на општествени вредности, а особено: вистинитоста, правдата, човечкото достоинство, демократијата, развојот. Слободата на изразување е универзален стремеж на човештвото од античката доба до денес. Неа ја ограничува цензурата, која исто така, е универзална недемократска појава, и ја имало во разни форми и во сите општествени системи.

**Што претставува слободата на изразување?**

Слободата на изразувањето е стемеж на човекот од античките времиња до денешен ден. Историски гледано слободата на изразување се развивала како перманентна борба на човекот со власта и другите центри на моќ кои ја забранувале или ограничувале. Слободата на изразување е демократско право и суштински израз на демократијата. Заедно со останатите права и слободи, таа ги заштитува правото на индивидуите да го обликуваат и да го изразуваат своето мислење, но и право да основаат и здруженија кои ги поттикнуваат и шират своите колективни мислења и ставови за општествената реалност. Слободата на изразување произлегува од основното човеково природно право – *право на слобода*. Ова подразбира дека без слобода нема слободни индивидуи ни слобода на општеството. Од тоа основно право произлегуваат и други посебни права на слобода како што се слобода на духот и слобода на комуницирање со останатите луѓе. Во рамките на слободата на духот се слободата на мислата и совеста и слободата на изразување, односно слобода на мисла и совест и слобода на изразување на мислења и идеи – *слобода на информирање*. Слободата на изразување овозможува на секој поединец, па и на професионалните новинари,

право на тоа никој да неможе да го спречи (ниту државата, ниту власта, опозицијата) слободно да се изразува. Доколку со одредени постапки на поединци, групи, институции *“се доведува во прашање или ограничува, односно оневозможува изразување на мислење, објавување и дознавање на факти, податоци, настани, таму нема демкратска јавност ниту демократија.“*[1]

Да се сочува слободата на изразување не е лесно и едноставно. Таа била и ќе биде на удар на голем број на моќници (политички, економски, финансиски) кои сакаат да воспостават контрола врз работата на новинарите и медиумите. Непримерен облик на загрозување и ограничување на слободата на изразување во новинарската професија е цензурата. Вообичаено, цензурата најчесто ја спроведуваат државата, сопственикот на медиумот и уредувачкиот одбор (колегиум). Како подоблик на цензурата се јавува и автоцензурата. Слободата на изразување и цензурата се две спротивставени појави со сосема различни цели. Секогаш кога нешто јавно се кажува спротивно на конвенционалните вредности и норми, се јавуваат сили кои тоа сакаат да го контролираат и спречат.

Сепак, слободата на изразување во демократските општества неможе да биде апсолутна. Таа има граници кои генерално се движи во рамките на остварувањето на други цели од јавен интерес (национална безбедност, јавниот ред и јавниот морал) и на индивидуалните права (право на достоинство и правото на приватност). На пример што би се случило кога две индивидуи, во името на правото на слободата на изразување непримерно и неаргументирано кажуваат лаги еден за друг, односно искажуваат навредливи зборови. Или, пак, за време на изборна кампања политичките партии да лепат плакати едни врз други. Со ограничување на слободата на изразување потребно е да се овозможи остварување на другите права и слободи: слобода на движење, правото на приватност, правото на здружување и др.

Се наметнува едно круцијално прашање – до каде може да оди слободата на изразување? Слободата на изразување е тесно поврзано со остварувањето на рамнотежа меѓу остварувањето на слободата на изразувањето и заштитата на

---

[1] Војин Димитриевиќ, Милан Пауновиќ, Владимир Ѓериќ, *Људска права*, Београдски центар за људска права, Досие, Београд, 1997, стр.318-320.

другите цели од јавен интерес (националната безбедност, јавниот ред, јавниот морал) и на индивидуалните права (правото на достоинство и правото на приватност) чија задача е на судските органи.  Судските одлуки се однесуваат на правилно одмерување на оправданоста на цензурата за секој конкретен случај, што преставува основа на филозофијата за заштита на слободата на изразување изградена преку судска пракса. Жртвите на цензурата, пред се новинарите, заштитата ја бараат пред судските органи.

Кога е во прашање на јавна клевета или навреда судовите различно ги определуваат границите на дозволената критика на јавните личности. Дилемите произлегуваат од тоа какви се искажаните реченици за јавните личности? Со кои критериуми треба да се оценува клеветата? Што е навреда, а што клевета? Кое ниво е дозволено на критика на јавните личности?

Нарушувањето на приватноста на луѓето е третиот аспект за кои се донесени значен број на одлуки со различни видувања на неговото значење.

**Слобода на медиумите**

Слободата на медиумите е либерална вредност која извира од филозофијата на слободата и еднаквоста на граѓаните која е втемелена уште од времето на либерализмот. Тогаш се зборувало за слобода на печатот, бидејќи другите посовремени медиуми се појавуваат подоцна. Таа е израз на демократските стремежи на граѓаните за повисоки политички права и воспоставување на политичка контрола над политичката власт. Нема апсолутна слобода на медиумите, како што нема ни апсолутно слободна човекова активност. Слободата на печатот (медиумите) не значи апсолутна слобода на медиумите да пишуваат и објавуваат секакви информации. Ниту во најдемократските општества не е допуштено медиумите да објавуваат осетливи информации  со кои се *загрозува безбедноста на државата* или пак *детска порнографија*. Филозофијата на слободата на медиумите е во тоа да се одреди границата на таа слобода, односно да се воспостави рамнотежа меѓу слободата на медиумите и слободата на изразување. Во животот постојат ситуации кога во јавен интерес е

да се ограничи принципот на максималното зборување на вистината заради повисоки општествени интереси. Дека печатот, односно медиумот бил моќен и претставува политичка сила многу одамна го увидел и францускиот император Наполеон Бонапарта: *"Четири непријателски весници можат да бидат поопасни од стоилјадна војска"*, или *"Кога би ги пуштил уздиде на печатот, не би се одржал на власт ни четири месеци".*[2]

Според теоријата на општествена одговорност законското право на слободата на изразување не е безусловно. Таа е ограничена доколку слободата на изразување предизвикува (поттикнува) неред и рушење на уставниот поредок, клевета, се загрозуваат виталните општествени интереси. Слободата на медиумите понекогаш се нарекува *“четврта гранка на власта или четврти сталеж“*. Овој назив укажува на фактот дека медиумите се важен контролен механизам за остварување на демократијата и демократските процеси во една држава и дека поседуваат огромна општествена (политичка) моќ. Новинарите како четврти сталеж (четврта власт) со својот критички однос кон власта вршат контрола над работата на избраните и именуваните функционери, така што можат слободно да пишуваат за нивните постапки, грешки и да ја информираат јавноста.[3] Секако ова имплицира на тоа дека новинарите имаат посебна одговорност да известуваат вистинито за сите релевантни настани од јавен интерес.[4] Од новинарот не се очекува само да информира вистинито, туку и да знае да ја извлече суштината од настанот. И покрај уставното и законското уредување на слободата на печатот како голема демократска придобивка, сепак во реалноста нема апслолутно слободен медиум (печат), како што нема ни апсолутно слободен човек во ниту една сфера. Дури и во најдемократските општества во светот, каде што новинарството ужива висок степен на слобода на изразување и известување, на мислење сме дека нема апсолутна слобода на печатот, бидејќи некои информации се однесуваат на  осетливи воени, државни,

---

[2] Т. Груевски, *Историја на новинарството*, Правен факултет и НИП "Студентски збор", Скопје, 2007, стр. 114

[3] Dejl Zaket, *Novinarska etika – moralna odgovornost u medijima*, Sluzben glasnik, 2007, str.180

[4] Ибид, стр.180.

економски тајни или детска порнографија.[5] За да не се повреди слободата на печатот (медиумите) и информирањето потребно е да се направи прифатлива рамнотежа помеѓу правото на јавноста на реално информирање за настаните и другите општествени обврски и цели кои понекогаш можат да бидат во судир со желбата да се сочува неограничениот пристап до информацииите. Единствено решение за овој проблем секако е да се допушти слобода на медиумите, а да се задржи можноста за цензура на информацијата за кои се мисли дека се опасни и штетни по безбедноста на државата (општеството) како целина. Меѓутоа, може да се случи ваквата пракса да постане лош преседан, бидејќи списокот може бргу да се шири и со други “важни информации” од безбедносен или сличен карактер.

Денес нема држава која не го прокламира начелото на слобода на печатот (медиумите), но исто така нема држава која на некој друг начин не ги држи уздите на печатот (медиумите). Слободата на медиумите е битка која неможе во потполност да се добие, бидејќи додека има држава и власт, ќе има ограничување на слободата на печатот (медиумите). Апсолутна слобода на медиумите нема-има само општества со помалку или повеќе слобода на медиумите. Најголема опасност за ограничување или гушење на слободата на медиумите е власта. По дефиниција власта е моќ. Оттука, за интегрално да се свати суштината на слобода на медиумите сметаме дека е потребно теоретски да се објасни категоријата моќ. Така, познатиот германски социолог и политиколог, ***Max Weber*** (1864-1920) за моќта ја дал дефиницијата, според која моќта е *"можност да се наметне нечија волја врз однесувањето на други лица".*[6] Власта со својата политичка и институционална моќ може да влијае врз слободата и независноста на новинарите и медиумите. Таа со својата моќ има можност да донесува закони, уредби, прописи со кој може да ги ограничува или става во послушнички статус. Ако некој новинар или медиум објави вистинита информација за одредени негативни состојби и настани поврзани со работата на поединии министри или цела влада, тогаш власта нема да седи со скрстени раце. Таа по секоја цена ќе ги употреби сите расположиви инструментите да го дисциплинира новинарот и

[5] Djej Zaket, Novinarska etika, Sluzben glasnik, str.144.
[6] Џон Кенет Галбрајт, *Анатомија на моќта*, Култура, 1995, стр.16

медиумот, користејќи притоа најразлични методи. Најприменувани методи секако е вршење притисок на новинарот и медиумот, да се откажат од пишување, односно објавување на негативни информации. Голем притисок на медиумите и новинарите може да дојде од безбедносните служби, особено ако се надвор од цивилната контрола,.....преку системот на уцени, манипулации, сензационализам, демонстрација на моќ.[7]

Врз медиумите можат да се вршат притисоци во вид на зачестени контроли и надзор врз законитото финансиско работење на медиумот за да му се даде до знаење на сопственикот да внимава што објавува во нивниот медиум.

Власта не е единствен извор на опасност на слободата на медиумите. Во принцип секоја моќна институција преставува потенцијална опасност доклку со некоја информација се наруши нивниот интерес. Исто така, и богатите поединци можат да вршат контрола на медиумите и новинарите ("моќта на парите"). Ако некој многу богат поединец не сака за него да се пишува негативно за кршењето на законите или финансиските малверзации што тој ги сторил, тогаш, тој поединец со своето богатство може да го поткупи новинарот да не ги објавува таквите вести за него.

Економската моќ (моќ на парите) се огледа и преку можноста да се основа медиум кој по потреба може да се става во функција на лични и групни интереси. Исто така, оваа моќ овозможува да се монополизира медиумската сцена и се неа да се манипулира. Со помош на таквата моќ може да се влијае на власта, но и да се направи обид да се освои власта.[8] Во праксата имаме пример на политичари кои што поседувале монопол над медиумите и со нивна помош ја освојувале власта. Таков е примерот со медиумскиот магнат Силвио Берлускони и неговата партија *Forca Italia*.

Уставот на РМ, во чл. 16, на јасен и недвосмислен начин го гарантира правото на слободата на уверувањето, совеста и мислата и јавното изразување на мислата, слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање,

---

[7] Ч. Чупиќ, Медијска етика......, стр.54-57;

[8] Во РМ пример е ТВ А1 и нејзиниот сопственик Велија Рамковски, кој формира партија. Тој преку каналот на неговата телевизија вршеше пропаганда на партиските ставови со што влијаеше на јавноста и јавното мислење.

слободното основање на институции за јавно информирање, слободниот пристап до информациите, слободата на примање и пренесување на информации, право на одговор во средствата за јавно информирање, правото на исправка во средствата за јавно информирање, правото на заштита на изворот на информација и др.

Согласно **Законот за медиуми** на Република Македонија *"Се гарантира слободата на изразување и слободата на медиумите"*.[9] Според одредбите на наведениот закон слободата на медиумите е дефинирана сеопфатно и опфаќа: *слобода на изразување на мислења, независност на медиумите, слобода на прибирање, истажување, објавување, избор и пренесување на информации во насока на информирање на јавноста, плурализам и разновидност на медиумите, слобода на проток на информации и отвореност на медиумите за различни мислења, уверувања и за разновидни содржини, достапност до информациите од јавен карактер, почитување на човековата индивидуалност и приватност и достоинство, слобода за основање на правни лица за вршење на дејност за јавно информирање, печатење и дистрибуција на печатен медиум и другите медиуми од земјата и странство, производство и емитување на аудио/аудиовизуелни програми, како и други електронски медиуми, самостојност на уредникот, новинарот, авторите или креаторите на содржини или програмските соработници и другите лица, а во согласност со правилата на професијата.*

Слободата на медиумите може да биде ограничена само во согласност со Уставот на Република Македонија.

## 1. Слобода на медиуми и слобода на изразување

Слободата на медиумите и слободата на изразување претставуваат либерални вредности кои извираат од филозофијата на слободата и еднаквоста на граѓаните која втемелена уште од времето на либерализмот. Тогаш се зборувало  за слобода на печат, бидејќи другите медиуми се појавуваат подоцна.

---

[9] Види член 3 став 1 од Законот за медиуми (Сл. Весник на РМ бр. 184/13)

Тие се израз на демократските стремежи на граѓаните за повисоки политички права и воспоставување на политичка контрола над политичката власт. Нема апсолутна слобода на медиумите, како што нема ни апсолутно слободна човекова активност. Слободата на печатот (медиумите) не значи апсолутна слобода на медиумите да пишуваат и објавуваат секакви информации. Ниту во најдемократските општества не е допуштено медиумите да објавуваат осетливи информации  со кои се *загрозува безбедноста на државата* или пак *детска порнографија*. Филозофијата на слободата на медиумите е во тоа да се одреди границата на таа слобода, односно да се воспостави рамнотежа меѓу слободата на медиумите и слободата на изразување. Во животот постојат ситуации кога во јавен интерес е да се ограничи принципот на максималното зборување на вистината заради повисоки општествени интереси. Дека медиумот бил моќен и претставува политичка сила многу одамна го увидел и францускиот император Наполеон Бонапарта: *"Четири непријателски весници можат да бидат поопасни од стоилјадна војска"*, или *"Кога би ги пуштил уздиде на печатот, не би се одржал на власт ни четири месеци" (Gruevski, 114).*

Според теоријата на општествена одговорност законското право на слободата на изразување не е безусловно. Таа е ограничена доколку слободата на изразување предизвикува (поттикнува) неред и рушење на уставниот поредок, клевета, се загрозуваат виталните општествени интереси. Слободата на медиумите понекогаш се нарекува *“четврта гранка на власта или четврти сталеж“*. Овој назив укажува на фактот дека медиумите се важен контролен механизам за остварување на демократијата и демократските процеси во една држава и дека поседуваат огромна општествена (политичка) моќ. Новинарите како четврти сталеж (четврта власт) со својот критички однос кон власта вршат контрола над работата на избраните и именуваните функционери, така што можат слободно да пишуваат за нивните постапки, грешки и да ја информираат јавноста. *(Jaquette, 114).* Секако ова имплицира на тоа дека новинарите имаат посебна одговорност да известуваат вистинито за сите релевантни настани од јавен интерес *(Jaquette, 180).* Од новинарот не се очекува само да информира вистинито, туку и да знае да ја извлече суштината од настанот. И покрај уставното

и законското уредување на слободата на печатот како голема демократска придобивка, сепак во реалноста нема апсолутно слободен медиум (печат), како што нема ни апсолутно слободен човек во ниту една сфера. Дури и во најдемократските општества во светот, каде што новинарството ужива висок степен на слобода на изразување и известување, на мислење сме дека нема апсолутна слобода на печатот, бидејќи некои информации се однесуваат на осетливи воени, државни, економски тајни или детска порнографија. *(Jaquette, 144)*. За да не се повреди слободата на печатот (медиумите) и информирањето потребно е да се направи прифатлива рамнотежа помеѓу правото на јавноста на реално информирање за настаните и другите општествени обврски и цели кои понекогаш можат да бидат во судир со желбата да се сочува неограничениот пристап до информациите. Единствено решение за овој проблем секако е да се допушти слобода на медиумите, а да се задржи можноста за цензура на информацијата за кои се мисли дека се опасни и штетни по безбедноста на државата (општеството) како целина. Меѓутоа, може да се случи ваквата пракса да постане лош преседан, бидејќи списокот може бргу да се шири и со други “важни информации” од безбедносен или сличен карактер.

Денес нема држава која не го прокламира начелото на слобода на печатот (медиумите), но исто така нема држава која на некој друг начин не ги држи уздите на печатот (медиумите). Слободата на медиумите е битка која неможе во потполност да се добие, бидејќи додека има држава и власт, ќе има ограничување на слободата на печатот. Апсолутна слобода на медиумите нема-има само општества со помалку или повеќе слобода на медиумите. Најголема опасност за ограничување или гушење на слободата на медиумите е власта. По дефиниција власта е моќ. Оттука, за интегрално да се сфати суштината на слобода на медиумите сметаме дека е потребно теоретски да се објасни категоријата моќ. Така, познатиот германски социолог и политиколог, ***Max Weber*** (1864-1920) за моќта ја дал дефиницијата, според која моќта е *"можност да се наметне нечија волја врз однесувањето на други лица". (Galbraith, 16)*. Власта со својата политичка и институционална моќ може да влијае врз слободата и независноста на новинарите и медиумите. Таа со својата моќ има можност да донесува закони,

уредби, прописи со кој може да ги ограничува или става во послушнички статус. Ако некој новинар или медиум објави вистинита информација за одредени негативни состојби и настани поврзани со работата на поедини министри или цела влада, тогаш власта нема да седи со скрстени раце. Таа по секоја цена ќе ги употреби сите расположиви инструментите да го дисциплинира новинарот и медиумот, користејќи притоа најразлични методи. Најприменувани методи секако е вршење притисок на новинарот и медиумот, да се откажат од пишување, односно објавување на негативни информации. Голем притисок на медиумите и новинарите може да дојде од безбедносните служби, особено ако се надвор од цивилната контрола,.....преку системот на уцени, манипулации, сензационализам, демонстрација на моќ *(Cupic, 54-57).*

Економската моќ (моќ на парите) се огледа и преку можноста да се основа медиум кој по потреба може да се става во функција на лични и групни интереси. Исто така, оваа моќ овозможува да се монополизира медиумската сцена и се неа да се манипулира. Со помош на таквата моќ може да се влијае на власта, но и да се направи обид да се освои власта.[10] Во праксата имаме пример на политичари кои што поседувале монопол над медиумите и со нивна помош ја освојувале власта. Таков е примерот со медиумскиот магнат Силвио Берлускони и неговата партија *Forca Italia*.

Штетата од ограничувањето на слободата на медиумите е голема. Тој нанесува голема штета: ја загрозува демократијата, ја намалува општествената контрола врз владината политика, цензура, меѓународна изолација....... и др.

**Слободата на изразување**

Слободата на изразувањето е стемеж на човекот од античките времиња до денешен ден. Историски гледано слободата на изразување се развивала како перманентна борба на човекот со власта и другите центри на моќ кои ја забранувале или ограничувале. Политичките слободи и права го изразуваат

[10] Во РМ добар пример е А1 ТВ и нејзиниот сопственик Велија Рамковски, кој формира партија. Тој преку каналот на неговата телевизија вршеше пропаганда на партиските ставови со што влијаеше на јавноста и јавното мислење.

политичкиот субјктивитет на граѓанинот и му овозможуваат да учествува во политичкиот живот на заедницата (државата). Слободата на изразување е демократско право и суштински израз на демократијата. Оттаму, ова право е едно од централните права од чие постоење или непостоење во голема мера зависи остварувањето на другите политички права, односно тоа е предуслов за уживање на други права и слободи загарантирани со Европската конвенција за човекови права. Слободата на изразување е уредено во членот 10 став 1 на ЕКЧП, кое создавачите на овој член за модел го имале членот 19 од Универзалната декларација за човекови права (1948), Првиот амандман на Уставот на САД, членот 11 од Француската декларација за правата на човекот и граѓанинот и др. Заедно со останатите права и слободи, таа ги заштитува правото на индивидуите да го обликуваат и да го изразуваат своето мислење, но и право да основаат и здруженија кои ги поттикнуваат и шират своите колективни мислења и ставови за општествената реалност. Слободата на изразување произлегува од основното човеково природно право – *право на слобода*. Ова подразбира дека без слобода нема слободни индивидуи ни слобода на општеството. Од тоа основно право произлегуваат и други посебни права на слобода како што се слобода на духот и слобода на комуницирање со останатите луѓе. Во рамките на слободата на духот се слободата на мислата и совеста и слободата на изразување, односно слобода на мисла и совест и слобода на изразување на мислења и идеи – *слобода на информирање*.

Една анализа направена на 142 светски устави покажува дека 124 од нив или 87,3% содржат гаранција на слободата на изразување. Наспроти тоа, само 66 устави или 46,5% забрануваат мачење или сурово, нечовечно или понижувачко постапување. *(Kunczik&Cipfel,1998).*

Слободата на изразување овозможува на секој поединец, па и на професионалните новинари, право на тоа да никој неможе да го спречи (ниту државата, ниту власта, опозицијата) слободно да се изразува. Доколку со одредени постапки на поединци, групи, институции *“се доведува во прашање или ограничува, односно оневозможува изразување на мислење, објавување и дознавање на факти, податоци, настани, таму нема демкратска јавност ниту*

*демократија." (Dimitrievic,Paunovic, Geric, 318-320).* Со чл. 10 на ЕКЧП заштитата на слободата на изразување се однесува и на информациите и ставовите изразени (искажани) од страна на една мала група или на едно лице, дури и кога таквото мислење е крајно неприфатливо за мнозинството. Во таа насока, интересно мислење има кажано Џон Стјуарт Мил, кој отфрлајќи ја тиранијата на мнозинството вели: *"ако целото човештво минус еден човек имаше исто мислење, човештвото повеќе не би било оправдано кога би го замолчувало тоа лице, за разлика од него, тој ако би имал моќ, би бил оправдан за замолчување на човештвото." (J. S. Mill).*

Да се сочува слободата на изразување не е лесно и едноставно. Таа била и ќе биде на удар на голем број на моќници (политички, економски, финансиски) кои сакаат да воспостават контрола врз работата на новинарите и медиумите. Непримерен облик на загрозување и ограничување на слободата на изразување во новинарската професија е <u>цензурата</u>. Вообичаено, цензурата најчесто ја спроведуваат државата, сопственикот на медиумот и уредувачкиот одбор (колегиум). Како подоблик на цензурата се јавува и а<u>втоцензурата</u>. Слободата на изразување и цензурата се две спротивставени појави со сосема различни цели.

Сепак, слободата на изразување во демократските општества неможе да биде апсолутна. На пример што би се случило кога две индивидуи, во името на правото на слободата на изразување непримерно и неаргументирано кажуваат лаги еден за друг, односно искажуваат навредливи зборови. Или, пак, за време на изборна кампања политичките партии да лепат плакати едни врз други. Со ограничување на слободата на изразување потребно е да се овозможи остварување на другите права и слободи: слобода на движење, правото на приватност, правото на здружување и др.

## 2. *Слободата на медиумите и слобода на изразување во меѓународното право*

Слободата на медиумите и слободата на изразување се загарантирани со повеќе инструменти на меѓународното право: Универзалната декларација за човекови права, Меѓународната пакт за граѓански и политички права,

Африканската повелба за човекови права, Американската конвенција за човекови права и Европската конвенција за човекови права. Така, слободата на медиумите и слободата на изразување е уредено со Универзалната декларација за правата на човекот, Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, и др.

Во *Универзалната декларација за правата на човекот на ООН* (1948) стои дека "Сите човечки суштества се раѓаат слободни и еднакви во достоинство и правата" (чл. 1) и дека сите права и слободи прогласени во оваа Декларација му припаѓаат на секое лице без разлика на расата, бојата на кожата, полот, јазикот, вероисповеста, политичкото или друго мислење, национално и општественото потекло, имотната состојба, раѓањето или било кои други услови" (чл. 2). Во членот 18 од Декларацијата стои дека" "Секој има право на слобода на мислата, совеста и вероисповеста", додека во чл. 19 од истата стои дека "Секој има право на слобода на мислење и изразување."

Во членот 19 од *Меѓународниот пакт за граѓански и политички права на ООН* (1966) се гарантира слобода на изразување, но содржи и нејзини ограничувања, кои мора да бидат изречно определени со закон и неопходни за почитување на правата и угледот на другите, или за заштита на државната безбедност, јавниот ред и мир, јавното здравје или морал. Членот 20 од Пактот го редуцира правото на слобода на изразување, односно предвидува законска забрана на пропагирање на војна или повик на национална, расна или верска омраза што преставува поттикнување на дискриминација, непријателство или насилство.

Во *Африканската повелба за правата на човекот и народите* (1981) е регулирано дека државите членки на Организацијата на африканското единство се должни да ги гарантираат сите права и слободи утврдени со Повелбата. Така, во член 9 е утврдено дека *"секој поединец има право да прима информации, односно во рамките на законот, да го изразува и шири своето мислење"*.

Во *Европската конвенција за човекови права (1950) на Советот на Европа* што се однесува на слободата на изразување стои дека *“секој има право на слобода на изразување. Ова право ја вклучува слободата на сопствено мислење*

*и примање и пренесување на информации или идеи без било какво мешање на јавната власт........*[11] *Остварувањето на овие слободи може да бидат ограничени, во интерес на националната безбедност, територијалниот интегритет или јавната безбедност, за заштита од немири или кривично дело, на здравјето или моралот, угледот или правата на другите, за заштита од откривање на доверливи информации или за одржување на угледот и непристрасноста на правосудството*.[12]

### *2.1. Национално законодавство*

Уставот на Република Македонија во Глава II под наслов Основни слободи и права на човекот и граѓанинот, во дел 1 се содржани членовите од 9 до 29, кои се однесуваат на граѓанските и политичките слободи и права. Во членот 16 стои дека *"се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата.......односно цензурата е забранета*".

Во Законот за медиуми[13] стои дека *"се гарантира слободата на изразување и слободата на медиумите".* Слободата на медиумите особено опфаќа: слобода на изразување на мислења, независност на медиумите, плурализам и разновидност на медиумите, слобода на проток на информации и отвореност на медиумите за различни мислења, достапност на информациите од јавен карактер, ......самостојност на уредникот, новинарот, авторите ...во согласност со правилата на професијата.

Во ставот 3 од истиот член стои дека *"слободата на медиумите може да биде ограничена само со Уставот на Република Македонија"*

### Меѓународна контрола на слободата на медиумите

Никогаш не можеме да кажеме дека слободата на медиумите е процес кој што е завршен. Тоа е процес кој постојано се развива и усовршува. Овој процес не е завршен дури и во државите кои се сметаат за најдемократски. Секогаш пред

[11] Член 10 став 1 од Конвенција за заштита на човековите права, Совет на Европа, 1950,
[12] Член 10 став 2 од Конвенција за заштита на човековите права, Совет на Европа, 1950, .
[13] Член 3 став 1.

слободата на медиумите се наметнува одредена моќ која што сака да ја ограничи. Слободата на медиумите е вечен процес и вечна борба помеѓу слободата, демократијата и власта. Насекаде во светот се развива слободата на печатот (медиумите), но во многу земји (арапските, Авганистан, Северна Кореја, Кина, Куба, многу од новонастанатите држави од поранешниот СССР), таа сеуште се развива.

Денес на глобално ниво постојат повеќе меѓународни организации и институции чија основна мисија е борбата за подобрување на слободата на медиумите и слободата на изразување во светот. Во 1951 година основан е ***Меѓународен институт за печат*** со седиште во Цирих, а постојат и други меѓународни НВО, како на пример ***Репортери без граници*** и ***Куќа на слободата*** *(Freedom Haus)*. Исто така, и во рамките на Универзитетот во Мисури, САД, при факултетот за новинарство формиран е ***Центар за слобода на информирањето*** кој разви мерила и критериуми за одредување на слободата на печатот во државите, Индекс на независноста на печатот и критичката способност (PICA-Press Indepedence and Critical Ability Index), кој се темели на 23 критериуми:

1. Законска контрола врз печатот, при што се исклучуваат законите за клевета и јавна навреда (но се исклучуваат законите што ги регулираат официјалната цензура, непочитувањето, принудните корекции и повлекувањето, суспендирањето, приватноста, безбедноста, поттикнувањето кон бунт, расправии итн);
2. Вонредна и дополнителна законска контрола (закани, насилство, затварање, конфискација итн);
3. Закони за клевета;
4. Организирано саморегулирање (постоење на совети за печат, судови на честа);
5. Новинарски и уреднички персонал (за сите медиуми), во врска со кој, владата донесува одлуки за дозволи, сертификати или именувања;
6. Фаворизирање (на новинари) при достап и објавување на вести од владини извори;

7. Колку на медиумите  им се дозволува да ги користат сервисите на странските новински агенции;
8. Контрола на владата врз домашните национални агенции за вести;
9. Печатени медиуми за кои владата издава лиценци;
10. Контрола на владата врз циркулирањето и дистрибуцијата, со исклучок на поштенските услуги;
11. Степен на критичност на печатот кон локалната и регионалната власт и нејзините преставници;
12. Степен на критичност на печатот кон националната влада и нејзините преставници;
13. Државна или државно-партиска сопственост на медиумите (вклучувајќи ги радиото, телевизијата и домашните новински агенции);
14. Забрана на публикации на опозиционите политички партии;
15. Радиодифузни организации или печатени медиуми, сопственост на мрежи и синџири (концентрирање на сопственост);
16. Контрола на државата врз печатарската хартија;
17. Контрола на државата врз размената со странство и врз купувањето опрема;
18. Државни дотации и/или поткуп на печатот и новинарите;
19. Државни заеми на медиумите;
20. Зависност на медиумите од државното рекламирање;
21. Даночни обврски на печатот (повисоки или пониски);
22. Притисок на професионалните здруженија и синдикати (за влијание врз уредувачката политика, за прекинување на публикации;
23. Бројот на маргинални (економски слаби) печатени медиуми;

Информацијата и слободата на изразување се основа на демократијата. Без слободна размена на идеи, граѓаните не можат успешно да ја остварат задачата на демократско самоуправување. Ако активностите на оние што одлучуваат и управуваат со општеството не се транспарентни, граѓаните не можат да учествуваат во општествениот живот. Практиката покажува дека повеќето

влади сакаат своите активности да ги водат што е можно подалеку од очите на јавноста. Тие многу често имаат и причина за тоа, како на пример националната безбедност, борба против организираниот криминал и слично. Но, сепак, за нив практиката во државите, но и на Европскиот суд за човекови права покажува дека тие најчесто се злоупотребуваат.

Поради ова, меѓународната невладина организација **Article 19** воспостави меѓународни принципи познати како *Јавноста има право да знае*.[14] Овие принципи ги воспоставуваат стандардите на националните и меѓународните системи во однос на правото на слобода на информирање.

Станува збор за девет принципи.

***Принципот 1*** гласи "максимална отвореност". Главната идеја на овој принцип е дека слободата на информирање да биде гарантирано со Устав и закон. Ова подразбира дека јавните органи се обврзани да објавуваат информации и секој граѓанин има право да добива информации. Кога власта сака да го ограничи ова право таа мора да нагласи кои се тие информации.

***Принципот 2*** се осврнува на обврската на јавните органи кои категории на информации да ги објават, особено:

***Принципот 3*** кои гласи "промовирање на отворена власт". Тоа значи дека со закон треба да се обезбеди јавните органи да обезбедат обука на своите вработени во однос на слободата на информирање, важноста на слободата на информирање, процедурални механизми за пристап до информации, заштита од зоупотреба и слично.

***Принципот 4*** се осврнува на исклучоците врз чија основа може да се ограничи правото на пристап до информација.

***Принципот 5*** гласи "постапки кои го олеснуваат пристапот". Според овој принцип јавните органи треба да воспостават отворени, пристапни интерни системи за да го обезбедат исполнувањето на правото на јавноста, да добива информации.

---

[14] The Publics Right to Know, *Principles on Freedom of Information Legislation: Article 19*, London

Во ***Принципот 6***, се однесува на можните трошоци за добивање на некоја информација, и тој препорачува надоместоците не треба да бидат многу високи, бидејќи тоа може да биде дестимулативно за барање на информациии.

***Принципот 7*** бара состаноците на јавните органи, како на пример избраните органи да битат отворени. Овој Принцип предвидува и одржување на затворени состаноци, но само во согласност со воспоставени процедури и во случаи кога постојат соодветни причини за затвореност.

***Принципот 8*** или "отвореност или предност". Предвидува промена или укинување на законите кои не се конзистентни со принципот на максимална отвореност.

***Принципот 9*** предвидува заштита на оние кои оддаваат информации за лошо работење, односно вршење на кривично дело, невладеење на правото, корупција, злоупотреба, или нечесност, или сериозни грешки во административното работење на јавниот орган

Прашањата поврзани со слободата на изразувањето, независноста и автономноста на медиумите, стандардите и заштитата на професионалните стандарди на новинарската професија, балансирањето на слободата на изразувањето и другите индивидуални права се содржани во голем број на документи на Комитетот на министри и на Парламентарното собрание на Советот на Европа. Духот на одредбите од членот 10 на Европската конвенција за човекови права е содржана во сите документи на Советот на Европа и тие се основа при одлучувањето на Европскиот суд за човекови права во Стразбур.

Како позначајни декларации и препораки со кои се гарантира слободата на изразување се: Декларацијата за слободата на изразувањето и информирањето на Комитетот на министри од 29 април 1982 година, препораките на Парламентарното собрание 1506 (2001) за слободата на изразувањето и информирањето во медиумите и 1589 (2003) за слободата на изразувањето во медиумите, декларациите на Комитетот на министри за слободата на комуницирање преку интернет и за политичка дебата (двете се усвоени на 12 февруари 2004 година), и препораките на Комитетот на министри CM/Rec (2007)11

за промовирање на слободата на изразувањето и информирањето во новите информациски и комуникациски технологии CM/Rec (2008)6 за мерките за промовирање на почитувањето на слободата на изразувањето и информирањето во однос на интернет-филтрите. Комитетот на министри на Советот на Европа во јануари 2010 година усвои нова Декларација за мерките за промовирање на почитувањето на членот 10 на Европската конвенција за човекови права. Во неа се нагласува дека слободата на изразувањето и информирањето, како и слободата на медиумите престставуваат основата на вистинската демократија и дека нивното непочитување ја поткопува основата на транспарентноста и отчетноста и владеењето на правото во една држава. За непречено остварување на слободата на информирањето, Советот на Европа има усвоено и други правни инструменти, и тоа: Препораката R (81)19 за пристап до информации што ги поседуваат јавните власти, Препораката R (2002)2 за пристапот до официјалните документи, Декларацијата за обезбедување информации во врска со кривични постапки од 2003 година и Препораката R (2003)13 за обезбедување информации преку медиумите во врска со кривични постапки. Во оваа група спаѓаат и актите кои се однесуваат на навредата и клеветата преку медиумите: Препораката 1814 (2007) и Резолуцијата 1577 (2007) на Парламентарното собрание за декриминализација на клеветата во законодавствата на државите-членки.

Освен наведените, треба да се споменат и актите во врска со професионалните стандарди и заштитата на новинарството како професија: Препораката 1215 (1993) и Резолуцијата 1003 (1993) на Парламентарното собрание за етиката на новинарската професија, Препораката R (2000)7 за правата на новинарите да не ги откриваат изворите на информацијата, Резолуцијата 1535 (2007) и Препораката 1783 (2007) на Парламентарното собрание за заканите по живот и слободата на изразувањето на новинарите и Препораката 1789 (2007) на Парламентарното собрание за професионално образование и обуката на новинарите.

## *МЕЃУНАРОДНА КОНТРОЛА НА ОСТВАРУВАЊЕ НА СЛОБОДАТА МЕДИУМИТЕ (РЕПОРТЕРИ БЕЗ ГРАНИЦА, FREEDOM HAUS*

Во светски рамки постојат неколку меѓународни организации кои имаат мисија и се фокусирани на континуирано следење на остварувањето на правото на слободата на медиумите во сите држави во светот. Преку следењето на примената на соодветни критериуми тие вршат рангирање на државите во светски рамки за остварување на наведеното право. Истовремено следењето на остварувањето на слободата на медиумите во државите преставува своевидна меѓународна контрола. Најпознати такви меѓународни НВО се: Репортери без граници и Куќа на слободата (Freedom Haus).

Меѓународната невладина организација "Репортери без граница", од 2002 година континуирано го следи остварувањето на слободата на медиуми на глобално ниво и притоа врши рангирање на индексот на слободата на медиумите по држави. Зависно од степенот на остварување на оваа слобода, организацијата "Репортери без граници", државите ги класифицирале во пет категории и тоа:

- држави со добра ситуација;
- држави со задоволувачка ситуација
- држави со воочливи проблеми
- држави со тешка ситуација
- држави со многу тешка ситуација.

Според извештајот за 2011 година, Република Македонија, од вкупно 179 држави беше рангирана на 94 место, и спаѓа во групата на држави кои се оценуваат дека имаат воочливи проблеми со слободата на медиумите. Од балканските држави, според индексот на медиумската слобода, пониско се рангирани Албанија (96), Црна Гора (107), додека подобро рангирани се Романија (47), БИХ (58), Хрватска (68), Србија и Бугарија (80). Според овој извештај, прво место во индексот на слобода на медиумите заземаат Финска и Норвешка, додека на последните места се: Иран, Сирија, Туркменистан, Северна Кореја и Еритреја.

Според истиот извештај, САД, на пример, од 31 место во 2003 година, падна на 47 место (2011) на листата на држави кои ги почитуваат слободата на медиумите, бидејќи ги апсеа новинарите за време на протестот “Окупирајте го Волтстрит“, додека Тунис си ја подобри својата позиција за 30 места и моментално е на 134 место, бидејќи во таа држва дојде до “демократски промени”.

Во 2012 година, според Извештајот на Репортери без граници, Република Македонија падна за 22 места подолу во однос на рангирањето на слободата не медиумите и рангирана на 116 место. Ваквиот драстичен пад се должи на одземање на лиценцата за работа на некои медиуми и влошувањето на условите за работа на новинарите.

Според едно друго рангирање направено од Меѓународното организација “Freedom Haus“, Република Македонија во 2011 година е рангирана на 115 место во однос на остварувањето на слободата на медиумите од вкупно 199 држави.

Според извештаите на наведените меѓународни организации индексот на слободата на медиумите во Република Македонија не е на посакуваното нив, особено во последните неколку години. За само четири години регистрирано е паѓање од 82 места, бидејќи во 2009 година Македонија беше на 34 место и беше лидер во регионот.

Според добрите познавачи на сосотојбите во македонското новинарство, кај голем дел од новинарската јавност постои стравување дека резултатите во извештаите за 2013 година за рангирање на индексот на слобода на медиуми ќе бидат полоши, бидејќи на крајот од 2012 година се случи еден немил настан во кој службените лица ги отстранија новинарите од салата на Собранието на Република Македонија, кога пратеницит расправаа за буџетот на државата.

Горенаведените показатели зборуваат дека во 2011 и 2012 година, Република Македонија се наоѓа во втората половина од рангирањето во однос на остварувањето на слободата на медиумите. Истовремено, наведените рангирања оставаат простор за одредна резерва, бидејќи за една иста работа се добиваат различен степен на рангирање кои се разликуваат за над 20 места.

Без разика на тоа според која методологија се рангирани државите во однос на остварувањето на слободата на медиуми, ниското рангирање на

Република Македонија е релевантен индикатор и предупредување дека слободата на медиумите во иднина треба значително да се подобри. Во спротивно постојано ќе бидеме мета на критика од страна на меѓународниот фактор во разни извештаи.

**Регулирање на радиодифузијата**

Радиодифузните (електронските) медиуми сеуште се најмоќно средство за комуницирање во светот. Постоењето на независни и автономни средства за комуницирање, кои ќе ги рефлектираат разновидните идеи и мислења во општеството е најзначајно за остварување на слободата на изразувањето. Темелниот принцип на слободата на изразување, кој е утврден со членот 10 на Европската конвенција за човекови права, како и со членот 3 од Директивата за аудиовизуелни медиумски сервиси на Европската комисија е утврдено дека *"слободата на изразувањето и информирањето е суштествен принцип на демократското општество каде особено се нагласува огромното значење на радиодифузијата"*.

Темелниот принцип на слободата на изразување, утврдени со ставот 1 од членот 10 од Европската конвенција за човекови права, заедно со Европската конвенција за прекугранична телевизија и Директивата за аудиовизуелни медиумски сервиси, со кои се регулира аудиовизуелната област, треба да и утврден и во националната радиодифузна регулатива. Притоа, законодавецот мора внимателно да постави рамнотежа меѓу остварувањето на слобода на изразувањето и другите права и слободи. Правилата за ограничување треба да бидат регулирани со закон, за да радиодифузерите и публиката (јавноста) да знаат до каде се границите на слободата на изразување. Притоа, според, правилата, на радиодифузерите треба да им се гарантира уредувачка независност од кој било центар на моќ (државата, регулаторното тело, политичките партии, бизнис елити, финансиски олигарси и др.). Препорачливо е, основните принципи да се утврдат во законите, а подеталните во подзаконските акти или правила што ги донесува регулаторно тело (Salomon 2008:10). Ова им

овозможува поголема флексибилност на регулаторните тела и реагирање соодветно на брзите промени во оваа сфера. Со донесување на дополнителни упатства, подетално се разработуваат и објаснуваат законските одредби. Саломон наведува неколку основни принципи поврзани со демократските цели во регулирањето на радиодифузијата кои треба да бидат вградени во националното законодавство на секоја држава, меѓу кои еден од најважните секако е институционализирање на *независна регулација.* Ова подразбира формирање на независно регулаторно тело што ќе гарантира постоење различни независни и автономни медиуми во радиодифузниот сектор и истовремено ќе се грижи за заштитата на другите легитимни права и интереси. Независната регулација е многу значајна за демократијата и слободата на изразување и независноста на медиумите.

Претходно нагласивме дека од големо значење за развојот на демократијата во едно општество е да постои плурализам на медиуми, односно плурализам на ставови и мислења. За да се овозможи плурализам, неопходно е од постоење на независно регулаторно тело чија основна задача е да се грижи за граѓаните да имаат пристап до разновидни и независни извори на информирање. Недопусливо е владата да одлучува кој ќе добие дозвола за емитување на програма, бидејќи таа ќе биде пристрасна во одлуќувањето при распределбата на фреквенции, односно на правото на емитување на програма преку нив. Затоа, во најголем број на европски држави тоа овластување со закон им е дадено на независни регулаторни тела.[15] Целта е да се обезбеди непристрасност и правичност во постапката за добивање дозволи, но истовремено да се оневозможи власта да врши политичко влијание врз медиумите.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на РМ**

Агенцијата е самостојно и независно непрофитно регулаторно тело со статус на правно лице со јавни овластувања. Основач на Агенцијата е Република

---

[15] Види подетално: Препорака Р 2000 (23) на Советот на Европа за улогата и функциите на независните регулаторни власти.
Достапно на: http//www.coe.int/t/dghl/standardsetting/media/Doc/CM_en.asp

Македонија со седиште во Скопје. Агенцијата има печат чија форма е утврдена со Законот. Таа во својата работа е независна од другите државни органи и правни лица и треба да биде непристрасна кон нив. Работењето на Агенцијата поблиску се уредува со Деловник за работа на Агенцијата кој е објавен на веб страницата на Агенцијата.

Работата на Агенцијата се заснова врз постигнување на следните цели:

- Развој на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги
- Развој на независната продукција
- Поттикнување, унапредување и заштита на културниот идентитет, јазикот и традицијата на заедниците во РМ, почитување на културните и религиозните разлики, поттикнување на културата на јавен дијалог меѓу граѓаните со цел да се зацврстува заемното разбирање и толеранција за унапредување на односите меѓу различните заедници
- Поттикнување на творештвото, образовниот и научниот развој
- Заштита на интересите на корисниците особено на малолетнте лица
- Развој на медиумската писменост
- Транспарентно, независно, ефикасно и отчетно регулаторно тело во областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги
- Техничко технолошки развој на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги
- Поттикнување и развој на конкуренцијата во аудио и аудиовизуелните медиумски услуги и реемитувањето на програмски сервиси преку јавни електронски комуникациски мрежи и
- Развој на економијата во Република Македонија.

**Надлежности на Агенцијата**

Согласно одредбите на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата ги има следните надлежности:

- Се грижи за обезбедување на јавност во работата на радиодифузерите

- Се грижи за заштита и развој на плурализмот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, охрабрува и поддржува постоење на разновидни, независни и самостојни аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
- Се грижи за заштита на малолетните лица
- Ги донесува актите кои произлегуваат од Законот
- Се грижи за заштита на интересите на граѓаните во областа на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
- Утврдува постоење на недозволена медиумска концентрација
- Одлучува за доделување, одземање и продолжување на дозволите за телевизиско и радио емитување
- Презема мерки за времено ограничување на пренос и прием на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од други држави на територијата на РМ
- Донесува листа на настани од големо значење за јавноста на РМ
- Ги води регистрите
- Спроведува истражувања и анализи во врска со одделни прашања од областа на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
- Врши мерење на гледаност или слушаност на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите од РМ и друго

**Отчетност и транспарентност на работата на Агенцијата**

Отчетноста и транспарентноста се едни од најважните принципи на работа на јавните органи и институции, а во тој контекст и на Агенцијата. Ова подразбира дека Агенцијата има законска обврска за својата работа да дава отчет пред надлежен орган. Согласно законот, Агенцијата дава отчет пред Собранието на РМ со доставување извештај за својата работа. Извештајот за својата работа Агенцијата го објавува на својата веб страница и истиот го доставува до Собранието на РМ на разгледување до 31 март во тековната година. Извештајот по правило ги содржи:

А) годишен извештај за работа на Агенцијата за претходната година

Б) годишна програма за работа на Агенцијата за наредната година

Годишниот извештај за работа на Агенцијата за претходната година содржи:

1. Извештај за реализацијата на активностите утврдени во годишната програма за работа на Агенцијата, за претходната година, во која треба да се прикаже реализацијата на годишниот план за програмски надзор
2. Финансиски извештај за реализација на финансискиот план за претходната година и годишна сметка со податоци за реализирани приходи, расходи, побарувања и обврски за претходната година групирани по структура и по организациона структура на Агенцијата и
3. Ревизорски извештај од независен меѓународен овластен ревизор и ревизорски извештај од Државниот завод за ревизија, доколку е извршена ревизија од него, како и став на Агенцијата во однос на резултатите од извршената ревизија.

Со годишната програма за работа на Агенцијата за наредната година се утврдуваат задачите и целите на годишната програма на Агенцијата за наредната година, која треба да ги содржи следните елементи:

а. Програма на планирани активности и

б. Финансиски план за наредната година, која содржи податоци за реализација на планираните активности, планираните приходи и расходи на Агенцијата за наредната година групирани по структура и по организациона структура на Агенцијата, како и предвидените капитални инвестиции на Агенцијата за наредната година.

Нереализираните средства од финансискиот план на Агенцијата од претходната година се пренесуваат во финансиски план на Агенцијата за наредната година.

**Транспарентност во работењето на Агенцијата**

Работата на Агенцијата се заснова и на принципот на транспарентност. Ова подразбира дека сите активности што ги спроведува таа треба да бидат јавно достапни за јавноста и граѓаните. Согласно одредбите од Законот, Агенцијата е должна да спроведува јавни истражувања и анализи во поглед на развојот и состојбите на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (чл. 9). Притоа, Агенцијата е должна најмалку еднаш на три месеци во текот на годината да организира јавни состаноци со цел да им овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат нивните ставови и мислења по однос на развојот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во РМ за: состојбите на пазарот за аудио и аудиовизуелни услуги во РМ и реализација на активностите и исполнување на целите од годишната програма за работа на Агенцијата. Добиените ставови и мислења, како и ставот на Агенцијата по однос на истите во рок од седум дена од денот на одржувањето најавниот состанок се објавуваат на веб станицата на Агенцијата. Агенцијата со подзаконски акт поблиску ги уредува постапката и начинот на примање на предлози од заинтересираните страни, начинот и местото на објавување на конкурсите, пријавените кандидати и други информации поврзани со постапка за доделување на дозволи и др.

Учество на јавноста. Агенцијата пред да донесе или измени подзаконски акт од својата надлежност, како и пред да ја донесе годишната програма за работа за наредната година, на својата веб страница јавно го објавува предложениот подзаконски акт, односно предложената годишна програма со цел да обезбеди јавна расправа, односно да им овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови во однос на предложениот подзаконски акт или предложената годишна програма за работа за наредната година. Рокот на траење на јавната расправа не смее да биде пократок од 30 дена од денот на објавувањето на актите. По истекот на наведениот рок, Агенцијата има обврска јавно да ги објави на својата веб страница (чл. 10)

**Органи на Агенцијата**

Органи на Агенцијата се ***Совет*** *и* ***директор.*** Советот е составен од седум члена, кои треба да ја претставуваат различноста на македонското општество со соодветна застапеност на двата пола.
Членовите на Советот имаат право на:

- месечен надоместок во висина од четири просечни месечни плати во Република Македонија според податоците објавени од Државниот завод за статистика;

- надоместок на патни трошоци на членовите кои што живеат надвор од Скопје кога присуствуваат на седниците на Советот и надоместок на патни трошоци, сместување и дневници за службено патување согласно Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани функционери во Република Македонија

Средствата за месечниот надоместок и на другите трошоци на членовите на Советот се обезбедуваат од средствата на Агенцијата утврдени со финансискиот план.

Советот работи со кворум од најмалку пет члена, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот. Советот од редовите на своите членови избира и разрешува претседател и заменик на претседателот.

**Седници на Советот**

Седниците на Советот ги свикува претседателот по сопствена иницијатива, а во случај на негово отсуство или спреченост по иницијатива на заменикот на претседателот на Советот. Претседателот на Советот е должен да свика седница на СОВетот по писмен предлог на три члена на Советот, или по писмен предлог на директорот на Агенцијата, најкасно во рок од три дена од денот на приемот на предлогот. Претседателот на Советот претседава со седниците на Советот и го претсавува Советот, а во случај на негово отсуство или спреченост обврските ги извршува заменикот на претседателот на Советот. Одлуките и другите акти на Советот, или во случај на негова спреченост, заменик на претседателот на Советот, најдоцна во рок од три дена од денот на нивното донесување. На

седниците на Советот присуствува и директорот на Агенцијата, без право на глас, а можат да присуствуваат и други лица вработени во стручната служба на Агенцијата, како и други надворешни лица согласно со Деловникот за работа на Советот.

Ако член на Советот смета дека има директен или индиректен приватен интерес во врска со донесувањето на одлуки од надлежност на Советот, членот на Советот е должен за тоа да го извести Советот, а Советот постапува согласно одредбите на Законот за спречување на конфликт на интереси.

Агенцијата има обврска на својата веб страница да ги објавува дневниот ред на седниците на Советот, најдоцна еден ден пред денот на нивното одржување, усвоените записници од седниците на Советот со изјаснувањето и гласањето на членовите на Советот, хрониките од седниците, како и донесените одлуки и другите акти, во рок од седум дена од денот на одржувањето на седницата.

Материјалите за седниците на Советот ги подготвува стручната служба на Агенцијата и истите се доставуваат до сите членови на Советот на начин и во рок утврден со Деловникот за работа на Агенцијата.

Советот е должен да одржи најмалку една седница во месецот.

**Именување на членовите на Советот**

Собранието на Република Македонија ги именува членовите на Советот на предлог на овластени предлагачи. Овластени предлагачи на членови на Советот се:

- Мнозинскот здружение (има измени) на новинари предлага еден член на Советот
- Интеруниверзитетската конференција предлага еден член на Советот
- Адвокатската комора на РМ предлага еден член на Советот
- Сојузот на синдикатите на Македонија (ССМ) предлага еден член на Советот
- Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на РМ предлага два члена

- Заедницата на единиците на локалната самоуправа на РМ (ЗЕЛС) предлага еден член на Советот.

Претседателот на Советот е должен да го извести Собранието на Република Македонија за истекот на мандатот на член на Советот шест месеци пред истекот на мандатот. Откако тој ќе го извести Собранието на Република Македонија, Собранието на Република Македонија упатува јавен повик до овластените предлагачи да достават предлог на кандидати за членови на Советот, најдоцна шест месеци пред истекот на мандатот на член на Советот. Овластените предлагачи го утврдуваат предлогот по претходно објавен конкурс, при што утврдените предлози за членови на Советот ги доставува до Собранието на Република Македонија во рок од два месеца од денот на упатување на јавниот повик од страна на Собранието на Република Македонија и во истиот рок се должни јавно да ги објават најмалку во два дневни весници од кои едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија. Врз основа на доставените предлози од овластените предлагачи Комисијата за прашања на избори и именувања на Собранието на Република Македонија, во рок од 15 дена составува предлог на кандидати за членови на Советот, по што Собранието на РМ најдоцна еден месец пред истекот на мандатот на член на Советот, треба да именува нов член на Советот.

При утврдувањето на предлогот на кандидати за членови на Советот, Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на РМ води сметка за соодветна и правична застапеност на граѓаните на сите заедници кои живеат во РМ.

**Мандат.** Мандатот на членовите на Советот трае седум години без право на повторно именување. Во случај кога член на Советот ќе поднесе оставка или мандатот ќе му престане пред истекот на времето за кое е именуван, Собранието на Република Македонија ќе именува нов член на Советот за преостанатиот дел од мандатот на предлог на овластениот предлагач. Советот може да работи доколку се именувани најмалку пет членови на Советот.

**Кој може да биде член на Советот**. Членови на Советот може да бидат лица државјани на Република Македонија со високо образование, најмалку пет години работно искуство во струката и кои во јавноста се истакнале во областа на комуникологијата, новинарството, електронските комуникации, информатиката, културата, економијата, правото или друга слична област што е од значење за остварувањето на надлежностите на Советот.

**Кој не може да биде член на Советот**? Согласно одредбите на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за член на Советот не може да биде именуван:

- Пратеник, член на Владата на РМ, лице кое е именувано од страна на Собранието на РМ, лице кое раководи со единица на локална самоуправа, директор или член на управен или надзорен одбор на јавното претпријатие,
- Лица кои извршуваат должност во органите на политичка партија или верска заедница,
- Лице кое е сопственик на удели или акции, член на орган на управување или лице кое на директен или индиректен начин има интерес во правното лице кое се занимава со аудио или аудиовизуелни медиумски услуги или во друштво кое врши слична дејност (рекламирање, електронски комуникации, производство и продажба на аудио и аудиовизуелна техничка стока и слично), а се однесуваат на аудио/аудиовизуелни медиумски услуги и оператори и/или даватели најавни електронски комуникациски мрежи и услуги,
- Лице чии членови на семејството имаат удели или акции или се членови на органи на управување во радиодифузери или
- Лице кое е правосилно осудено на казна затвор подолга од шест месеци или ако му е изречена мерка забрана за вршење професија, дејност или должност подолго од шест месеци се додека казната, односно мерката не биде избришана од соодветниот регистер согласно со закон.

**Престанок на мандатот на членот на Советот**

Мандатот на членот на Советот му престанува по сила на закон пред истекот на времето за кое е именуван во следните случаи:

- На негово барање
- Со прифаќање на функции или работа што се неспоиви со функцијата член на Советот согласно законот
- Ако е правосилно осуден за кривично дело за кое е предвидена казна затвор во траење подолго од шест месеци или му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење професија, дејност или должност во траење подолго од шест месеци,
- Ако не е во можност да ја извршува должноста повеќе од шест месеци во континуитет,
- Настапила некоја од пречките за членство во Советот предвидени со законот (види кој неможе да биде член на Советот),
- Неоправдано отсуствува од три последователни седници на Советот или од пет седници во текот на една година
- Ако се утврди дека членот на Советот во постапката за негово именување дал невистини податоци или пропуштил да изнесе некои информации кои се важни за неговото именување.

## Надлежности на Советот

Согласно членот 18 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги Советот ги има следните надлежности:

1) донесува одлука за распишување на јавен конкурс за доделување на дозвола за телевизиско или радио емитување,
2) донесува одлука за доделување, одземање или продолжување на дозволата за телевизиско или радио емитување,
3) донесува одлука со која се дозволува, односно забранува промена на сопственичката структура на радидифузер,
4) донесува одлука за поведување постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација, по службена должност,
5) донесува одлука со која се утврдува недозволена медиумска концентрација,
6) го информира органот надлежен за авторските права и сродните права кога се сомнева дека е сторена повреда на истите, и

7) донесува подзаконските акти кои произлегуваат од законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
8) ги донесува општите акти за работа на Агенцијата,
9) го донесува Деловникот за работа на Агенцијата,
10) го одбрува годишниот извештај за работа за претходната година и годишната програма за работа за наредната година на Агенцијата,
11) го донесува годишниот план за вршење на програмски надзор и Методологијата за вршење програмски надзор,
12) одлучува за преземање мерки за времено ограничување на пренос и прием на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од други држави на територијата на Република Македонија,
13) донесува Кодекс на однесување на членовите на Советот и вработените во стручната служба на Агенцијата,
14) ги избира и разрешува директорот и заменик на директорот на Агенцијата,
15) дава одобрување за донесување на одлуките на директорот на Агенцијата за располагање со имотот, како и вработувањата и отпуштањата на вработените во стручната служба, г
16) го следи спроведувањето на годишната програма за работа на Агенцијата преку кварталните извештаи доставени од директорот на Агенцијата и врши други работи утврдени со закон.

**Директор на Агенцијата**

Директорот е инокосен раководен орган на Агенцијата, кој го избира Советот по пат на јавен конкурс, според со закон утврдени критериуми. Кандидатот мора да биде со високо образование и работно искуство над пет години во областа на комуникологијата, новинарството, електронските комуникации, информатиката, културата, економијата или правото. Советот е должен да го избере директорот на Агенцијата не подоцна од 30 дена пред истекот на мандатот на неговиот претходник. Директорот е професионално ангажиран во Агенцијата со полно работно време. <u>Мандатот на директорот е</u>

седум години. Советот избира и заменик на директорот на Агенцијата по пат на јавен конкурс со ист мандат како мандатот на директорот на Агенцијата. Заменик директорот на Агенцијата го заменува директорот на Агенцијата во случај кога тој еотсутен или кога поради болест или други причини не е во можност да ја врши својата функција.

**Надлежности на директорот**. Директорот ја организира и раководи работата на Агенцијата. Исто така, тој е одговорен е за законитото работење на Агенцијата и ги има следните надлежности:

- Ја застапува и преставува Агенцијата,
- Потпишува договори во име на Агенцијата,
- Ги предлага општите акти за работа на Агенцијата
- Го предлага Деловникот за работа на Агенцијата, годишниот извештај за работа и годишната програма за работа на Агенцијата кои се составен дел на извештајот за работа на Агенцијата
- Го предлага годишниот план за вршење на програмски надзор и Методологијата за вршење на програмски надзор,
- Донесува решенија за прашања од надлежност на Агенцијата,
- Предлага мерки за времено ограничување на пренос и прием на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од други држави на територијата на РМ,
- Ги предлага одлуките од надлежност на Советот
- Ги предлага подзаконските акти што се во надлежност на Советот,
- Предлага листа на настани од големо значење за јавноста на РМ,
- Одлучува за вработувања и распоредувања на вработените во стручната служба на Агенцијата и врши други работи утврдени со закон

  Директорот е должен на Советот да му доставува квартални извештаи за спроведување на годишната програма за работа на Агенцијата, како и квартални извештаи за презeмените мерки во согласност со Законот

**Разрешување на директорот**. Директорот може да биде разрешен од Советот на негово барање, спреченост за вршење на функцијата поради болест подолго од шест месеци, прифаќање на работа или функција што е неспоива со неговата функција директор, ако е осуден за кривично дело за кое му е изречена

казна затвор од шест месеци или му е изречена мерка на безбедност забрана на вршење професија, дејност или должност, во траење подолго од шест месеци, повреда на

**Надзор**

Агенцијата врши програмски, административен и стручен надзор. Програмскиот и административниот надзор може да биде: редовен, вонреден и контролен надзор.

<u>Редовниот надзор</u> се врши врз основа на годишна програма за вршење на програмски, односно административен надзор. <u>Вонредниот надзор</u> се врши врз основа на иницијатива поднесена од државни органи, правни или физички лица и по службема должност на Агенцијата. <u>Контролниот надзор</u> се врши по истекот на рокот определен во поединечниот акт донесен од страна на Агенцијата со цел да се утврди дали субјектот на надзорот: постапил по актот во целост, делумно постапил по актот или не постапил по актот.

**Програмски надзор**: Програмскиот надзор (мониторинг) се врши на програмите на радиодифузерите и давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитување на одредбите на законот за Аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата. Програмскиот надзор го вршат вработените во организационата единица на Агенцијата која е формирана за таа намена. За секој извршен програмски надзор се составува писмен извештај кој се доставува до директорот на Агенцијата во рок од три дена од денот на извршениот програмски надзор.

**Административен надзор**: се врши на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со условите утврдени со Законот за медиуми, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и прописите донесени врз оснава на него. Административниот надзор го вршат вработени во стручната служба на Агенцијата согласно актот за систематизација

на работите и задачите во стручната служба на Агенцијата. За секој извршен административен надзор се составува писмен извештај кој се доставува до директорот на Агенцијата во рок од три дена од денот на извршениот административен надзор.

**Поврзани лица**

Согласно одредбите на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (чл.36 ) за поврзани лица се сметаат лицата кои се меѓусебно поврзани преку управување, капитал или друг начин и кога тие поради таквата поврзаност заеднички можат да ја креираат деловната политика, односно да дејствуваат на координиран начин заради остварување на заеднички цели, или кога едно лице има можност да насочува или значајно да влијае врз друго лице при одлучувањето за финансирањето, деловното работење или при одлучување за програмскиот концепт на радиодифузер. Како поврзани лица се сметаат:

- Членовите на семејството,
- Членовите на семејството на брачниот или вонбрачниот другар,
- Лицата кои како иматели на вкупен удел во сопственоста, на акции или на други права во друго лице, учествуваат во управувањето на тоа лице со најмалку 25% од гласачките права,
- Лицата кај кои едно исто лице има вкупен удел, или акции или други права, врз основа на што учествува во управувањето во секое од тие лица со најмалку 25% од гласачките права,
- Поврзаните друштва во смисла на Законот за трговските друштва
- Лицата кои со маркетинг или друг договор, во тримесечен или подолг период во една година остваруваат повеќе од 30% од приходи од рекламирање, телешопинг и спонзорство и
- Лица кои се членови на управниот или надзорниот одбор во радиодифузерот и лицата кои се сметаат за поврзани со членовите на управниот или надзорниот одбор на начинутврден со закон.

**Ограничувања за стекнување сопственост (чл. 37)**

Физичко или правно лице кое е мнозински содружник или мнозински акционер во радиодифузер кој има дозвола за телевизиско емитување на државно ниво, како и поврзано лице со содружник или акционер во радиодифузер кој има дозвола за обезбедување на телевизиско емитување на државно ниво може да биде содружник или акционер, односно да учествува во сопственоста на само уште еден радиодифузер кој има дозвола за обезбедување на телевизиско емитување на државно ниво, но не повеќе од 50% од основната главнина на тој радиодифузер или 50% од правото на одлучување.

Физичко или правно лице кое е мнозински содружник или мнозински акционер во радиодифузер кој има дозвола за обезбедување на телевизиско емитување на државно ниво, како и поврзано лице со содружник или акционер во радиодифузер кој има дозвола за обезбедување на телевизиско емитување на државно ниво може да биде мнозински содружник или мнозински акционер, во најмногу уште еден радиодифузер кој има дозвола за вршење на радиодифузна дејност за телевизиско емитување на регионално ниво при што подрачјата на регионално ниво не се соседски и во уште најмногу два радиодифузера кои имаат дозволи за обезбедување на телевизиско емитување на локално ниво, при што подрачјата на локално ниво не се соседски (чл. 37 став 3).

Физичко или правно лице кое е мнозински содружник или мнозински акционер во радиодифузер кој има дозвола за обезбедување на телевизиско емитување на локално ниво, како и поврзано лице со содружник или акционер во радиодифузер кој има дозвола за обезбедување на телевизиско емитување на локално ниво може да биде мнозински содружник или мнозински акционер во најмногу уште два радиодифузера кои имаат дозволи за обезбедување на телевизиско емитување на локално ниво, при што подрачјата на локално ниво не се соседски.

Физичко или правно лице кое е мнозински содружник или мнозински акционер во радиодифузер, како и поврзано лице со содружник или акционер во радиодифузер не може да основа, ниту да биде содружник или акционер, односно

да учествува во сопственоста на издавач на печатен медиум кој издава дневен весник, новинска агенција, друштво за реклама и пропаганда, друштво за истражување на пазарот и јавното мислење, друштво за дистрибуција на аудиовизулни дела, друштво за филмска продукција или оператор на електронски комуни комуникациски мрежи кој обезбедува реемитување или емитување на радио/телевизиски програми.

**Забрана за стекнување на сопственост на радиодифузерите**

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го уредува и прашањето на забрана на одредени органи, организации и институции да бидат основачи, сооснoвачи, да вршат радиодифузна дејност или да поседуваат целосно или да имаат учество во сопственоста на радиодифузерите.

Посебната забрана важи за: *политичките партии, државните органи, органите на државна управа, јавни претпријатија, единиците на локална самоуправа (општините), носители на јавни функции и членовите на нивните семејства (чл. 38)*

**Недозволена медиумска концентрација**

Недозволена медиумска концентрација, постои кога физички или правни лица кои се основачи на радиодифузери, како и физички лица носители на функции на управување во радиодифузерите се јавуваат истовремено како: поврзани лица, оснивачи на други радиодифузери, оснивачи на издавач на печатен медиум кое издава дневен весник што се дистрибуира на подрачјето на кое се емитува радио и/или телевизиска програма; оснивачи на новинска агенција; оснивачи на друштво за реклама и пропоганда, друштво за истражување на пазарот и јавното мислење, друштво за дистрибуција на аудиовизуелни дела, друштво за филмска продукција или оператор на електронски комуникациски

мрежи кој обезбедувареемитување или емитување на радио/телевизиски програми.

Недозволена медиумска концентрација, според законот, постои кога радиодифузер:

- учествува во основачкиот капитал на друг радиодифузер;
- учествува во основачкиот капитал на издавач на печатен медиум кој издава дневен весник или на новинска агенција;
- учествува во основачкиот капитал на друштво за реклама и пропаганда;
- учествува во основачкиот капитал на друштво за истражување на пазарот и јавното мислење;
- учествува во основачкиот капитал на друштво за дистрибуција на аудиовизуелни дела или во друштво за филмска продукција;
- учествува во основачкиот капитал на оператор на електронски комуникациски мрежи кој обезбедува реемитување или емитување на радио/телевизиски програми;
- истовремено емитува радио и телевизиска програма, освен за субјектот кој врши јавен радиодифузен сервис (МРТВ);
- емитува радио и телевизиска програма и издава дневен весник што се дистрибуира на подрачјето на кое се емитува радио или телевизиската програма-емитува радио или телевизиска програма и се занимава со дејност на новинска агенција, друштво за реклама и пропаганда, друштво за истражување на пазарот и јавното мислење, друштво за дистрибуција на аудиовизуелни дела, друштво за филмска продукција или со јавност на оператор на електронски комуникациски мрежи кој обезбедува реемитување или емитување на радио и телевизиски програми.

**Утврдување на недозволена медиумска концентрација**

Постоењето на недозволена медиумска концентрација ја утврдува Агенцијата според постапка согласно Законот за општата управна постапка, доколку со закон поинаку не е определено.

Агенцијата врз основа на сопствени сознанија или врз основа на податоци добиени од заинтересирани лица има сознанија за евентуално постоење на недозволена медиумска концентрација ќе ги испита таквите сознанија по службена должност без одлагање (по итна постапка). При испитување на сознанијата Агенцијата задолжително ќе побара од радиодифузерот во рок не пократок од 15 дена и не подолг од 45 дена, да ги достави сите расположиви податоци кои се значајни за одлучување на Агенцијата. Доколку при испитувањето на сознанијата Агенцијата дојде до сознание дека постои недозволена медиумска концентрација, таа ќе донесе одлука за недозволена медиумска концентрација и ќе му наложи на радиодифузерот во рок не пократок од 30 дена и не подолг од 90 дена да ја усогласи својата сопственичка структура соглсно одредбите на законот. Доколку радиодифузерот на постапи по одлуката на Агенцијата, таа ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување на начин и постапка утврдена согласно позитивните законски прописи.

**Претходно известување на Агенцијата при промена на сопственичката структура**

Пред спроведување на каква било промена на сопственичката структура, радиодифузерот е должен да ја извести Агенцијата. Радиодифузерот не смее да ја спроведе промената на сопственичката структура пред истата да биде одобрена од страна на Агенцијата, односно пред правосилното завршување на управниот спор од ставот (9) на овој член. Агенцијата е должна во рок од 30 дена од денот на приемот на известувањето од ставот (1) на овој
член да испита дали со предложените промени на сопственичката структура би се создала недозволена медиумска концентрација, во смисла на овој закон, односно да испита дали предложените промени на сопственичката структура се спротивни

на забраната од членовите 34, 35 став (2) или 38 од овој закон. Притоа, Агенцијата е должна да соработува и разменува информации со државни органи и тела, согласно со овој закон. Агенцијата може од оправдани причини да го продолжи рокот, само еднаш, но не повеќе од 30 дена за што писмено ќе го информира радиодифузерот во рок не помал од три дена пред истекот на рокот од 30 дена.

(5) Заради испитување на известувањето од ставот (1) на овој член радиодифузерот е должен по писмено барање на Агенцијата да и достави податоци од значење за одлучувањето.

(Доколку во роковите определени согласно со ставовите (3) и (4) на овој член се утврди дека со предложените промени на сопственичката структура не би се создала недозволена медиумска концентрација, во смисла на овој закон, односно дека истите не се спротивни на забраната од членовите 34, 35 став (2) или 38 од овој закон, Агенцијата во роковите определени согласно законот ќе донесе одлука со која ќе го дозволи спроведувањето на промената во сопственичката структура.

Доколку во роковите определени согласно законот од овој член се утврди дека со предложените промени на сопственичката структура би се создала недозволена медиумска концентрација, Агенцијата ќе донесе одлука во роковите определени согласно законот со кое ќе го забрани спроведувањето на промената во сопственичката структура. Одлуката задолжително ги содржи причините поради кои Агенцијата го забранува спроведувањето на промената во сопственичката структура.

Доколку Агенцијата не донесе одлука во роковите определени согласно со законот се смета дека спроведувањето на промената во сопственичката структура е одобрена. Роковите определени согласно со ставовите (3) и (4) на членот 41 почнуваат да течат од денот кога радиодифузерот до Агенцијата ги доставил сите податоци определени со актот со кој се пропишува формата и содржината на известувањето на Агенцијата, како и потребната документација која се поднесува заедно со известувањето.

**Евиденција на емитуваната програма (чл. 47)**

Радиодифузерите се должни да водат дневна евиденција на емитуваната програма и да го снимаат излезниот сигнал на својата програма, а снимките од целокупната програма да ги чуваат најмалку 60 дена по емитувањето. Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање се должни програмите кои биле составен дел од каталогот неизменети да ги чуваат најмалку 30 дена по датумот кога престанале да им бидат достапни на корисниците. На барање на Агенцијата, давателите на аудио или аудиовизуелни медиумски услуги од ставовите се должни да и достават автентична и интегрална снимка од програмите најдоцна
во рок од три дена од денот на приемот на барањето. Во случај на покренување на судски спор давателите на аудио или аудиовизуелни медиумски услуги се должни да ги чуваат снимените материјали до завршувањето на спорот. Начинот на водење на дневната евиденција, како и квалитетот на снимките од целокупната програма го пропишува Агенцијата.

Радиодифузерите се должни за кинотечните добра и фонотечните добра, кои претставуваат културно наследство, да водат посебна евиденција согласно со Законот за заштита на културното наследство.

**Посебна забрана (чл. 48)**

Програмските содржини што ги емитуваат радиодифузерите не смеат да содржат програми со кои се загрозува националната безбедност, се поттикнува насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, се повикува на воена агресија или на оружен конфликт, се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност.

**Заштита на малолетните лица (чл. 49)**

Малолетниците како специфична возрасна категорија уживаат посебна заштита од влијанието на програмските содржини на радиодифузерите. Ова

подразбира дека програмските содржини на радиодифузерите треба да бидат прилагодени според возраста и потребите на малолетниците. Ова дотолку повеќе, бидејќи тие се во фаза на физички, психички и морален развој, па затоа, давателите на аудиовизуелните медиумски услуги не смеат да емитуваат програми кои можат сериозно да му наштетат на нормалниот развој на детето. Ова особено се однесува на заштита на децата од програми кои содржат порнографија или непотребно насилство.

Согласно одредбите на Законот за Аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ***непотребно насилство*** претставува ширење текстуални, вербални и визуелни пораки со кои, во термини од програмата што им се достапни на малолетниците се глорифицираат физички, вербални или психолошки облици на садизам или слични видови на насилство.

**Регистар на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги**

Соглсно одредбите на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Регистар на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги дава ***Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги*** по барање на давателите на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги (радиодифузерите). Регистарот по правило треба да ги содржи следните податоци:

- фирмата и седиштето, како и име и презиме на одговорното лице на давателот на аудиовизуелните услуги по барање;
- начинот на кој се обезбедува услугата,
- подрачјето на кое се врши дејноста
- видот на услугата и краток опис на истата и
- датумот на започнување со обезбедување на услугата, како и секоја извршена промена при обезбедување на услугата.

Агенцијата ги објавува на својата веб страница податоците од регистарот, водејќи се од принципот на обезбедување заштита на личните податоци.

Исто така, Агенцијата , на барање на давателот на аудиовизуелни медиумски услуги, ќе го избрише давателот од регистарот доколку:

- давателот на аудиовизуелните медиумски услуги во писмена форма ја извести Агенцијата дека престанал да ја врши дејноста;
- давателот на удиовизуелните медиумски услуги по барање престане да ја извршува дејноста во период подолг од една година;
- давателот на удиовизуелните медиумски услуги по барање повеќе не ги исполнува техничките услови за пренос на аудиовизуелни програми
- на давателот на аудиовизуелните медиумски услуги по барање со правосилна судска одлука му е забрането вршење на дејност и
- на давателот на аудиовизуелните медиумски услуги по барање престанал да постои.

**Начела на вршење на дејноста на радиодифузерите (чл. 61)**

Основни начела според кои радиодифузерите треба да се раководат при извршувањето на нивната дејност се:

- негување и развој на хуманите и моралните вредности на човекот и заштита на приватноста и достоинството на личноста,
- еднаквост на слободите и правата независно од полот, расата, националното, етничкото и социјалното потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба на човекот и граѓанинот,
- поттикнување на духот на толеранцијата, заемното почитување и разбирање меѓу индивидуите од различно етничко и културно потекло,
- заштита на идентитетот на жртвите на насилство,
- почитување на пресумпција на невиност,
- поттикнување на меѓународно разбирање и соработка, чувство на јавноста за правичност и за одбрана на демократските слободи,

- отвореност на програмите за изразување на различните култури што се составен дел на општеството,
- зачувување и негување на националниот идентитет, јазичната култура и домашното творештво,
- објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и
- мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања,
- почитување на авторското право и сродните права,
- почитување на тајноста на изворот на информацијата,
- гарантирање на правото на одговор и исправка и
- самостојност, независност и одговорност на уредниците, новинарите и другите автори при создавањето на програмите и креирањето на уредувачката политика.

**Употреба на јазик (чл. 64)**

Радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедница која не е во мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница.

Доколку програмските сервиси што се реемитуваат преку јавни електронски комуникациски мрежи се титлуваат на јазик различен од јазикот на кој оригинално се произведени, мора да бидат титлувани на македонски јазик, или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, освен телешопингот и рекламите.

Програмите на странски јазици или деловите од нив што се емитуваат на програмите на радиодифузерите треба да бидат преведени на македонски јазик, односно на јазикот на заедницата што не е во мнозинство.

Ова не се однесува на преноси на музички и сценски настани, на образовни програми за изучување на странски јазик, како и на деловите од програмите наменети за странци.

Деловите од програмите што не се преведуваат се најавуваат на македонски јазик, односно на јазикот на заедницата што не е во мнозинство.

**Видови на радиодифузери (чл. 65)**

Радиодифузер може да биде: трговско радиодифузно друштво, јавно радиодифузно претпријатие или непрофитна радиодифузна установа.

Трговско радиодифузно друштво можат да основаат правни и физички лица под услови утврдени со овој и друг закон.

Јавно радиодифузно претпријатие се основа за целата територија на Република Македонија и врши функција на јавен радиодифузен сервис (МРТВ).

Непрофитна радиодифузна установа може да се основа само за радио емитување и тоа од страна само на образовни, културни и други установи и здруженија на граѓани и фондации со цел за да се задоволат потребите и интересите на специфични целни групи.

Универзитетот како високообразовна установа може да основа радио како посебна внатрешна организациона единица (студентско радио) без својство на правно лице.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги води регистар на радиодифузери во РМ.

**Времетраење на дневно емитување кај радиодифузерите**

Радиодифузерите што вршат дејност на државно ниво имаат обврска да емитуваат најмалку 18 часа дневно програма на радио и најмалку 12 часа дневно програма на телевизија.

Радиодифузерите што вршат дејност на регионално ниво имаат обврска да емитуваат најмалку 12 часа дневно програма на радио и најмалку 8 часа дневно програма на телевизија.

Радиодифузерите што вршат дејност на локално ниво имаат обврска да емитуваат најмалку 10 часа дневно програма на радио и најмалку 6 часа дневно програма на телевизија

Непрофитните радиодифузни установи се должни да емитуваат најмалку 4 часа дневно програма на радио.

Во дневната програма не се смета емитувањето на неподвижни слики, тест сигнали и други видови на аудио и аудиовизуелен материјал.

**Јавен радиодифузен сервис**

Јавниот радиодифузен сервис несомнено има клучна улога за остварување на целите од јавен интерес и збогатување на медиумскиот плурализам во државата. Најчесто сопственик на јавните медиуми е државата, но тоа не значи дека тие треба да бидат под влијание на власта во однос на остварувањето на независноста на уредувачката политика и самостојноста на управувањето.

Функцијата на јавен радиодифузен сервис во РМ ја врши Македонската радио-телевизија (МРТ). Основач на МРТ е Република Македонија и истата има статус на јавно претпријатие и работи согласно закон и подзаконските акти. МРТ, како јавен радиодифузен сервис во РМ е независна од државните органи и други јавни правни лица или трговско друштво. Новинарите и уредниците во МРТ, како и лицата кои директно се инволвирани во производството и продукцијата на програмите во МРТ немаат статус на јавни службеници.

**Финасирање на МРТ.** МРТ се финансира од радиодифузната такса, од емитување на аудио и аудиовизуелни комерцијални комуникации (програми) донации, продажба на програма и услуги и од средства обезбедени од буџетот на

Република Македонија, согласно Законот за аудио и адиовизуелни медиумски услуги и Законот за контрола на државаната помош.

За постигнување и одржување на поголем степен на програмски и техничко-технолошки развој на јавниот радиодифузен сервис (МРТ) законот овозможува да се издвојуваат средства и од Буџетот на РМ.

Согласно одредбите на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги МРТ е должна да донесе годишен извештај за работа за претходната година и Годишна програма за работа за наредната година. Годишната програма за работа за наредната година МРТ е должна да ја достави до Собранието на РМ најдоцна до 30 октомври во тековната година и истата треба да содржи: *програма за работа за наредната година* со планирани активности и *финансиски план за наредната година* кој треба да ги содржи планираните приходи и расходи на МРТ за наредната година, кој го одобрува Собранието на РМ најдоцна до 31 декември во тековната година.

Годишниот извештај за работа за претходната година се доставува до Собранието на РМ на разгледување најдоцна до 31 март во тековната година и истиот особено треба да содржи:

1) Извештај за реализација на програмата за работа од претходната година
2) Финансиски извештај за реализација на финасискиот план од претходната година и годишната сметка, со податоци за реализирани приходи, расходи, побарувања и обврски од претходната година
3) Ревизорски извештај од независен меѓународен овластен ревизор и ревизорски извештај од Државниот завод за ревизија, доколку е извршена ревизија од него.

**Програми и програмски сервиси од јавен интерес што ги обезбедува МРТ**

Согласно законската регулатива, МРТ во Република Македонија обезбедува најмалку еден телевизиски програмски сервис на македонски јазик и телевизиски

програмски сервис на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински јазици.

Исто така, МРТ во РМ обезбедува и најмалку два радиопрограмски сервиси на македонски јазик и еден радиопрограмски сервис на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници.

МРТ обезбедува посебни радиопрограми наменети за соседните земји и Европа на странски јазици.

МРТ обезбедува посебни радиопрограми наменети за информирање на иселениците и граѓаните на РМ кои живеат во соседните земји, во Европа и на другите континенти на македонски и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници.

МРТ, исто така, обезбедува најмалку еден радио и еден телевизиски програмски сервис преку сателит или интернет наменет за иселениците и граѓаните на РМ кои живеат во Европа и на другите континенти на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници.

Согласно одредбите од Законот за Собранието на РМ, МРТ го обезбедува програмскиот сервис на Собранискиот канал, чија програмска одговорност ја има Собранието на РМ.

Со цел да се запазат локалните и регионалните посебности во РМ, МРТ обезбедува посебни радио и телевизиски програми на програмските сервиси.

**Начела и постапка на издавање на дозвола за телевизиско или радио емитување**

Системот на давање дозволи не треба однапред врз каква било основа да ограничува кој може, а кој не може да поседува дозвола, освен кога станува збор за претставници на државни органи и тела и на политичките партии. Постапката за давање дозволи треба да се темели врз демократски критериуми кои им обезбедуваат еднаква можност на сите индивидуи да основаат радиодифузен медиум.

Во Препораката Rec (2000)23 на Советот на Европа за независноста и функциите на регулаторните власти во радиодифузниот сектор прецизно се наведениприниципите за спроведување на системот (процедурата) на давање дозволи. Во делот на надлежностите на регулаторните тела е потенцирано дека основните услови и критериуми за доделување и за обновување на радиодифузните дозволи треба да бидат прецизно дефинирани во законската регулатива и да се применуваат на транспарентен и непристрасен начин. Одлуките за давање дозволи треба да бидат донесени преку јавен конкурс во кој се наведени видот на сервисот, географското покривање, минималното траење на програмата, начинот на финасирање на сервисот, висината на надоместокот за дозволата и техничките параметри што треба да ги исполнуваат радиодифузерите.

Апликциите поднесени на јавниот конкурс за давање терестријални фреквенциитреба да бидат оценувани врз основа на јасни критериуми, кои се дефинирани во законскатата регулатива, додека дозволите за кабелско или сателитско емитување може да се добијат со полиберална постапка која не подразбира конкурс. Одбивањето на некоја апликација секогаш треба да биде обрзаложено во писмена форма со јасно наведување на причините. Законската регулатива треба да овозможува право на жалба до судските органи против одлуката на регулаторните тела.

**Постапка на издавање дозвола за телевизиско или радио емитување во Република Македонија**

Одредбите на Препораката Rec (2000) 23 на Советот на Европа во целост се имплеметирани во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на РМ. Во Република Македонија постапката на издавање на дозвола за телевизиско или радио емитување конкретно е регулирана со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со членовите од 68 до 85. Дозволата за телевизиско или радио емитување ја доделува Агенцијата за одредено ниво на гледаност: државно, регионално или локално ниво, а имателот на дозволата стекнува право да го

емитува радио или телевизискиот програмски сервис во подрачјето за кое ја добил дозволата.

Постапката за доделување на дозвола за телевизиско и радио емитување е транспарентна и се води на начин што обезбедува еднаков, рамноправен и недискриминаторски третман на сите учесници во постапката.

Постапката за доделување на дозвола содржи неколку чекори и тоа:

1) *Донесување на План за доделување и користење на радиофреквенциите и План за намена и распределба на капацитети на дигитален терестријален мултиплекс на оператор на јавна електронска комуникациска мрежа*[16] кој има обврска за емитување на програмските сервиси на радиодифузерите. Планот, покрај другото треба да содржи: 1) Број на телевизиски програмски сервиси и 2) Број на радио програмски сервиси.

2) Доколку согласно Планот за доделување и користење на радиофреквенциите, или Планот за намена и распределба на капацитети на дигитален тересттријален мултиплекс се утврди дека има слободни радиофреквенции или капацитети, *Агенцијата ќе изработи студија со која ќе ја утврди оправданоста за објавување на јавен конкурс, од аспект на исполнување на целите на законот и потребите на публиката*;

3) *Спроведување на јавно истражување* од страна на Агенцијата за утврдување на потребите на публиката за телевизиско или радио емитување; Доколку се утврди дека има слободни радиофреквенции или капацитети и доколу со студијата се утврди дека има оправданост за објавување на јавен конкурс Агенцијата ќе донесе одлука за објавување јавен конкурс за доделување на дозвола за телевизиско и радио емитување во рок од 15 дена од денот на објавувањето на студијата;

---

[16] Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на РМ во соработка со Агенцијата за електронски комуникации (АЕК), надлежното министерство-Министерството за транспорт и врски, јавниот радиодифузен сервис и ЈП Македонска радиодифузија, а по претходно добиена согласност од Владата на РМ донесува План за намена и распределба на капацитети (радио и телевизија) за емитување на програмските сервиси на радиодифузерите

4) *Донесување на одлука од страна на Агенцијата за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за телевизиско или радио емитување* може да биде по службена должност или по писмено барање од заинтересирана страна.

Доколку со студијата се утврди дека нема оправданост за објавување на јавен конкурс, Агенцијата во рок од осум дена од денот на објавувањето на студијата ќе донесе одлука со која ќе го одбие барањето за објавување јавен оглас за доделување на дозвола за телевизиско или радио емитување. Одлуката на Агенцијата е конечна, а против истата може да се поднесе тужба пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.

Одлуката за објавување на јавниот конкурс за доделување на дозвола за телевизиско или радио емитување содржи образложение особено за причините за објавување на јавниот конкурс. Таа се објавува во "Службен весник на РМ", на веб страницата на Агенцијата, како и во најмалку во два дневни весници од кој едниот дневен весник треба да биде на јазикот на заедницата која не е мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија.

Право на учество на јавниот конкурс има домашно и странско правно и физичко лице.

5) *Пријавување на заинтересирани кандидати* во определен рок утврден со конкурсот кои кон пријавата ја доставуваат потребната документација
6) *Оценување на пријавите од страна на Агенцијата врз основа на утврдени критериуми;*
7) *Донесување одлука на Агенцијата за доделување на дозвола за телевизиско или радио емитување*
8) *По приемот на одлуката за доделување на дозвола, избраниот најповолен кандидат, односно барателот за доделување на дозвола треба да се регистрира во соодветниот регистар како трговско радиодифузно друштво или непрофитна радиодифузна установа*
9) *По запишувањето во Регистарот на радиодифузери, односно извршената регистрација, Агенцијата издава дозвола за телевизиско или радио емитување во рок од 15 дена од приемот на регистрацијата*

10) *Агенцијата за електронски комуникации врз основа на дозволата за радиоемитување со користење на радиофреквенции издава одобрение за користење на радиофреквенции согласно Законот за електронски комуникации;*

Дозволата за телевизиско или радио емитување на трговките радиодифузни друштва и на непрофитните радиодифузни установи се доделува за временски период од ***девет*** години со можност за продолжување на истата. Дозволата може да се продолжи на барање на носителот за време од девет години. Барањето се доставува до Агенцијата во рок не подолг од шест месеци пред истекот на важноста на дозволата, која се продолжува со одлука на Советот во рок не подолг од 30 дена од денот на приемот на барањето.

**Содржина на одлуката за објавување на јавен конкурс**

Одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за телевизиско или радио емитување содржи:

- Дејност (радио или телевизија) за која се распишува конкурсот;
- Видот на програмскиот сервис;
- Ниво на гледаност/слушаност (државно, регионално или локално ниво);
- Подрачје на кое ќе се врши дејноста;
- Радиофреквенција или капацитет во дигитален терестријален мултиплекс;
- Број на дозволи за телевизиско или радио емитување;
- Услови кои треба да се исполнат согласно со актот за минимални технички, просторни, финасиски и кадровски услови;
- Критериуми за оценување и начин на бодување;
- Времетраење на дозволата;
- Местото и времето кога може да се подигне конкурсната документација и висината и начинот на плаќање на надоместокот за документацијата;
- Висината и начинот на плаќање на надоместоците утврдени со законот;

- Висината и начинот на плаќање на надоместоците за користење на радиофреквенција или повеќе радиофреквенции ако се дел од една дозвола, односно висина и начин на плаќање за емитување преку слободен канал на мултиплекс;
- Документација што треба да се поднесе заедно со пријавата
- Начинот на поднесување на пријавите и крајниот рок за поднесување на пријавите кој не може да биде пократок од 60 дена и подолг од 90 дена од денот на објавувањето на одлуката за објавување на на јавниот конкурс во Службен весни на РМ;
- Адреса, место, датум и време на јавното отварање на пријавите;
- Лице за контакт од кого кандидатите можат да добијат дополнителни информации;
- Рок во кој ќе биде донесена одлуката за доделување на дозволата кој не може да биде подолг од 30 дена од денот на јавното отварање на пријавите;
- Рок кој не може да биде подолг од **седум** дена во кој кандидатите ќе бидат известени за донесената одлука за доделување на дозволата, а која треба да содржи детално образложение со наведување на причините за донесување на одлуката;

**Пријава за учество на јавниот конкурс**

Со распишувањето на јавниот конкурс за доделување на дозвола за телевизиско или радио емитување, заинтересираните кандидати (правни и физички лица) можат да поднесат пријави на посебен образец чија форма и содржина ги пропишува Агенцијата, а кој е објавен на веб страницата на Агенцијата. Кон пријавата кандидатите се должни да ги достават следните документи:

- Понуден програмски концепт;
- Доказ за регистрација на правното лице;

- Доказ за сопственичката структура на правното лице;
- Понудени технички, просторни, финансиски и кадровски услови и деловен план;
- Доказ дека кандидатот не е во стечај или во процес на ликвидација издаден од надлежен орган на домицилната држава, или изјава од кандидатот дека не е во стечај или во процес на ликвидација заверена на нотар;
- Соодветна исправа како доказ дека на кандидатот не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на дејност од регистар или евиденција, или изјава од кандидатот дека не му е изречена мерка на безбедност за вршење на дејност заверена на нотар;
- Извештај за билансот на состојбата и податоци од *билансот на успех* потврдени од Централниот регистар за последните две години, а доколку станува збор за странско правно лице, *ревизорски извештај* издаден од странска реномирана институција регистрирана за вршење на ревизија кој треба да содржи податоци за вкупното економско-финасиско работење во последните две години.
- Документи што го гарантираат финансирањето на деловниот план, односно дејноста;
- Изјава заверена на нотар дека ќе ги почитува техничките карактеристики и параметри утврдени во одлуката за објавување на јавен конкурс
- Изјава заверена на нотар дека ќе ги почитува понудените технички, просторни, финансиски и кадровски услови, како и обврските на понудениот деловен план;
- Изјава заверена на нотар дека ги прифаќа условите наведени во конкурсната документација;
- Изјава заверена на нотар дека не постои судир на интереси согласно со Законот за спречување на судир на интереси и други податоци.

## Критериуми за оценување на пријавите

Откако заинтересираните кандидати ги доставиле сите потребни документи утврдени со јавниот конкурс за доделување на дозволи за телевизиско или радио емитување, Агенцијата пристапува кон стручна оцена на пријавите, поаѓајќи притоа од следните критериуми:

-Предвидена застапеност на програмата произведена од страна на самиот радиодифузер *(in house production)* и продукција на македонски аудио и аудиовизуелни дела;

- Квалитет, жанровска и тематска разновидност на содржините, со што ќе се даде придонес за поголема разновидност и плурализам на македонскиот пазар;

- Застапеноста на програми со кои се поттикнува развој и зачувување на националната култура;

- Предвидена застапеност на програми на независни продуценти и на европски аудиовизуелни дела;

- Техничките услови за производство на програмите (техничко технолошка опременост);

- Просторните услови за вршење на дејноста;

- Финасиската способност за остварување на дејноста за времето за кое се доделува дозволата и понудените гаранции

- Понуден рок на започнување со вршење на дејноста и

- Понудено време на дневно емитување.

Доколку дозволата се однесува за телевизиско или радио емитување на регионално или локално ниво, освен горенаведените критериуми, како дополнителен критериум ќе биде понудената застапеност на програми што ќе третираат настани, информации и други содржини од значење за подрачјето во кое ќе се емитува програмата.

**Одлука за доделување на дозвола**

Јавниот конкурс за доделување на дозвола за телевизиско или радио емитување е успешен доколку на конкурсот е доставена најмалку една пријава која ги исполнува условите утврдени со конкурсот. Одлуката за доделување на дозвола се објавува во Службен весник на РМ и на веб страницата на Агенцијата која е детално образложена.

Агенцијата е должна во рок од ***седум*** дена од нејзиното донесување да ја достави одлуката до сите учесници на конкурсот. Одлуката е конечна, а учесниците во конкурсот кои не се задоволни од истата имаат право во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката да поднесат тужба до надлежниот суд. Постапката пред надлежниот суд е итна.

**Стечај или ликвидација на трговско радиодифузно друштво**

Над Трговско радиодифузно друштво може да се покрене постапка за ликвидација или да се отвори стечајна постапка согласно Законот за стечај, со тоа што одредбите на Законот за стечај не се однесува на јавниот радиодифузен сервис.

**Настани со ексклузивни права за емитување**

Радиодифузер врз основа на добиени ексклузивни права е должен да емитува настани за кои се смета дека се од големо значење за општеството, на начин со кој најмалку 80% од јавноста  во РМ ќе им овозможи следење на таквите настани преку директно или одложено емитување на телевизија со слободен пристап (бесплатна телевизија). Советот со одлука донесува Листа на настани од (национални или меѓународни) за кои се смета дека се од големо значење за општеството и притоа одредува дали тие настани треба да бидат во целост или делумно достапни со директен пренос или онаму каде што тоа е неопходно или соодветно за јавниот интерес, а од објективни причини, во целост или делумно достапни преку одложен пренос. Агенцијата е должна за одлуката на Советот да ја извести Европската комисија и Комитетот за прекугранична телевизија на Советот на Европа.

**Право на кратко известување**

Секој радиодифузер, под фер, разумни и недискриминирачки услови, има право на кратко известување за настани за кои постои висок интерес кај јавноста за кои ексклузивни права има радиодифузер од Република Македонија.

Кратко известување се смета известување во траење од најмалку една ипол минута. Кратките известувања се користат единствено во вести и спортски магазини кои неможат да се состојат само од кратки известувања на радиодифузерот, а во аудиовизуелните медиумски услуги по барање може да се користат само доколку радиодифузерот е и давател на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и доколку истите ги нуди со одложен временски период.

Доклку радиодифузер од РМ нема ексклузивни права за емитување на настан за кој постои висок интерес во јавноста, пристапот до информации за настанот се обезбедува  од друг радиодифузер од РМ кој ги има ексклузивните права, со тоа што условите треба да се соопштат навремено пред случувањето на настанот за кои постои висок интерес кај јавноста за да им се даде доволно време на другите радиодифузери за користење на таквото право.

**Стандарди и начела на работа на МРТ**

Основни стандарди и начела при продукцијата или презентација на програмите, новинарите и уредниците во МРТ, како и другите лица кои се инволвирани во производството и продукцијата на програмите на МРТ, должни се:

- Да се придружуваат кон начелото на вистинитост, непристрасност и сеопфатност на информациите;
- Се придржуваат кон начелото на политичка избалансираност и плурализам на ставовите;
- Обезбедуваат непристрасни, сеопфатни и важни информации и иостите да ги презентираат јасно, недвосмислено и на начин на кој граѓаните ќе имаат можност слободно да го формираат своето мислење**;**
- Не застапуваат или фаворизираат ставови или интереси на одредена политичка партија, здружение, личен интерес, религија или идеологија и во програмите еднакво да го уважуваат мислењето и уверувањето на другите;
- Ја почитуваат приватноста, достоинството, угледот и честа на индивидуата;

- Се придржуваат кон начелото на уставност и законитост во формирањето на информациите и програмите, вклучувајќи ја забраната за поттикнување на културна, расна, религиозна, полова, национална или други форми на нетолеранција;
- Се придружуваат кон начелото на политичка независност и автономија на новинарите;
- Прават јасна разлика меѓу информација, односно настан и став и
- Ги почитуваат критериумите за квалитет, стручност, културни вредности и професионална компетентност во смисла на достигнатите национални и европски признати највисоки професионални стандарди и етички принципи за независно новинарство и квалитетна програма.

**Архивирање на аудио и аудиовизуелните дела на МРТ**

Согласно одредбите на Законот за аудуо и аудиовизуелни медиумски услуги, МРТ има законска обврска да обезбеди долгорочно архивирање на аудио и аудиовизуелните дела кои се создаваат при вршењето на дејноста. Тие дела претставуваат големо аудиовизуелно богатство на РМ, бидејќи најголем дел од нив ја одразуваат културната меморија која е важна за негување и развивање на националниот и културниот идентите на македонскиот народ, но и на другите етнички заедници кои живеат во РМ.

Сите аудио и аудиовизуелни дела се од јавен карактер, односно се достапни за секоја заинтересеирана страна во форма на копија, но со плаќање на определен надоместок кој се заснова на реален трошок.

Исто така, согласно одредбите на наведениот закон, снимките од работата на Собранието, собраниските комисии и тела, јавните расправи и други важни настани претставуваат трајна архивска граѓа, чии копии од истите се чува во библиотеката на Собранието на РМ и Државниот архив на РМ, на јазик што го зборува пратеникот во оригинал без превод. Доколку некој сака да добие копија од снимките, тој, мора да поднесе писмено барање до Собраниската библиотека со плаќање на надоместок во висина на направените реални трошоци.

**Органи на МРТ**

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ги утврдил следните органи на МРТ: *Програмски совет на МРТ, Надзорен одбор на МРТ и директор и заменик на директорот.*

**Програмски совет**. Надлежностите на овој орган тесно се поврзани со остварувањето на програмските содржини на јавниот радиодифузен сервис, односно ги штити интересите на јавноста во поглед на програмските содржини кои ги емитува и се грижи за остварување на интересите, целите и надлежностите на МРТ. Притоа, Програмскиот совет, не смее да ги прегледува одделните емисии или други делови на програми пред истите да бидат емитувани, односно не може да донесува одлуки и ставови за нивно емитување, со цел да се обезбеду уредувачка и новинарска независност и самостојност. Програмскиот совет на МРТ брои 13 члена кои ги бира Собранието на РМ. Неговата структура треба да ја рефлектира различноста на македонското општество и да има соодветна застапеност на двата пола. Мандатот на членовите на Програмскиот совет е 5 години со право на уште еден последователен мандат.

**Овластени предлагачи**. Членовите на Програмскиот совет ги именува и разрешува Собранието на РМ, а нив ги предлагаат овластени предлагачи и тоа:

- Интеруниверзитетската конференција предлага кандидат за еден член;
- Националната установа Албански театар предлага кандидат за еден член;
- Националната установа Турски театар предлага кандидат за еден член;
- Здруженијата на новинари со најголем број на членови предлагаат по еден член на Советот;
- Заедницата на единиците на локалната самоуправа предлагаат кандидати за тричлена;
- Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на РМ предлага кандидати за пет члена.

Кандидатите за членови на Програмскиот совет треба да бидат државјани на РМ со високо образование и да се истакнати лица кои во јавниот живот се познати по својата заложба за почитување на демократските вредности и начела на владеење на правото, градење и подигнување на највисоките вредности на уставниот поредок во РМ, развојот на граѓанското општество, заштита на човековите права и слободи, како и слободата на изразување.

При утврдувањето на предлог кандидатите за членови на Програмскиот совет на МРТ, Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на РМ треба да се раководи од начелото на соодветна правична застапеност на граѓаните на сите заедници кои живеат во РМ.

**Надлежности на програмскиот совет**

Програмскиот совет на МРТ ги има следните надлежности:

-го следи исполнувањето на програмските обврски, начелата и стандардите утврдени во овој закон, а во случај на нивно непочитување е должен писмено да го предупреди директорот на МРТ и може да побара од него да го прекине емитувањето на програмата,

- ги следи коментарите и укажувањата на публиката во однос на емитуваната програма на МРТ и имајќи ги предвид истите може во писмена форма да побара од директорот на МРТ да го прилагоди обемот, структурата или севкупниот квалитет на програмската содржина,

- донесува Деловник за своето работење,

- ги избира и разрешува членовите на Надзорниот одбор на МРТ,

- го избира и разрешува директорот и заменикот на директорот на МРТ,

- го донесува Статутот на МРТ,

- ги усвојува годишниот извештај за работа за претходната година и годишната програма за работа за наредната година на МРТ,

- ја усвојува програмата за развој на МРТ

- ги донесува Општите правила за програмските и професионалните стандарди во МРТ и

- ги донесува општите акти за работењето на МРТ утврдени во Статутот на МРТ

-дава согласност на именувањата или разрешувањата на одговорните уредници во МРТ.

***РАДИОДИФУЗНА ТАКСА***

Радиодифузната такса претставува јавна давачка утврдена со закон. Радиодифузната такса се плаќа секој месец во износ од 190 денари. Висината на износот на таксата се менува еднаш во годината во зависност од висината на трошоците на живот за претходната година објавен од Државниот завод за статистика.

Од радиодифузната такаса се покриваат трошоците за создавање и емитување на програмите и за техничко-технолошки развој на јавниот радиодифузен сервис, за одржување, употреба и развој на јавната радиодифузна мрежа и за работа на Агенцијата. Од собраните средства за радиодифузна такса се финансираат ЈП Македонска радио-телевизија; ЈП Македонска радиодифузија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Средствата од наплатената радиодифузна такса се распоредуваат согласно одредбите на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според следната структура:

- 74.5% за МРТ за покривање на трошоци за создавање и емитување на програмите и за техничко-технолошки развој,

- 19.5% за ЈО Македонска радиодифузија за одржување, употреба и развој на јавната радиодифузна мрежа и
- 6% за Агенцијата за регулирање и развој на медиумите и аудиовизуелните медиумски услуги.

Од вкупно уплатените средства за радиодифузната такса Управата за јавни приходи задржува износ во висина од 3% за покривање на трошоците за утврдување и наплата на средствата за радиодифузната такса.

Во случај на потреба од присилна наплата на радиодифузната такса ќе се применат одредбите на Законот за даночната постапка.

**Регистар на обврзници за плаќање на радиодифузна такса**

Регистар на обврзници за плаќање на радиодифузна такса го води МРТ, која во текот на годината е должна постојано да го ажурира истиот и за тоа да го известува Собранието на РМ преку годишниот извештај за работа на МРТ за претходната година. Во постапката за утврдување и наплата на средствата од радиодифузната такса се применуваат одредбите од Законот за даночната постапка. УЈП врз основа на податоците од регистарот на обврзници на радиодифузна такса го утврдува месечниот износ на радиодифузната такса, кој обврзникот е должен да го плати најдоцна до 15 наредниот месец, во спротивно секое задоцнување е должен да платикамата утврдена со закон. Наплатата се врши на сметка на МРТ која уплатените средства треба да ги насочи кон корисниците утврдени со закон.

**Субјекти кои имаат обврска да плаќаат радиодифузна такса**

Согласно одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (чл. 136) обврска да плаќаат радиодифузна такса имаат следите субјекти:

- секое семејно домаќинство во РМ;
- хотели и мотели, по една радиодифузна таксаза секои пет соби;

- Трговци поединци регистриранисогласно Законот за трговски друштва како и вршители на дејност регистрирани согласно со закон до 20 вработени по една радиодифузна такса;
- правни лица и сопственици на деловен простор на секои 20 вработени или други лица кои го користат деловниот простор, по една радиодифузна такса. Правните лица кои не се регистрирани согласно Законот за трговски друштва, односно кои добиваат статус на правно лице согласно со други закони немаат обврски да плаќаат радиодифузна такса согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и
- сопственици на угостителски и други јавни објекти опремени со радио или телевизиски приемник, за секој приемник плаќаат по една радиодифузна такса.

**Ослободување од плаќање на радиодифузната такса**

Доколку одредени населени места во РМ коишто не се покриени со радиодифузните сигнали на ЈП Македонска радиодифузија преку кои се емитуваат програмските сервиси на МРТ, и поради тоа неможат да гледаат/слушаат програмите на МРТ, на предлог на Агенцијата, Владата на РМ ќе определи кои населени места нема да плаќаат радиодифузна такса.

Исто така, согласно одредбите на Законот, во семејствата каде што има лица со оштетување на видот, слухот и лица со телесен хендикеп со закон утврден процент се ослободени од плаќање на радиодифузната такса. Така, семејство кое има слепо лице со оштетување на видот од над 90%, глуво лице со оштетување на слухот од над 60 децибели или лице кое е телесен инвалид со над 90% на инвалидност согласно со прописите за инвалидско осигурување е ослободен од плаќање на радиодифузна такса за станот во кој живее неговото семејно домаќинство.[17]

---

[17] Види чл.136 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Сл. Весник на РМ бр. 184/13)

***САМОРЕГУЛАЦИЈА И КОРЕГУЛАЦИЈА***

Саморегулацијата е многу важен сегмент во обезбедувањето на независно и слободно новинарство. Медиумската саморегулацијата преставува механизам кој прави рамнотежа помеѓу слободата на медиумите и тенденцијата таа да биде злоупотребена. Таа е специфична потврда за демократичноста на медиумските системи. Целта на саморегулацијата не е да биде цензура или да наметне автоцензура, туку да ги постави и брани принципите на етичкото, објективното и точното новинарство кое ги почитува човековите права, при што целосно се запазува слободата на уредувачката политика што и како ќе биде презентирано од медиумот.

Праксата покажува дека одговорното и етичкото новинарство никогаш не е резултат на законски решенија, туку на доброволно почитување на кодексот кој е креиран од самата новинарска (медиумска) заедница. Саморегулаторните тела во разни држави имаат различни називи (совети на честа, совети за печат и др.), но нивната цел е да го подобрат новинарството и работата на медиумите.

**Искуства од другите држави**

**Холандија:** Најпрво во 1948 година бил формиран Дисциплински совет на Новинарската федерација, за во 1960 година се формира  Совет на медиуми. Овој совет се формира како реакција на прекршување на ембарго за објавување на една вест. Владата на Холандија не била подготвена овој случај да го препушти на Дисциплинскиот совет, бидејќи тој бил надлежен само за членовите на Федерацијата. Ставот на Холандската влада ја испровоцира Федерацијата на новинарите на Холандија Дисциплинскиот совет да го претвори во Совет на медиуми. Новиот совет има надлежност да процесуира жалби против новинарите

без разлика на тоа дали членуваат во некоја организација или не, но нема овластување да одредува санкции.

**Германија**: има Совет на медиуми кој е формиран во 1956 година. Советот го сочинуваат четири организации: Германска асоцијација на новинските издавачи, Германската асоцијација на издавачите на списанија и двата новинарски синдикати. Членови на Советот се новинари и издавачи, иако, понекогаш, издавачките организации делегираат и адвокати. Владата не партиципира со членови во  Советот, ниту пак на било кој начин е вклучена во работата на Советот. И покрај тоа, државата учествува со една третина од буџетот за функционирање на Советот како поддршка за успешна работа  на ова саморегулаторно тело. Останатиот дел од буџетот го обезбедуваат две новинарски асоцијации. Речиси 95% од новинските издавачки куќи во Германија го имаат потпишано документот со кој се обврзуваат дека ќе ги објават забелешките што ги донесува Советот за медиуми. До крајот на 2008 година Советот одлучуваше за околу 800 жалби годишно, а од 2009 година, откако жалбите можат да се доставуваат и преку Интернет, бројот на жалби се зголеми на 1.300 годишно.

**Србија**: Советот за медиуми во Србија е формиран во 2009 година. Советот има 11 члена кои ги избираат основачите на медиумите како свои непосредни преставници. Во Советот се бираат и претставници на пошироката јавност. Согласно одредбите на Статутот на Советот, двете новинарски здруженија НУНС и УНС именуваат по двајца претставници, тројца именува Асоцијацијата на медиумите и еден Здружението на локалните медиуми. Останатите тројца членови се преставници на јавноста, кои се избираат со консензус на јавен оглас. Основна задача на Советот е решавање по претставките на граѓаните за објавените информации во медиумите со изрекување јавни опомени. Со Статутот на Советот е предвидена можност Советот да посредува (има улога на медијатор) меѓу оштетените поединци и редакциите со цел да се избегнат судските спорови во кои едната страна го губи спорот.

Во **Босна и Херцеговина,** како саморегулаторно тело, функционира Совет за печат, кој има значајна улога во јакнењето на граѓанското општество и

заштитата на човековите права преку поднесување приговори за неточните, непрофесионални и нецелосни информативни содржини во печатот и онлајн медиумите. Советот нема ингеренции да казнува парично, да суспендира или да затвора медиуми. Советот споровите меѓу јавноста и медиумите ги решава исклучително со новинарски средства  како што се: право на одговор, објавување исправки, извинување и демант. Советот за печат во Босна и Херцеговина во својот состав има преставници на медиуми, новинари и граѓани.

**Саморегулација во Република Македонија**

Саморегулацијата во Република Македонија нема долга традиција. Таа е институционализирана со Статутот на Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ), кој е донесен од страна на Собранието на ЗНМ на 14.11.2001 година. Во **Република Македонија** саморегулаторното тело во новинарството се нарекува ***Совет на честа***. Иако, Советот постои повеќе од една деценија, сепак тоа не се наметна како вистински саморегулатот во новинарската фела. Ваквото тело е единственото саморегулаторно тело на новинарите на Македонија. Неговата основна задача  да се грижи и да ги промовира етичките принципи, критериуми и стандарди на професионалното и одговорно новинарство содржани во Кодексот на новинари на Македонија. Етичкото новинарството секогаш тргнува од потребата на граѓаните за објективни, точни, проверени, балансирани информации. Ова подразбира дека новинарството треба да биде независна професија којашто е ослободено од партизација и партиски стеги и мора да прави разлика меѓу фактите, коментарот и мислењето – со што практично ќе се разликува од пропагандното новинарство или од таблоидите.

Совет на честа е орган на ЗНМ и брои <u>седум</u> членови кои ги избира Собранието на ЗНМ од редовните членови на ЗНМ. Советот на честа е единственото саморегулаторно тело на новинарите во Македонија. Советот на честа согласно чл. 46 од Статутот на ЗНМ ги има следните надлежности:

- Го следи остварувањето на начелата и одредбите на Кодексот на новинарите на Македонија;

- Разгледува случаи и покренува постапки што се однесуваат на членови на ЗНМ;
- Самостојно јавно реагира и изнесува вредносни мислења/судови во случај на повреда на начелата и одредбите на Кодексот на новинарите на Македонија;
- Самостојно покренува или предлага расправа во другите тела на ЗНМ за појавите во јавното информирање со што се кршат начелата и одредбите на Кодексот на новинарите на Македонија;
- Покренува иницијативи до Управниот одбор на ЗНМ за промена на законски одредби или подзаконски акти што ги оневозможуваат или ги кршат начелата и одредбите на Кодексот на новинарите на Македонија;
- Ангажира надворешни експерти и консултанти за потребите на своето работење.

Од горенаведените надлежности на Советот, можеме да констатираме дека улогата на ова тело не е да воспостави цензура или да наметне автоцензура, туку неговата улога е пред се да ги поставува и брани основните принципи на етичното, избалансираното и објективното новинарство кое ги почитува демократијата, човековите права, слободата на уредувачката политика на медиумот. Етичното новинарство е во интерес на јавноста и целокупното општество и преставува глас на јавноста и поради тоа не смее да биде партизирано. Новинарството кое се раководи од етичките начела и принципи мора да се фокусира на аргументите, фактите и вистината со што практично ќе се разликува од сензационалистичкото, пропагандното или од таблоидното новинарство кое се раководи од некакви други цели или интереси, игнорирајќи го Кодексот на новинарите. Со целосното почитување и промовирање на Кодексот се подобрува кредибилитетот на медиумите во јавноста и тие се доживуваат не само како слободни туку и како одговорни. Во исто време, почитувањето на Кодексот го штити и самиот новинар – бидејќи му дава право да не прифати нешто што не е во согласност со професионалните стандарди и воедно го иззема од судот на другите оставајќи го на судот на колегите.

До Советот на честа со преставка може да се обрати секој поединец или организација кои се засегнати од непрофисионалното и неетичкото новинарство. Преставката упатена до Советот треба да ги содржи следните информации:

- каде и кога е објавена содржината на која се жалите (датум и весник во кој е објавена, односно датум и време на објавување доколку се работи за телевизија или радио). За подобра аегументација  се испраќа и копија на текстот, односно видео или аудиозапис на спорниот прилог;

- што сметате во прилогот или текстот дека не е во согласност со професионалните стандарди барајќи демант, дополнување на информацијата, исправка или извинување;

- контакт адреса или телефон заради комуникација во процесот на разгледување на преставката.

По добиената претставка, Советот ја контактира редакцијата, односно новинарот за кого станува збор, барајќи од него коментар и објаснување и обидувајќи се случајот да го реши со посредување на редакцијата, демант, исправка или со извинување. Дококолку не се постигне договор, Советот заседава и го разгледува спорниот новинарски прилог, преставката, како и објаснувањето на новинарот и ќе донесе оценка која се заснова на новинарските стандарди и Кодексот на новинарите на РМ.

Постапката се поведува во рок од десет дена од денот на пријавата, а Советот на честа одлучува со просто мнозинство, доколку на седницата присуствуваат најмалку 4 членови – советници. Седницата на Советот е јавна. Преставката се испраќа до Здружението на новинарите на Македонија  со назнака за Советот на честа или по електонска пошта, а формуларот за преставки е поставен на веб страната на Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ).

**Б. Декларација за правата и обврските на новинарите**

Основен универзален етички документ на професионалните новинари е Декларацијата за правата и обврските на новинарите, донесена во Минхен во 1971 година. Во продолжение го поместуваме текстот на истата.

“Суштински обврски на новинарот во прибирањето, редактирањето и коментирањето на вестите се:

1. да ја почитува вистината, без оглед на последиците врз него-поради правото на јавноста да ја дознае вистината;

1. да ја брани слободата на информирањето, коментирањето и критикувањето;
2. да изнесува само факти чиј извор му е непознат; да не ја сокрива информацијата и да не ги менува текстовите и документите;
3. да не се служи со нечесни методи за да обезбеди вести, фотографии и документи;
4. да ја почитува приватноста на другите личности;
5. да ја почитува професионалната тајна и да не го предава изворот на информацијата добиена во доверба;
6. за тешка повреда на професијата се сметаат: плагијат, фрлање кал врз личноста, навредување, клеветење и неосновани обвиненија, примање на секаков поткуп, сеедно дали за објавување или сокривање на информацијата;
7. никогаш нема да ја меша професијата новинар со професијата продавач на огласи или пропагандист и да ги отфрла сите директни или индиректни налози од оној кој дава налози;
8. да се спротивставува на секој притисок и уредувачките налози да ги прима само од надлежните личности од редакцискиот состав.

Новинарите достојни за тоа име ќе го сметаат за своја должност верното придржување кон овде изнесените начела; во рамките на законите на секоја земја, новинарот ќе ја почитува само надлежноста на своите колеги во прашањата кои се однесуваат на професијата и ќе го отфрли секое мешање на властите или на било која друга инстанца.“

Во едно истражување на 31 европски кодекси на новинарскат етика, Тијна Лајтила (Tiina Laitila)  (1995), ***утврдила дека***: 40% од кодексите ја формулираат одговорноста на новинарите кон јавноста (публиката, читателите, гледачите, слушателите) како што се вистинитоста на информациите, одговорноста за влијанието врз јавното мислење, 23% содржат начела, што се однесуваат на заштита на професионалниот интегритет на новинарите (на пример заштита од јавните насилства, од работодавачите и реклами), во 22% се работи за одговорност кон изворот на информации (на пример одредби за собирање и презентација на информациите и за интегритетот на изворот), во 9% од кодексите се работи за заштита на статусот и професионалната солидарност, 4% содржат одредби за одговорноста кон работодавецот и 2% за одговорноста кон државните институции.

**Слобода на критиката** е важен аспект на слободата на изразување. Понекогаш власта знае да заспие и да не ги гледа општествените проблеми на рационален начин. Последица на тоа е правење на грешки кои понекогаш можат да бидат со несогледиви последици. Новинарот е тој кој што може слободно да ја критикува и контролира власта за направените пропусти и евентуални злоупотреби во вршењето на истата. Тој со своето критичко и јавно изнесување на фактите допринесува власта да го корегира своето однесување, а со тоа и се спречат поголеми негативни последици врз општеството и граѓаните. Критиката преставува конструктивна опомена, совет, рационално соочување и согледување на реалноста, мислењата, аналитичко согледување на проблемот, со цел да се реши на еден демократски и аргументиран начин. Секоја власт во аргументираната критика на новинарите треба да гледа сојузник, а не противник. Критиката овозможува на власта да се отрезни, да ги согледа сопствените слабости во владеењето, како и да преземе соодветни мерки и активности во отстранувањето на грешките. Новинарите кои во својата професија се раководат од начелото на независност и критичко мислење се добри професионалци, кои се ценети во јавноста, но непосакувани од моќниците. Ретко која власт поднесува критика, дури и кога таа е добронамерна и аргументирана.

Критиката е многу важна и заради контрола на власта во вршењето на јаните работи. Таму каде што постои слобода на критика и контрола добро функционира целокупниот систем и обратно. Слободата на изразување и критика овозможува професионална независност и интегритет. Независноста се стекнува со неприфаќање на било какви привилегии (материјална, финансиска), како и отфрлање на надворешни влијанија врз новинарската професија. Интегритетот бара интелектуална способност, стручност, компетентност и морална култура. Само способни и стручни новинари, поткрепени со морално делување и однесување, можат да стекнат интегритет во професијата. Не е доволно само да се поседува стручност и компетентност, туку и моралност.

**Вистината** е фундаментот на секоја професија, особено на новинарската. Без вистина нема иднина на ниту едно општество. Вистината или ја има или ја нема. Полувистината (нецелосна информација) е еднаква на шпекулација. Информацијата е вистинита кога таа е сеопфатна и целосна. Новинарот има професионална обврска да пренесе точна информација за настанот. Секој факт кој јавно се објавува треба да се провери. Ако фактите се спорни и сумливи, тогаш јавноста треба тоа да го знае. Кога станува збор за изјава и таа треба да се провери дали е вистините и точна. Изјавите никогаш не треба да се фризираат, туку треба да се објавуваат во изворна форма. Вистината не е само професионален стандард туку и етичка норма, морална должност и одговорност. Вистината има законска рамка, односно таа правно се штити и гарантира. Новинарот кој се држи до вистината самиот се штити од евентуални тужби и судски процеси. Недопустиво за новинарската професија е објавување на полувистина или нецелосна вистина. Многу новинари во трката за ексклузивност, слава и успех објавуваат информации кои не се проверени до крај, кои подоцна излегуваат како површни и нецелосни. Затоа, новинарите треба да бидат многу внимателни во објавувањето на информации и за еденист настан треба да консултираат повеќе извори со цел да се комплетира информацијата.

**Точноста** е следниот стандард на доброто извршување на професијата. Нема вистина без точност. Точноста се покажува преку вистински податоци, Во новинарството точноста често се доведуваат во прашање преку давање на

неточни податоци за времето на настанот, името и презимето на учесникот, функцијата, фактите, мерките итн. Најчесто се греши во името и презимето на кои се однесува информацијата. Понекогаш (не)точноста може да предизвика непријатности за поединци, институции, претпријатија и сл.

**Чесноста** (објективноста) е својство на новинарот кое се покажува преку отвореност и исправно постапување во однос на другите и јавноста. Чесноста во новинарството претпоставува објективност, лична непристрасност, користење на факти, добра аргументација и целосен пристап во обработката на настанот, односно потенцирање на важните во однос на неважните факти, а не обратно, искреност кон јавноста без нејзино заведување или манипулирање. Чесноста на новинарот се огледа и преку одбивање на разни спонзорства, донаторства, подароци, патувања, честење и други форми на лична корист. Соработката и блискоста на новинарите со спонзорите преставува опасно загрозување на професионалните стандарди на новинарската професија.

**Непристрасноста** преставува професинален стандард на новинарот според кој тој треба да биде неутрален, односно не треба да држи и застапува страна за настанот за кој ја информира јавноста. Настанот треба да се прикаже онака како што е настанат држејќи се до фактите и аргументите. Непристрасноста подразбира и врамнотеженост во информирањето, односно подеднакво остапување простор на страните во настанот.

**Чување на изворот на информација** е еден од професионалните стандарди на новинарската професија и спаѓа во доменот на професионална тајна. На ова сугерира и Минхенската декларција според која “новинарот треба да ја почитува професионалната тајна и не го кажува изворот на информацијата добиена на доверба.“[18] Тој треба да остане тајна дури и кога новинарот се јавува во својство на сведок. Обврската да не се издава тајната на изворот на информацијата е морална обврска и преставува еден вид на морален договор помеѓу новинарот и тајниот извор на информацијата.[19]

---

[18] Види чл. 6 од Декларација за правата и обврските на новинарите, Минхен, 1971.
[19] Ч. Чупиќ, Медијска етика и медијски линч, Чигоја штампа, Београд, 2007, стр. 22.

**Почитувањето на човековата личност – приватноста**, исто така, преставува важен професионален стандард на новинарската професија. Овој стандард произлегува од два принципа: почитување на приватниот живот и заштита од повреда на честа. И овој професионален стандард произлегува од Минхенската декларација за правата и обврските на новинарите, според која ги обврзува новинарите “*да ја почитуваат приватноста на другите лица.”*[20] Приватната сфера припаѓа на поединецот и доколку во неа се навлезе без одобрување се крши правото на почитување на приватност или интимата на поединецот.

Од античка Грција и стариот Рим, па се до денес се прави разлика помеѓу јавното и приватното. Старите Грци и Римјани јавното го врзувале за политиката, односно за политичкото одлучување и одлуки (животот на слободните луѓе во агората или форумот), а приватно или интимно за животот на поединецот во семејството. Теориски и правно ова разграничување е јасно, но во конкретни ситуации тоа се покажува како многу деликатно и сложено. Тоа произлегува од одлуката на поединецот кој е јавна личност (актер, спортист) и заради одржување на неговата популарност, тие допуштаат да се пишува за нивниот приватен и интимен живот. Истото се однесува и за политичарите. Тие како носители на јавни функции се дел од јавната сфера. Се поставува прашање дали носителите на функции можат да имаат два одвоени животи: јавен и приватен. Колку нивниот приватен живот влијае на јавното делување? Колку нивното негативно однесување во приватниот живот може да се прифати?

**Недискриминацијата**, односно отфрлањето на дискриминацијата по било која основа: расна, верска, полова, старосна, национална, социјална, политичка, и др., исто така, преставува важен професионален стандард на новинарската професија, а која е поврзана со почитувањето на човековата личност и достоинство. Разликите помеѓу луѓето по било кој основ треба да се прифаќаат, но тоа не значи дека поради нив некој треба да се прифати а некој друг да се отфрли во јавноста. Единствена прифатлива поделба на луѓето се универзалните вредности: љубов, вистина, слобода, правда, солидарност, достоинство.

[20] Чл. 6 од Декларацијата за правата и обврските на новинарите, Минхен, 1971.

Однесувањето кое ги загрозува наведените универзални вредности треба да се отфрлаат и јавно жигосуваат. Основната одговорност и задача на ноовинарската професија е јавно да пишуваат и зборуваат за негативните појави и да ги жигосуваат, бидејќи тие го разјадуваат општественото ткиво.

Во тесна врска со начелото на недискриминација е и начелото на одбегнување на **говор на омраза** во новинарската професија. Новинарската професија се темели на вистинито информирање со примена на избалансирана и позитивна терминологија, која нема да создава тензии по било која основа. Говорот на омразата во јавноста внесува негативни емоции, предизвикува конфликти, ја продлабочува недовербата, ги дели луѓето по разни основи, за да на крајот заврши со насилство. Затоа не треба да се дозволи јавноста да се загадува со омраза, завист, презир, пакост. Зборови на омраза изречени или напишани во медиумите го поттикнува насилството и други облици на несоцијално однесување. Секоја омраза е деструктивна и осветничка. Тие што го практикуваат говорот на омразата немаат шанса за своја иднина, бидејќи произведува осветници кои било кога ќе се обидат да се реваншираат. Омразата *“по својата природа флуидна и тешко може да се задржи само во едно корито – таа секогаш покажува тенденција да нарасне и да се излие далеку од границите кои би сакале да ги поставиме”*.[21] Говорот на омраза е карактеристично за поделените општества (национална, верска, расна, социјална основа). Тоа е одраз на состојбите во општеството и политиката. Ако општеството е поделено тогаш и говорот на омразата не е исклучена.

Освен горенаведените професионални стандарди добриот новинар треба да поседува **знаење, способност и совест**. Наведените карактеристики преставуваат надополнување на погоре наведените стандарди на професијата. Со цел да се достигнат наведените стандарди, современото новинарство налага потреба од континуирано едуцирање и усовршување на новинарот. Одамна помина времето кога новинарите беа “универзални незнајковци” или “енциклопедиски сезнајковци“. Денес од новинарите се бара да поседуваат високо стручно образование, да имаат широко и продлабочено знаење од сите

---

[21] Nikola Milosevic, *Socijalna psihologija Staljinizma*, cas. “Filozofske studije”, br.XV, 1983, str.155.

општествени сфери, широка култура, да знае да води дијалог и толерантен пристап на реалноста, да почитува различности.

Меѓу новинарите има професионалци кои немаат високо образование, стручност, ни широка култура. Последица на таквата состојба е лесно манипулирање со таквите новинари, како од сопствениците на медиумите, така и од власта. Сопствениците на медиумите преку таквите новинари си ги штитат сопствените интереси кои често се спротивни на јавниот интерес. Власта, преку таквите новинари ги лансираат пораките кои на нив им одговараат. Од таквата ситуација најголеми губитници се граѓаните и целокупната јавност. Затоа, граѓаните кон новинарската професија и медиумите гледаат со голема недоверба.

Медуимите и новинарите имаат мултидимензионална улога:

1. да пренесуваат информации важни за јавниот живот,
2. да посредуваат меѓу власта и граѓаните, односно државата и граѓанското општество,
3. да ја критикуваат и да вршат контрола на власта.
4. подигање на нивото на општа култура на граѓаните (и демократската политичката култура)
5. социјализација на личноста и политичка социјализација
6. пренесување на универзални, особено човекови вредности
7. влијание за формирање и ширење на вредности и вредносни систем.

Освен позитивна улога, медиумите и новинарите, можат да одиграт и негативна улога: ширење на агресија, деструкција, дефетизам, негативни емоции. Имено, тие можат да се претворат во средство за ширење на лаги, хушкање, измама, создадат лоши чуства (омраза, завист, пакост) и состојби (паника, страв, деморализираност), како и да создадат ментална состојба кај одредени групи и поединци кои лесно прераснуваат во агресија, па се до организирање на злосторства. На пример најголем дел од граѓанските војни започнуваат како вербална војна, која новинарите со своите новинарски прилози ја поддржуваат и распламтуваат, за да подоцна истата се трансформира во реална војна.

Од горенаведеното можеме да констатираме дека медиумите и новинарите имаат двострука улога: позитивна и негативна. Позитивната улога треба да се поддржава, а негативната да се елиминира. Развојот на професионалните стандардите на професијата преставува макотрпна работа. (Чупиќ, стр 14).

Моралното информирање и созревање на новинарите е долг и незавршен процес. Добриот новинар секогаш треба да се раководи од моќта на знаењето и моќта на совеста. Во новинарската свест совеста секогаш треба да биде професионална водилка и внатрешен закон. Човек кој поседува моќ на знаење, но не и моќ на совест, преставува стручњак без совест. Поради тоа, новинарите секогаш треба да имаат на ум никогаш да не ги одвојуваат овие два вида на моќ со кои располагаат.

## ПРАВА И ОДГОВОРНОСТ НА НОВИНАРОТ И МЕДИУМИТЕ

Поимите право и обврска се правни термини кои кажуваат дека одреден субјект има одредени права, но и должности. Новинарот како професија има права и обврски. Од аспект на новинарска професија, новинарот како професионалец има морално и законско право слободно да присуствува и да ги следи сите настани од јавен карактер, да собира факти и аргументи, а обврска да ја информира јавноста од настаните вистинито и точно. Од тоа како новинарот ќе се однесува кон своите права и обврски, ќе зависи и неговата професионална кариера. Ако новинарот со својот новинарски прилог ја информира јавноста невистинито (или полувистинито), еднострано, конфузно, парцијално, збунувачки и сл. тогаш тој ги крши основните морални обврски, затоа што не постапува согласно моралните и професионалните принципи. Ова го има потенцирано Тунис Вортман *(Tunis Wortman)* во далечната 1801 година во своето антологиско дело *Расправа за политиката и слободата на печатот (A treatise Concerning Political Enquiry and the Liberty of the Press)* кој се обидува да ја артикулира обврската на медиумите секогаш да ја пренесуваат вистината:

*“Секое отстапување од вистината е кобно. Непристрасноста треба да биде постојана одлика на печатот (mediumite). Таа не би требало да биде*

*подмитена, да изрекува претерани незаслужни пофалби, ниту со сила да и биде наметнато затрајување. Штом печатот ќе овозможи искривено или непримерно известување на неговите страници (внесе пристрасност), таа станува опасност по вистинските интереси на општеството".*[22]

**Намерно или ненамерно изнесување невистина**

Новинарските прилози можат да содржат невистини најмалку од две причини: намерно или ненамерно. Намерната невистина преставува свесно прикривање на фактите од страна на новинарот за настанот, додека ненамерната невистина преставува несвесно, односно прикривање незнаење на вистината .

**Лична одговорност**: Моралниот човек е одговорен човек. Без личен морал нема лична одговорност. Одговорноста на поединецот подразбира одговорно делување и однесување кон себе, блиските, професијата, природата, државата. Без развиена способност за одговорност, нема одговорен поединец. Новинарот како професионалец, мора да поседува лична одговорност. Тој е лично одговорен за напишаното и објавеното.

**Одговорност на новинарот**: Одговорноста на новинарот е двостепена. Прво, да дејствува во согласност со професионалните стандарди и второ, да се спротивстави на било кој надворешен притисок кој ја доведува во правото на граѓаните да бидат информирани за сите најважни настани и случувања во општеството (државата). На овие одговорности се надоврзуваат уште други две одговорности: одговорност кон сопствениците на медиумите и одговорност пред јавноста.

Одговорноста кон сопственикот (работодавачот) преставува еден вид на лојалност која може и да биде злоупотребена. Често во праксата се случува поради лојалноста се доведува во прашање вистината. Лојалноста која ја

[22] Наведено во: Dejl Zaket, *Novinarska etika*, Sluzben glasnik, Beograd, 2007, str. 34.

доведува во прашање вистината ја уништува личната одговорност и етичноста на професијата. Одговорните новинари треба да одбегнуваат три опасности кои им претат: сервилност (услужност), демагогија и потпаѓање под разни влијанија.[23] Одговорниот новинар има критички пристап во гледањето на реалноста. Тој со неговиот критички став кон одреден општествен проблем делува превентивно, така што помага да се стопира одредена негативна тенденција која може да предизвика проблем со несогледиви последици.

Новинарот, освен индивидуална одговорност има и лична одговорност во професијата. Тој не е одговорен само кон граѓаните на кој се обраќа (публиката), туку и пред целокупната јавност. Одговорен е и спрема изворот на информацијата, поединците за кои пишува-зборува, професионалните стандарди, професионалните новинарски организации, редакцијата.

**Одговорност на медиумите**: Медиумите имаат одговорност во своето работење. Според теоријата на општествена одговорност, државата може да интервенира во оваа сфера тогаш кога медиумите и новинарите треба да внимаваат на правата на граѓаните и целокупната јавност. Според оваа теорија правата на граѓаните се над слободата на печатот (информирањето). Слободниот печат кој ги загрозува човековите слободи и права ја доведува во прашање самата слобода. Слободата не е анархична, не е ниту поединечна туку важи за сите.

Моќта на новинарите и медиумите особено доаѓа до израз во 19-от век, кога доаѓа до поврзување на медиумите со моќните политичари, сопственици и политички и деловни кругови кои известуваат под нивни диктат, а подоцна и конформизам и сервилност кон власта. Увидувајќи ги овие опасни тенденции во многу држави, особено во демократските, предизвика остра критика на јавноста. Така, во САД., формирана е Комисија за слобода на печатот, на чие чело бил ректорот на Универзитетот во Чикаго. Оваа Комисија во 1947 г., подготви извештај во кој се препорачува интервенција на државата кога во името на слобода на печатот се кршат човековите слободи и права на граѓаните и јавноста.

[23] Ч. Чупиќ, *Медијска етика и медијски линч*, Чигоја штампа, Београд, стр.44.

Следна негативна тенденција во развојот на медиумите во развиените демократски држави е монополот во медиумите. Под притисок на пазарот и конкуренцијата, започна процес на концентрација на медиумите, односно формирање на медиумски монополи кои ја диктираат “вистината” и го креираат јавното мислење. За да се одбегне монополот на медиумите започна процес на инстутиционализирање на контролни механизми. Без контролен механизми тешко може да се одржи медиумска одговорност. Контролата треба да биде *интерна и надворешна*. *Интерната контрола* или самоконтрола на медиумите, треба да се базира на јасни правила кои би ги применувале разни органи - тела (совети, комисии, омбудсман) во рамките на медиумите или посредник кој медиумите ќе го изберат и чие мислење би било обврзувачко. *Надворешната контрола* може да се обезбеди со закон со кој ќе се штити личноста, повредата на честа, клевета, право на одговор, забрана за формирање не медиумски монопол и др. Со примената на контролните механизми ќе се делува превентивно во однос на одговорноста на медиумите истите. Меѓутоа, примената на контролните механизми не смее да ја доведе во прашање слободата на медиумите и информирањето, туку да ги спречува злоупотребата на медиумите заради нечии лични интереси , особено во пласирањето на лаги и полувистини.

**Медиумите, бизнисот и профитот**

Основата на секој бизнис е профитот. Медиумите како посебен вид на бизнис, исто така, мотивот на своето работење го фундираат на профитот. Поимот медиуми секој од нас првично не асоцира на информирање и известување. Меѓутоа, ако ги продлабочиме нашите мисли овие два термини асоцираат и на нешто друго: моќ, политика, бизнис, пари, јавност и сл. Оттука, не е тешко да се заклучи дека новинарството и медиумите не е само информирање, туку е и голем бизнис. Медиумите (печатени и електронски) вртат големи пари по разни основи. Тие се организации (денес и големи медиумски корпорации) кои работат на компетитативна (конкурентска) и профитабилна основа и главна цел е остварување на што поголем профит. Ако направиме една опсежна анализа на

структурата на приходите на медиумите во сите држави во светот, без разлика во која форма се регистрирани (печатени, електронски, веднаш ќе воочиме еден ноторен факт, а тоа е дека најголем дел од остварените приходи се по основ на рекламирање. Основата на медиумскиот бизнис се продажбата на информации, вести и реклами. Согласно одредбите на Законот за радиодифузна дејност во РМ (чл. 20), Трговските радио-дифузни друштва имаат законска обврска секоја година до 31.03. да објавуваат податоци кои се однесуваат меѓудругото и на изворите на финансирање. Од анализата на Извештаите можеме да констатираме дека најголем дел од вкупните приходи се остваруваат по основ на реклами (80 до 100%).

Етиката на новинарската професија не е само благовремено и вистинито пренесување на информации и вести за релевантни настани, туку таа има и една друга димензија, а тоа е известување и произведување на информативни содржини заради остварување на што поголем профит на медиумската куќа. Остварениот профит, освен за плати се користи и за технолошки развој и опремување на медиумот (компјутери, камери, техника, опремување на студио, едукација) со што медиумот го прави поконкурентен на медиумскиот пазар кој е тешко освоив. Профитот се создава од продажба на информациите, но и намалување на трошоците во производството на информации. За да се зголеми профитот (добивката) на медиумот, потребно е да се намалат и трошоците. Намалувањето на трошоците се врши на повеќе начини: со максимално штедење во производството на информации (вести), користење на интернет, помалку патување, штедење на хартија, телефонски разговори, струја и сл. Меѓутоа, се поставува прашањето дали треба толку многу да се штеди на сметка на квалитетот на вестите и информациите.

**Рекламирање**

Рекламирањето се смета за услуга од огромно значење за медиумите. Значаен дел од својот профит, медиумите остваруваат од рекламирање.

Според Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (чл. 3 став 19), ***рекламирање е*** секоја форма на огласување, односно објавено за паричен или друг вид_надоместок или за самопромотивни цели на физичко или на правно лице во врска со: трговија, бизнис, занает или професија со цел да се промовира понудата на производи и услуги, вклучувајќи недвижен имот, права и обврски во замена за плаќање или популаризација на некоја идеја или активност или за постигнување друг ефект. Преку рекламирањето медиумите можат да остварат профит. Тоа може да биде со купување на простор за платено рекламирање. Од комерцијалните огласи медиумите заработуваат голема сума на пари од кои создаваат (продуцираат) нови програмски содржини. Освен платено рекламирање има и рекламирање на прикриен начин со емитување на вести во кои главните огласувачи во конкретната медиумска куќа, преку ТВ прилог, така што неговото име и производи повеќе пати се споменуваат во позитивна смисла како дел од приказната. Притоа, новинарот неприметно го споменува спонзорот на медиумот под превезот на легитимно прикажување на вести, кое не е толку упадливо. Прикриеното рекламирање се смета како облик на неетичко однесување на новинарот и медиумот.

Исто така, можеме да разгледаме една друга можност на прикриено рекламирање во емитувањето на вестите. На пример, во некои информативни емисии (вести), некои телевизии од центарот на градот директно или индиректно емитуваат вести за некој настан, а во позадината на снимката може да се видат големи светлечки рекламни паноа на кои се огласуваат производите на спонзорот. Така, веста за престојната премиера на Бродвеј може да биде проследена со снимки од Тајм сквер во Њујорк, на кои во позадината на репортерот-новинарот може лесно да се приметат неонски реклами на безалкохолни пијалоци (Кока Кола) или електронски апарати (Panasonic). Ако новинарите тоа намерно го прават заради некој економски бенефит, тогаш тие во своето известување ги кршат принципите на новинарската етика за зборување на вистината, бидејќи зад превезот на информирање на гледачите се прикажуваат реклами на одредена компанија.

**Заштита на авторските права**

Во последно време авторските права се повеќе се во фокусот на вниманието на академската и новинарската јавност. Медиумите во однос на авторските права се јавуваат во двојна улога: *прватa улога* е кога тој користи туѓи авторски текстови, и *вторaта* е кога тој се јавува во улога на автор на одреден текст на кој има авторски права. Во двата посочени случаја новинарот има свои права, обврски и одговорности во однос на користењето на авторските права. Ако користи туѓи текстови, тогаш тој има законска обврска да го посочи, односно цитира изворот на информацијата. Доколку некој друг го користи неговиот текст, тогаш тој е правно обврзан да го цитира користениот извор.

Плагијаторството е негативна и незаконита постапка која подлежи на санкции (морални и правни). Тоа е одраз на непочитување на туѓиот труд и негово присвојување како свој, кое може да се утврди на многу едноставен начин. Највулгарна дефиниција на плагијаторството е класична кражба на авторски и сродни права. Секое користење на туѓи мисли, текстови или натписи без експлицитно признавање или цитирање на оригиналниот извор се нарекува *плагијат*. Практикувањето на плагијаторството е одлика на медиокритетите и лицата кои сакаат на брз и лесен начин да дојдат до материјален бенефит кој се базира на туѓ труд, знаење, умеење. Наједноставен пример за класичен плагијат во новинарството е кога одредена информација е објавена од страна на Македонската информативна агенција (МИА), а истата таа информација во целост ја презема некој новинар од друга редакција и истата ја потпишува како своја.

Новинарската професија се заснова на пишување и креирање на информации, текстови, вести, натписи, статии, интервуа и др. информативни содржини во кои е вложен прилично голем напор и интелетуален труд. Новинарите се автори на многу текстови кои самите ги потпишуваат и одговорно стојат зад нив. Ако еден новинар преку истражување дошол до одредени факти и затоа напишал одреден текст, тој за тоа што го напишал има авторско право. Притоа, ако некој друг новинар го користи неговиот текст, тој е должен да го цитира изворот и го посочи авторот на текстот. Земањето на туѓи текстови без

притоа да се цитира изворот е неморален чин и преставува кршење на правото на интелектуална сопственост и авторските права и преставува интелектуална кражба. Плагијаторот нелегално го присвојува туѓиот труд, без одобрување на оригиналниот автор и без надоместок на оригиналниот автор за неговиот труд. Ако новинарот потпише некој текст или емитува вест на радио или телевизија и истиот тој текст во целост го презел некој друг новинар како свој, тогаш читателите или слушателите или гледачите се измамени во поглед на изворот на информацијата. Поради тоа, новинарите се морално одговорни да во своите информации одбегнуваат плагијаторство, како и тоа да ги разобличе плагијаторите и на соодветен начин ги етикетира и казни таквите новинари кои свесно го присвојуваат туѓиот труд.

На пример, ако еден новинар, кој истражувал одредна појава и притоа дошол до одредени факти и напишал одреден текст тој има авторско право над истиот, бидејќи тоа е негова креација. Ако истиот тој текст го преземе, односно откупи некој друг медиум, тој е должен да го посочи изворот (авторот) на информацијата и за тоа да му исплати соодветна финансиска награда на име авторско право. Почитувањето на ваквата пракса не е плагијат. На оригиналниот извор на информацијата му се оддава примерно признание и исплатува соодветен надоместок. На пример во нашите печатени и електронски медиуми, особено во викенд изданијата, можеме да сретнеме голем број на интересни новинарски прилози од разни општествени области (политика, економија, спорт, култура, бизнис, екологија) кој се преземени од познати медиуми (The Time, New York Times, Guardian, CNN, BBC и др.). Притоа, на крајот од секој преземен текст се става името на авторот или медиумската куќа. Секоја медиумска куќа што го презела соодветниот новинарски текст, согласно законската регулатива е должна да му исплати на авторот соодветен паричен надоместок на име авторски права.

**Авторските права во Република Македонија**

Во РМ авторските и други сродни права уживаат правна заштита. Со Законот за авторски и други сродни права од 2005 година (Сл. Весник на РМ бр.

23/05 – пречистен текст) авторско дело е индивидуална и интелектуална творба од областа на книжевноста, науката, уметноста и други области на творештвото (новинарски текст, коментар, прилог), независно од видот, начинот и формата на изразување.[24]

Согласно наведениот закон, носителот на авторското право има три вида на права:

1. Лично правни (морални права);
2. Имотноправни (материјални правни);
3. Други права (чл. 14).

1. Моралните права го штитат авторот во однос на неговата индивидуална и интелектуална врска со делото. Станува збор за следниве права: одлучување дали и како прв пат ќе биде објавено делото, признавање на авторството, дали при признавање на авторството тоа ќе се наведе и со каква ознака, дали при секое користење да се наведува името на авторот, сочувување на целината на делото како и откажување на правото на носителот од своите материјални и други права (чл.16-17). Авторот не може да ги пренесува моралните права на други лица, а доколку со договор ги пренесе овие права, договорот е ништовен. По смртта на авторот, за остварување на моралните права надлежни се неговите наследници и соодветното здружение на автори. Моралното право на авторот да му го откаже правото на носителот на неговото материјално право трае додека авторот е жив и е исклучиво право на авторот, додека моралното право за означување на авторството, за сочувување на целината на делото и спротивставување на неговото сакатење, траат и по роковите за траење на авторското право, утврдени со Законот.

---

[24] За авторско дело во смисла на членот 3 од Законот за авторското право и сродните права се сметаат: пишано дело како книжевно дело, натпис, статија, прирачник, брошура, научен труд, расправа и сл; компјутерска програма како книжевно дело; говорно дело како говор, беседа, предавање и сл.; музичко дело со или без текст; драмско, драмско-музичко и куклено дело; кореографско и пантомимичарско дело, фиксирано на материјална подлога; фотографско дело и дело создадено во постапка слична на фотографската; кинематографско и друго аудиовизуелно дело; ликовно дело како слика, графика, скулптура и сл.; архитектонско дело; дело од применетата уметност и дизајн; картографско дело, план, скица, технички цртеж, табели, проекти и др. дела ..... чл. 3, Закон за авторското право и сродните права.....

2. Материјалните права ги штитат имотните интереси на авторот. Овие права, под услови определени со Законот, може да се пренесуваат на други лица – носители на авторското право.

3. Другите права на авторот го штитат неговиот однос со оригиналното дело, т.е. му овозможуваат пристап до оригиналот или до примерокот на своето дело што го поседуваат други (заради остварување на правото на преработка на делото).

Сите горенаведени авторски права, исто така, се однесуваат и на новинарските текстови и се подложни на заштита. Тоа подразбира дека секој новинарски текст, прилог, натпис, статија и сл. му припаѓа и е своина на самиот новинар – автор. Секој друг кој сака да го користи тој текст, должен е да го наведе изворот на информација, а на оригиналниот автор му следува соодветен паричен надоместок.

## *СЛОБОДА НА ПЕЧАТ И ДРУГИ ОБЛИЦИ НА ИНФОРМИРАЊЕ (МЕДИУМИТЕ)*

Уставот на РМ, во чл. 16, на јасен и недвосмислен начин го гарантира правото на слободата на уверувањето, совеста и мислата и јавното изразување на мислата, слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање, слободното основање на институции за јавно информирање, слободниот пристап до информациите, слободата на примање и пренесување на информации, право на одговор во средствата за јавно информирање, правото на исправка во средствата за јавно информирање, правото на заштита на изворот на информација и др.

### Цензура

Цензурата освен правен има и етички аспект. За правилно дефинирање и осознавање на суштината на значењето на поимот цензура употребивме неколку речници, лексикони и енциклопедии. Во познатиот *Лексикон на странски зборови и изрази* од М. Вујаклија, поимот цензура е дефиниран како:

1. оценување, прегледување, критичко испитување;
2. Официјален претходен преглед на работи за објавување заради одобрување или печатење и пуштање во јавност (книги, часописи, филмови, театарски престави и др.).
3. Државна установа која ја обавува оваа работа;
4. Испитна оцена (Просветно дело, стр.1028, 1980).

Во *Политичката енциклопедија* (Савремена администрација, 1975) цензурата е дефинирана како: контрола од страна на органите на власта, црквата, политичките организации, приватни лица на содржината на текстот, информацијата наменети за медиумите (штампата, радиото, ТВ, емисии, филмот, театарот, и сл.) пред публикувањето или изведбата.

Во *Енциклопедијата на самоуправувањ*е (Савремена администрација, стр.79, 1979) цензурата е дефинирана како *"официјален преглед на една печатена работа со цел по потреба да се забрани пред нејзино објавување или дистрибуирање*". Ние можеме да редиме уште многу дефиниции за цензурата, но генерално сите тие имаат заедничко, а тоа е ограничувањето на слободата на печатот. Од наведените дефинции за поимот цензура можеме да извлечеме една заедничка констатација дека таа преставува облик на контрола и ограничување на слободата на изразување и слободата на медиумите, кое претставува ограничувачки фактор на демократските тенденции во општеството и државата. Со други зборови цензурата на печатот и медиумите претставува секоја постапка која го гуши слободното откривање и ширење на информацијата.

Поимот цензура потекнува од латинскиот збор *censura* што значи претходно или дополнително оценување на печатени работи, кои по потреба можат да бидат забранети пред објавувањето или растурањето. Цензурата ја обавува државата или некоја друга организација и таа не се однесува само на печатот, туку и на други форми на научно и уметничко творештво и масовно комуницирање (театар, филм, радио, телевизија). Во средниот век цензурата ја обавувала црквата како највлијателна организација во тоа време, а подоцна државата преку своите институции. Со победата на граѓанската револуција официјално се воведе

слобода на печатот, а се укина цензурата. Таа е одлика на недемократските општества, односно на авторитарните режими. Борбата против цензура, а за слобода на печатот (медиумите) секогаш е составен дел на прогресивната демократска теорија и пракса. Системот на одобрување за печатење е укинат во Англија во 1695 г., и со тоа за првпат формално е воведено слободата на печатот. Дури со Декларацијата за правата и слободата на граѓаните (1789) и Првиот амандман на Уставот на САД од 1791 отворено е прогласено слобода на печатот како едно од најдрагоцените човекови права со што дефинитивно е ставен крај на интервенцијата на државата во оваа сфера.

Слободата на печатот (медиумите) претставува важен инструмент за изразување и соопштување на различни мислења, ставови и погледи, како важен предуслов за демократска комуникација на граѓаните со власта и обратно. Слободата на медиумите спаѓа меѓу најстарите и најважните граѓански и политички права. Преку остварувањето на ова право можеме да определиме колку едно општество е демократско или авторитарно. Во демократските општества има повисок степен на слобода на изразување во однос на авторитарните (репресивните) политички системи. Дури и во демократските држави секој говор не е слободен. Слободата на говорот треба да биде урамнотежена со остварувањето на другите човекови права. Тоа значи дека слободата на медиумите не треба да се злоупотребува за кршење на човековите слободи и права (дискриминација, линч, сатанизација, навреди, дисквалификација). Проблемот е како да се пронајде вистинска рамнотежа помеѓу можноста медиумите (печатот) слободно да известува за настаните, а истовремено да се спречат појавите на информации кои го загрозуваат интегритетот на индивидуата и безбедноста на општеството. Слободата на медиумите (печатот) подразбира слобода на изразување, слобода на говор, слободно пренесување и ширење на информациите во општеството без ограничување.

Слободата на говорот, е еден од најважните предуслови за слобода на личноста и слободно општество. Голем поборник на слободата на штампата (медиумите) бил Томас Џеферсон, автор на Декларацијата за независностна САД

кој напишал голем број на текстови за ова прашање. Тој, во една пригода на Елбриџ Џери *(Elbridge Gerry)* ќе му напише *“Јас сум....за слобода на печатот и против сите форми на кршење на Уставот, со цел со сила , а не со причина да се замолчат жалбите и критиките, праведни и неправедни, кои нашите граѓани ги изнесуваат против однесувањето на своите преставници (власта).”*[25] Печатот е звоно за узбуна на народот. Ако тој (печатот) се замолчи...., одземени се сите средства на граѓаните за заедничка борба.[26]

Цензурата е облик на ограничување на слободата на медиумите и новинарската професија. Цензурата преставува контрола од страна на државата (органите на власта) на содржината на текстот, информацијата наменети за медиумите (штампата, радиото, ТВ, емисии, филмот, театарот, и сл.) пред публикувањето или изведбата.[27] Денес во светот, па дури и во најлибералните демократии, нема апсолутна слобода на штампа (медиумите), како што нема ни апсолутно слободен човек. Според чл.16, став 7 од Уставот на РМ цензурата е забранета.

**Стратешки воени информации**: Понекогаш, заради повисоки општествени и државни цели (безбедноста на државата, вонредна состојба, војна), слободата на медиумите се ограничува со цензура (контрола) на разните облици на информативните содржини (вести, книги, информации, филмови, престави и др.). Во тој контекст новинарот има двојна одговорност.

**Првата** одговорност се однесува кон јавноста (граѓаните), каде новинарот има професионална и морална обврска благовремено и вистинито да ја информира јавноста за настаните поврзани со безбедноста на државата.

**Втората** одговорност е од повисок морален и професионален ранг и се однесува на неговата обврска да внимава и да спречи изнесување на осетливи воени и безбедносни информации да не дојдат во рацете на непријателот. Кога станува збор за информирање од аспект на национална безбедност, тогаш новинарот треба да умее да воспостави баланс во информирањето и безбедноста на државата. Доверливите документи со назнака доверливи, кои се однесуваат на

---

[25] Dejl Zaket, *Novinarska etika – moralna odgovornost u medijima,* Sluzben glasnik, 2007, str.151.
[26] Писмо на Томас Џеферсон до Томас Купер (Thomas Cooper) од 29.11.1802.
[27] Политичка енциклопедија, Савремена администрација, 1975, Београд, стр.105.

националната безбедност и виталните интереси на државата, не треба јавно да се објавуваат ако со тоа се загрозуваа нејзината одбрана. Одредени информации можат да се објават кои се однесуваат на одредени одлуки на војската, но таквите информации не треба да содржат поединости (детали) кои можат да се искористат на штета на безбедноста на државата и заштитата на животите на граѓаните.

Во услови кога може битно да се наруши безбедноста на државата, можеме да ја оправдаме власта за цензурирање на информациите.

Генерално има два вида на цензура: присилна (недоброволна) и доброволна (внатрешна, самоцензура).

**Автоцензура**

Автоцензурата е позната и под назвите доброволна цензура или како самоцензура. Таа е поврзана со одлуката на самиот новинар дали ќе известува за одреден настан или не, и ако одлучи, тогаш размислува кои зборови да ги употреби, и дали вестите (информацијата) да бидат проследени со слика или не, и кои слики да ги објави. Сето тоа преставува еден вид на автоцензура, бидејќи новинарот или уредништвото на медиумот одлучуваат каква информативна содржина да понудат на јавноста. Бидејќи ваквите избори ги вршат самите новинари и уредници, без надворешни притисоци, автоцензурата обично не преставува кршење на слободата на говорот и слобода на печатот. Автоцензурата треба само да биде добро избалансирана помеѓу правото на граѓаните на вистинито информирање и остварувањето на слободата на печат. Пример за автоцензура е кога Џен, ќерката на претседателот Џорџ В. Буш *(George V. Bush)* изјавила "признавам" на оптужбата дека како малолетничка конзумирала алкохол, а новинарите тоа го ублажиле.[28] Како и сите останати претседателски деца, и тие имаат една зона на приватност, и новинарите да не ги прогонуваат непрекинато.[29] Меѓутоа, се додека децата на познатите личности прават работи од кои нивните

[28] D. Zaket, Novinarska etika: moralna odgovornost u medijima, Sluzben glasnik, 2007, str. 268.
[29] Ибид. стр. 268.

родители ги боли глава, тие стануваат вест и новинарите мораат да пишуваат за тоа.

Во случај на детска порнографија стандардна пракса е кај новинарите да информираат за постапките, за апсењето, судењето и воопшто за борбата против овој болен проблем како значаен дел од борбата против криминалот, но во своите извештаи да не обезбедува снимки од дечјата порнографија. Новинарите можат делотворно да ги пренесат сите битни информации, но да не ги објават потресните слики.

Истото важи и за многу други области на информирање.

Во новинарската професија и медиумските кругови повеќе се дава предност на автоцензурата (доброволната) во однос на присилната или надворешната цензура, бидејќи новинарот, поаѓајќи од сопствените моралните принципи и начела сам одлучува дали и како за нешто ќе информира, водејќи сметка за балансирање на почитувањето на правото на граѓаните на информирање и почитувањето на другите правата и слободите на граѓаните (приватноста).

***ЗАШТИТА НА ИЗВОРИТЕ НА ИНФОРМИРАЊЕ***

Медиумите за да ја информираат јавноста, особено за важни прашања од јавен интерес зависи од нивната способност да дојдат до изворот на информацијата. Новинарите често зависат од поединци кои поседуваат доверливи (тајни) или чуствителни информации кои во новинарството се нарекуваат "доверливи извори". Информациите што ги добиваат новинарите од доверливи извори најчесто се поврзани со незаконско работење, криминал, мито, корупција, злоупотреба на службената положба. Во таквите осетливи ситуации поединците што ги откриваат информациите бараат нивниот идентитет да биде анонимен. Во најголем број случаи, зачувувањето на анонимноста на изворот од последици врз неговата физичка безбедност или сигурноста на работното место. Заштитата на изворот на информацијата е тесно поврзано со примената на основните принципи на професионалната етика на новинарите. Основата на

новинарската професија е да се дојде до интересна информација што ќе ја заинтригира јавноста. До некои информации тешко се доаѓа поради затвореноста и карактерот на институцијата и проблемот. Доколку еден новинар дојде до доверлива информација, тој има законска, морална и професионална одговорност да го чува изворот на информацијата. Но, и самиот извор на информацијата инсистира на доверливост (тајност), за да не биде доведен во опасна ситуација поради дадената информација. Заради тоа изворот на информација се третира како заштитен, а новинарите кои се потпираат на нивните информации не треба да ги издаваат. Во многу држави, меѓу кои и Република Македонија, новинарските асоцијации и здруженија во своите етички кодекси им налагаат на новинарите да не ги откриваат своите извори. Меѓутоа, според меѓународните стандарди за слободата на изразување, новинарите треба да имаат и законска заштита во однос на зачувување на идентитетот на изворот. Во некои држави заштитата на изворот на информации е загарантирана или со устав или со посебен закон.

Комитетот на министри на Советот на Европа ја усвои Препораката Р (2000)7 за правото на новинарите да не ги откриваат своите извори на информации. Во неа експлицитно е нагласено дека заштитата на новинарските извори на информации преставува основен услов за новинарската професија и за слободата на медиумите, а на државите членки на Советот на Европа им се препорачува да ги имплементираат принципите од препораката во националните закони и практиката.

1) *Право на новинарите да не го откриваат изворот*. Во првиот принцип се вели дека домашните закони и практиката на земјите-членки треба да обезбедат експлицитна и јасна заштита на правото на радиодифузерите (новинарите) да не даваат информации со кои се открива идентитетот на изворот, во согласност со членот 10 на Европската конвенција за човековите права.
2) *Право на неоткривање на идентитетот на други лица*. Вториот принцип се однесува на правото на новинарите да не го откриваат идентитетот и на други лица кои се во професионални односи со нив, кои имаат информации за

новинарските извори, поради тоа што учествуваат во процесот на собирање, уредување и објавување на информациите.

3) *Ограничување на правото да не се открие изворот*. Според третиот принцип на Препораката, исклучоци од ова право на новинарите можат да се направат само според листата на ограничувања утврдена во ставот 2 на членот 10 од Европската конвенција за човековите права. Односно дали легитимниот јавен интерес е позначаен од откривањето на изворот на информација. Притоа, судските власти на секоја држава треба да ја имаат во предвид важноста на ова право на новинарите, која Европскиот суд за човекови права ја нагласува во својата судска пракса. Тие можат да наложат откривање на изворот само ако за тоа постои јасно утврдена потреба од јавен интерес и доколку станува збор за исклучително сериозни околности од витално значење за јавноста.
4) *Алтернативни докази на новинарските искази*. Со четвртиот принцип е утврдено дека во постапките против новинари поведени поради наводно нарушување на честа или угледот на некоја личност, судските власти би требало да ги користат сите останати законски средства за да дојдат до докази за вистинитоста на наводните искази, наместо да бараат да се идентификува изворот на новинарот.
5) *Услови во врска со откривањето*. Според петтиот принцип, налог за откривање на изворот може да даде само законско овластено лице или орган на власта, а пред да се побара откривање новинарите треба да бидат информирани за своето право да не го откријат изворот и за можните ограничувања. Санкции за новинарите кои не сакаат да го откријат изворот можат да наложат само судовите во текот на судксите постапки.
6) *Пресретнување на комуникација, следење и судки налог за претрес и заплена*.
7) *Од книгата Слобоода на изразување*

Заштитата на изворите на информација е многу важно начело (стандард) во вршењето на дејноста на радиодифузерите. Ова начело (стандард) е регулирано во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Согласно одредбите на овој закон, радиодифузерите во Република Македонија, вршејќи ја својата јавна функција имаат обврска да го чуваат изворот на информација, односно да не ги откриваат изворите на информаци. Така, согласно одредбите од Законот е

утврдено дека радиодифузерите (новинарите) при вршењето на нивната дејност треба строго да се држат до начелото на: *"почитување на тајноста на изворот на информацијата"*.[30]

Исто така, заштитата на изворот на информации е гарантирано и со Законот за медиуми. Така, во членот 12 од наведениот закон новинарот има право да не го открие изворот на информацијата, односно податоците што можат да го откријат изворот согласно со меѓународното право и Уставот на Република Македонија. Ова право се однесува и на другите лица кои поради нивната професионална поврзаност со новинарот се запозаени со податоците што можат да го откријат изворот, по пат на собирање, уредничко обликување или ширење на информацијата. Новинарот пред да објави информација за кој што не го открива изворот е должен за тоа да го запознае одговорниот уредник на начин утврден со актот на издавачот на медиумот.

**Доверливи извори на информација (измислен случај: case stady)**

Ќе појдеме од една хипотетичка ситуација, односно претпоставка дека една хемиска фабрика тајно испушта опасни хемикалии во една река, која е единствен извор за водоснабдување на граѓаните во еден град низводно по течението на реката. Оваа информација ја знаат неколку вработени во компанијата, но само еден од нив е спремен да зборува за овој немил еколошки настан, кој од оправдани причини се плаши за своето работно место и евентуалните одмазди кон неговото семејство. Тој е спремен на новинарот да ја каже информацијата, под услов да остане анонимен. Новинарот му ветува. Кога тој ќе добие цврста гаранција дека неговиот идентитет нема да биде откриен ако биде кажана информацијата, тогаш новинарот може да ја добие информацијата. Вработениот ја кажува (потврдува) информацијата на новинарот. Со тоа тој станува доверлив извор на информација. Новинарот ги собира фактите за случајот. Потоа новинарот отворено пишува за еколошкиот инцидент, ја информира јавноста, и

---

[30] Член 61 алинеа 11 од Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Сл. Весник на РМ бр. 184/13)

следствено на тоа се јавува соодветна реакција од јавноста. Уследија синџирести реакции и беа ужасни. Први што јавно реагираа беше Еколошкото друштво “Виножито”, кое јавно побара истражување на целиот случај и ригорозно казнување на сторителот на делото. Втори кои што реагираа беше Риболовното друштво, трети Здравствените институции, четврти претпријатието кое ја користеше водата за водоснабдување итн. Со информацијата новинарот направи голема услуга на сите засегнати страни кои се погодени со еколошкиот инцидент (граѓаните, НВО, претпријатија, еколози, здравствени институции). Соодветно реагираше и надлежниот инспекторат за заштита на животната средина кој со стручна и експертска анализа утврди дека причинител за инцидентот е посоченото претпријатие. Но, реагираше и претпријатието што испушта хемикалии со аргументација дека загадувањето не е сторено од нивна страна. Претпријатието беше парично казнето и му беше забрането да испушта хемикалии. Новинарот за текстот доби јавно признание од јавноста и еколошките друштва, вработениот ја задржа својата работа и се беше во ред.

Меѓутоа, настанот подоцна доби сосема нов тек, односно ситуацијата се искомплицира. Обвинителството поднесе кривична пријава против претпријатието за испуштање на опасни материи и загрозување на животната средина. Обвинителството побара од новинарот да каже како дознал за незаконитото дејствие на претпријатието. Новинарот одби да го каже изворот на информацијата, бидејќи тој му даде цврста гаранција на работникот. Овде се поставува едно етичко прашање, ако од новинарот се бара да го каже изворот дали тој смее да обие и за тоа да биде казнет (парично, затвор, губење на работа), или новинарот од морален аспект, да да ја даде информацијата за изворот? Очигледно случајот е многу сложен, бидејќи во него не се испреплетени само морални, туку и законски (пруденцијални) причини. Овде треба да се имаат во предвид последиците и за поединецот, но и за целата професија. Откривањето на името на доверливиот изворот на информација не е само кршење на ветувањето, туку тоа може да има и други последици за новинарот, бидејќи во иднина може да се очекува на тој новинар повеќе да не му се даваат доверливи информации. Поради тоа, целата професија станува сомничава и недоверлива,

па во иднина се доведува во прашање доаѓањето до нови доверливи извори на ексклузивни и интересни информации. Со попуштањето на барањето на обвинителството да се открие идентитетот на доверливиот извор на информација преставува издавање на довербата и ветувањето на кои сите новинари професионално се потпираат. Поради тоа непожелно и неморално е новинарите да го откриваат доверливиот извор, без оглед на последиците, пред се заради моралноста и чесноста на новинарската професија. Дури и кога новинарот ќе се соочи со законски последици, тој треба категорички да одбие да го каже идентитетот на својот доверлив извор. Додатен аргумент во прилог на овој заклучок би бил дека и обвинителот може да има некој скриен мотив да го дознае идентитетот на доверливиот извор. Идентитетот може да биде баран и поради судир на интереси и поради освета. Секој обвинител кој е морален и чесен професионалец нема да се раководи од горенаведените негативни мотиви. Но, не се сите обвинители морални и чесни.

Во САД, судовите ги почитувале правата на новинарите на доверливост на своите извори и не барале од новинарите да го откриваат идентитетот на доверливите извори, освен во најекстремни случаеви. Во САД постои Закон за заштита (*shield laws*) на доверливи извори, како во новинарството така и во другите области, според кој изворот на информацијата во кривичните процеси е заштитен. Од оваа категорија се иземаат случаевите кои се однесуваат на повисоките општествени интереси за заштита на безбедноста на државата и сл. Најпознат доверлив новинарски извор кој долго време остана анонимен во историјата на американското новинарство е В. Марк Фелт (V. Mark Felt) кој прв ја соопшти информацијата за незаконското прислушкување на претседателот Ричард Никсон и седиштето на Републиканската партија, што ја предизвика познатата афера Вотергејт (Watergate). Овој пример преставува морално почитување на доверливоста на изворот на информација кој влева доверба кај граѓаните да стапуваат во контакт со новинарите и да даваат информации во интерес на општот добро на граѓаните и целото општество.

## Импресум

Согласно одредбите на Законот за медиуми (Сл. Весник на РМ бр.184/13) издавачот на медиум е должен на видно место на секој примерок на печатен медиум, веб страна и телевизиска емисија да обезбеди објавување на следните податоци:

- Назив на адреса на седиштето на уредништвото на издавачот на медиум;
- Име на одговорното лице на издавачот на медиум;
- Име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и
- Назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци (тираж), кога се работи за печатен медиум.

За радиодифузерите импресумот, односно податоците се објавуваат на почетокот или на крајот на аудио/аудиовизуелните програми, додека издавачите на електронски публикации обврската на издавачот на медиум за податоците ја применуваат на начин соодветен за електронската публикација.

## Право на одговор и исправка на објавена информација

Во секоја професија, вклучително и новинарската се јавуваат грешки. Впрочем нема безгрешни, а грешките неминовно го следат животот. Затоа правото на грешка е едно од најелементарните права. Правото на одговор и исправка е еден од професионалните стандарди и етичко прашање на новинарската професија, но и ефикасно правно средство за корекција на грешките што ги прават медиумите при известувањето. Медиумите многу често намерно или ненамерно објавуваат информативни содржини кои се невистинити и засегнуваат одредени лица. Лицата кои се засегнати од некоја објавена информација во медиумите имаат право на одговор или на исправка на содржината кои медиумот мора да ги објави. Одговорот и исправката на

засегнатото лице му овозможуваат до одреден степен да ја надомести штетата што му ја нанел медиумот со грешките и да не бара правна заштита во долготрајна, скапа и неизвесна судска постапка. Правото на одговор и исправка преставува превентивен и ефикасен начин на корекција на грешките на медиумите.

Правото на исправка и правото на одговор се различни начини за надоместување на штета направени од медиумските грешки.

Правото на исправка подразбира можност да се исправат грешките во медиумот во однос на изнесените погрешни факти. Брзото остварување на ова право во најголем број на случаи му овозможува на засегнатото лице ефикасен начин за надоместување на ненамерно направената штета. Ова право не преставува никаква закана за независност на медиумот.

Правото на одговор на лицето на кое му е нанесена штета на честа или угледот му овозможува пристап до медиумот за да ги соопшти своите ставови за одредено прашање. Поради тоа, правото на одговор е повеќе подложно на злоупотреба отколку правото на исправка.

Според меѓународните стандарди и практиката на голем број на држави, за ефикасно и правилно остварување на правото на одговор и исправка неопходни се неколку услови:

1) Правото на одговор треба да се наложи како обврска само во случаи кога се публикувани лажни изјави кои повредуваат суштествени права на засегнатото лице, односно ова право не смее да се користи за коментирање мислења кои не му се допаѓаат некому;
2) Одговорот и исправката треба да бидат објавени во најкус можен рок и во сличен/приближен термин како и оригиналната содржина со која е повреден нечиј легитимен интерес;
3) Должината на одговорот треба да биде сразмерна на оригиналниот прилог во печатениот или електронскиот медиум;
4) Одговорот или исправката треба да се ограничени само на неточно изнесените факти во оригиналниот текст и не треба да се користат за

отварање нови прашања или за коментирање на фактите што се коригираат;

5) Од медиумите не треба да се бара да објавуваат одговор кој преставува злоупотреба или има негативна содржина.

Комитетот на министри на Советот на Европа во 1974 година усвои Резолуција (74)26 во која се потенцира значењето на правото на одговор, утврдувајќи конкретни правила за негово остварување. Во Резолуцијата е наведено дека медиумите имаат право да одбијат објавување одговор или исправка доколку: одговорот или исправката не му е доставена на медиумот во разумен временски рок; должината на одговорот или исправката ја надминува должината на објавената содржина; одговорот или исправката не се ограничува само на оспоруваните факти и мислења; содржината на одговорот или исправката претставува законска повреда или е спротивна на интересите на трета страна што се заштитени со закон и доколку засегнатото лице не може да покаже постоење легитимен интерес.

Во Република Македонија остварувањето на *правото на исправка и одговор* е утврдено со Законот за медиуми (Сл. Весник на РМ, бр. 78/13).

**Право на исправка**

Правото на исправка на објавена информација е уредено со членовите од 17 до 25 од Законот за медиуми. Во наведените членови е конкретизирана правната постапка (процедура) за остварување на правото на исправка на објавена информација и ова право го има *секое физичко или правно лице има право од издавач на медиум, односно од одговорен уредник на издавач на медиум да бара, без надоместок, да објави исправка на објавена информација во која се наведуваат неточни факти објавени во информацијата, а со кои биле повредени неговите права или интереси.*[31]

[31] Чл. 17 став 1 од Законот за медиуми (Сл. Весник на РМ, бр. 184/13)

*Барањето за објавување на исправката, се поднесува до одговорниот уредник на издавачот на медоим во писмена форма во рок од 30 дена од денот на објавувањето на информацијата на која се однесува исправката, односно одговорот. Барањето мора да биде образложено и потпишано од страна на подносителот на исправката и да ги содржи сите потребни податоци за подносителот на исправката.*[32] *Доколку издавачот на медиум до денот на поднесувањето на барањето за исправка веќе извршил исправка, во тој случај оштетената страна не може да се бара исправка.*

*Во барањето се наведува информацијата на која се однесува исправката, како и датумот и часот на нејзиното објавување, односно емитување.*

**Објава на исправката**

Исправката се објавува, без измени и дополнување, на исто или соодветно место во содржината на медиумот и на ист или соодветен начин на оној кој што била објавена информацијата. Притоа, исправката не смее да биде несразмерно подолга од информацијата на која се однесува исправката. Во програмите на радиодифузерите (радио и телевизија) исправката се објавува со читање во истата програма и термин во која е објавена информацијата на која се однесува исправката.

Исправката мора да биде објавена во рок од два дена од доставувањето на барањето во првиот нареден број (ако е печатен медиум-весник). Поради сензибилноста на моментот, за време на избори исправката има итен карактер. Имено, за време на изборен процес исправката мора да биде објавена во првото следно издание, односно првата следна програма од ист вид веднаш по примањето на исправката.[33] Притоа, законот е дециден во однос на тоа дека не е дозволено со исправката во истото издание да се објавува коментар на таа исправка или одговор на исправката. Исто така, законот таксативно ги набројува случаевите кога одговорниот уредник не е должен да ја објави исправката. Тие

---

[32] Ибид, чл. 17, став 2.
[33] Закон за медиуми, чл. 19 став 1

случаи се кога: исправката не се однесува на информацијата на која се повикува заинтересираното лице; исправката не содржи податоци во врска со наводите во информацијата; барањето за објава на исправката не е потпишано од подносителот на барањето или овластеното лице на правното лице; исправката е несразмерно поголема од информацијата на која таа се однесува; исправката е напишана на јазик кој не е идентичен на јазикот на којшто е објавена оспорената информација; издавачот на медиум веќе сам објавил исправка на објавената информација и др.[34]

Исто така, со Законот се овозможува на заинтересираното лице издавачот на медиум да му се обезбеди копија од објавената информација во рок од три дена од денот на приемот на писменото барање.

Доколку одговорниот уредник на издавач на медиум не ја објави исправката согласно одредбите на Законот за медиуми (чл. 19), тогаш, заинтересираното лице има право да поднесе тужба против одговорниот уредник пред надлежниот суд во рок од 30 дена од истекот на рокот за објавување на исправката. Судските спорови во врска со објавата на исправката се од итен карактер, односно се решаваат по итна постапка.[35]

**Право на одговор на објавена информација**

Освен правото на исправка на објавена информација, Законот за медиуми обезбедува и право на одговор на објавена информација (чл. 26-28). Правото на одговор го имаат секое правно и физичко лице кое е споменато во одредена содржина на медиумот. Имено, физичкото или правното лице има право да поднесе барање до издавач на медиум, без надоместок, да објави негов одговор на објавена информација, доколку физичкото или правното лице има поврзаност со наведените факти објавени во информацијата или доколку има легитимен интерес. Одговорот треба да содржи текст или порака од иста природа и со иста должина, како и објавената информација со кој се негираат или битно се

[34] Ибид, чл. 19 став 3.
[35] Ибид, чл. 23 став 2

надополнуваат спорните наводи за фактите и податоците во објавената информација.[36] Одговорот на објавената информација мора да се објави во автентично доставената форма, односно без промени или дополнувања со исклучок на исправки на правописни грешки. Доколку одговорот на објавената информација е подолг, одговорниот уредник има право од подносителот на барањето да побара скратување на одговорот. Одговорниот уредник може да одбие да го објави одговорот во случај кога објавената информација е дел од веродостоен извештај од јавни седници на државни органи и судови, како и во случај кога во одговорот се наведуваат очигледни неточни податоци или тврдења, односно и други наводи кои со сигурност се непогодни за докажување. Доколку одговорниот уредник на издавач на медиум не го објави одговорот на објавената информација, во тој случај заинтересираното лице (физичко или правно) има право да покрене тужба против одговорниот уредник пред надлежниот суд во рок од 30 дена од истекот на рокот за поднесување на одговор на објавената информација, а судските спорови во врска со правото на одговор се решаваат по итна постапка.

**Заштита на приватноста (право на приватност)**

Во овој дел ќе посветиме внимание на односот на радиодифузерите-медиумите кон приватноста на луѓето. Во современото општество се потешко се заштитува приватноста. Современите технолошки достигнувања (минијатурни камери и др.) во голема мера ја загрозуваат приватноста на секој поединец. Носителите на јавни функции и славните личности, постојано се под надзор на будното око на јавноста. Се поголем број на ТВ канали, он-лајн медиуми и списанија настојуваат да го привлечат своето внимание на јавноста со сензационалистички прилози за приватниот живот на познати личности. Луѓето отсекогаш се интересирале за животот на другите, особено за нивната интима, семејството, односите со другите луѓе, здравјето, сексуалниот живот, така што во

[36] Закон за медиуми, чл. 26 став 1 и 2.

пазарни услови на стопанисување, медиумите полесно можат да го продадат својот производ и да профитираат.

Правото на приватност е основа и заштита на индивидуалните слободи. Приватноста на човекот е света и таа има посебна уставна и законска заштита. Во сите демократски устави во светот приватноста се гарантира и ужива посебна заштита. Приватноста генерално се дефинира како *"право да се биде оставен на мира".*[37] Правото на приватност го подразбира правото на секој човек на личен и семеен живот, како и правото на достоинство и углед.[38] Во функција на тоа, на секој граѓанин му се гарантира почитување и заштита на приватноста на неговиот личен и семеен живот, на достоинство и углед. Секое неовластено навлегување во приватноста значи повреда на личноста, на достоинството и на слободата на човекот. Тоа е повреда на личната автономија, на емоционалните чуства и интимата како неприкосновена приватна сфера на човекот. Приватноста е "најсветиот закон на човековото однесување."[39]

Рековме дека приватноста на секој човек е света и недопирлива сфера. Правото на приватност е морално оправдано и преставува темел на заштитата на индивидуалните слободи. Без приватност нема ни други слободи. Секој поединец е суверен над својата приватност. Приватноста во таа смисла преставува слобода на индивидуата еден важен дел од неговиот живот го живее скриено од јавноста. Таа треба да се почитува и доколку некој ја наруши таа треба да се штити. Јавноста е желна за информации за туѓите животи, а тоа новинарите добро го знаат. Само во исклучителни ситуации, кои што се пропишани со закон, може да се наруши приватноста на индивидуата и неговиот дом. Меѓутоа, новинарите мора да знаат дека приватноста е света и нетреба да се нарушува од нивна страна.

Приватноста е лична работа на секој поединец. Секоја индивидуа сама одлучува до кој степен ќе ги изнесува фактите за својата приватност и својот живот. Некои поединци можат слободно да одлучат да го откриваат својот приватен, интимен живот пред другите колку што самите ќе одлучат. Меѓутоа,

---

[37] Тед Вајт&Френк Барнас, Емитување вести: пишување, известување и продуцирање, Висока школа за новинарство и односи со јавноста, 2010, стр. 36;
[38] С. Шкариќ, *Уставно право*, Култура, Скопје, 2007, стр. 208.
[39] Џон Голдсворди, *Тамни цвет*, Политика – Наша књига, Београд, 2004, стр. 93.

доколку ние самите преземеме активности да истражуваме по туѓите приватни животи, каде се движат, со кој се дружат, што прават, тогаш ние се обидуваме да навлеземе во приватноста на другите индивидиу, што е надвор од моралните принципи на човековото однесување. Секое навлегување во приватниот живот на другите луѓе кое предизвикува душевна болка, немир, непријатност и психичка траума преставува неморално однесување.

Почитувањето на приватноста треба да преставува основен принцип на однесување и на новинарите. Тие, раководејќи се од основните принципи на новинарската етика треба многу да внимаваат што пишуваат за приватноста на луѓето, односно да направат дистинкција меѓу информациите од јавен интерес и приватноста на поединецот. Помеѓу овие две сфери треба да се воспостави рамнотежа. Приватност се и разните емоционални чуства на поединецот или семејството: љубовта, радоста, свадбата, жалоста, болеста, смртта. До кој степен ќе допрат овие чуства во јавноста зависи од самата индивидуа колку е спремна да ги сподели истите со јавноста.

Информациите за приватниот живот на познатите личности и личните податоци и информации се производ од кој лесно може да се профитира. Конкуренцијата во медиумскиот сектор и притисокот за комерцијализација ги предизвикуваат новинарите континуирано да копаат по нови сензационалистички информации за приватниот живот на јавните и славни личности. Луѓето од секогаш биле љубопитни за туѓите животи, особено за детали од нивната интима и семејството (љубов, среќа, тага, болка), односите со другите луѓе, здравјето, сексуалниот живот. Медиумите продуцирајќи интересни приказни за животот на јавните личности ја провоцираат јавноста повеќе да читаат, гледаат, а со тоа и да профитираат. Фокусот на медиумското внимание најчесто се јавните личности, особено носителите на јавни функции (политичарите). Прашањето на приватноста е особено непријатна ако се прати семејството, пријателите или соработниците на јавните личности. На пример, на барање на претседателот на САД, Клинтон, новинарите ја почитувале неговата желба неговата ќерка Челзи да биде заштитена од вниманието на јавноста.

Смртта на првиот претседател на РМ, г-динот Киро Глигоров, предизвика широк публицитет во нашата и светската јавност. Целокупната светска јавност беше информирана за неговата смрт. За неговото семејство смртта преставува приватност, бидејќи е загуба на најблизок член од семејството. Но, неговата смрт не е само приватност, туку, таа е коњуктурна вест што ја интригира јавноста, бидејќи, тој беше прв председател на независна и самостојна Република Македонија, па затоа веста има јавен интерес. Некои од медиумите понудија директен пренос од погебот, но семејството Глигорови одлучи погребот да има исклучиво приватен карактер. Погребната процесија е приватност на семејството и само најблиските членови можат да одлучат до кој степен јавноста ќе може да биде информирана и од близу да набљудува приватен проблем. Тие одлучија да си ја заштитат приватноста преку исклучување на јавноста од близу да ја следи погребната процесија, односно несакаа јавен публицитет за нивните чуства на тага. Медиумите таквата желба за приватност ја почитуваа докрај. Новинарските прилози имаа исклучиво информативен карактер. Доколку некои од новинарите го снимаше или фотографираше, а потоа и прикажеше снимка или фотографија од погребната процесија ќе преставува грубо кршење на новинарската етика и приватноста на семејството. Затоа, новинарите при известувањето од погребните процесии треба  да информираат балансирано, односно да ја информираат јавноста за настанот, а притоа да не ја нарушуваат приватноста на семејството.

Позната глобална телевизија Си-Ен-ЕН (CNN) објави информација дека државниот секретар на САД, Колин Пауел *(Colin Powell)* боледува од карцином на простата и дека ќе биде опериран. Се поставува прашањето дали оваа информација преставува повреда на неговото право на приватност? Здравјето на некоја особа, а особено состојбата со жлездада која е поврзана со неговата сексуална способност, е лична и приватна работа. Меѓутоа, болеста на Колин Пауел, можеме да ја поврземе и со неговата многу важна политичка позиција и моќ што тој ја има во хиерархијата на власта, која според Уставот на САД (чл.II, оддел 1, одредба 5) е четвртиот човек кој што во случај на смрт, болест или спреченост на претседателот е службено наследник на функцијата претседател. Јавноста во САД имаа право да бидат информирани за здравјето на државниот

секретар, бидејќи станува збор за висок државен функционер од кој зависат многу работи во општеството. Се поставува дилемата кој ја дал оваа многу важна информација која има приватен, но и јавен интерес. Дали информацијата доброволно ја дал самиот Колин Пауел или неговиот порт парол или пак до информацијата дошол некој многу вешт новинар? Како и да за овој случај можеме да изнесеме за и против аргументи. Со оглед на огромното значење на политичката функција што ја има Колин Пауел во американската администрација, сметаме дека граѓаните имале право да бидат информирани за неговата здравствена состојба. Дури и ако новинарот сам ја дознал информацијата, тој има морална обврска да ги информира граѓаните, бидејќи станува збор за висок државен функционер ..............

Многу јавни личности (политичари, актери, спортисти), пред се нивниот приватен и интимен живот се предмет на интерес на многу новинари и медиуми. На пример папараците[40] тежнеат да ги снимаат јавните личности во разни пригоди и на разни места (плажа, базен, тераса, кафеани, хотели) и потоа јавно да ги објават нивните фотографии, снимки во некој од познатите медиуми, заработувајќи на тој начин пари. Преку навлегувањето во приватниот и интимниот живот на јавните личности некои медиуми добро заработува. Постојат сајтови кои ги плаќаат анонимните фотографи со високи суми на пари да ги фотографираат славните личности, поттикнувајќи ги така да ја повредат приватноста исклучиво од финансиски причини. Познатите "фаци" се интересна тема и духовна храна за јавноста. Пишувањето за нивниот приватен живот, кој е пропратен со интересни фотографии ја "пали" јавноста да ги купува таквите весници при што се зголемува неговиот тираж и финансиските ефекти.

Најтрагичен случај поврзан со работата на папараците и нивното морално однесување, секако е случајот со смртта на принцезата Дајана, која како сопруга на принцот Чарлс ја носеше титулата принцеза од Велс. Принцезата Дајана на 31.08.1997 година, во друштво со пријателот Доди ал Фајед, го напуштила хотелот

---

[40] Терминот папараци (paparazzi) е изведен од презимето на фотографот Paparazzo од филмот на Фелини "Сладок живот". Папараците се фотографи кои ги пратат јавните и познати личности и прикриено ги фотографираат, при што јавноста преку печатените медиуми, најчесто таблоиди, уживаат во објавените фотографии.

*“Ritz”* во Париз и влегла во својот мерцедес, обидувајќи се да побегне од папараците кои ја прателе на мотори, обидувајќи се да да ја фотографираат во друштво со Доди ал Фајед. Сакајќи да ги одбегнат папараците, личниот возач на принцезата Дајана, Хенри Пол, возејќи со огромна брзина под тунелот близу плоштадот Алма во центарот на Париз, удри во зид во тунелот, при што Дајана и Доди ал Фајед загинаа. Овој пример кажува колку може да бидае опасно да се навлегува во приватниот живот. Меѓутоа, до несреќата не дошло само поради вина на папараците, бидејќи возачот е одговорен за безбедноста на патниците. Но, и папараците се морално одговорни за непријатниот случај.

### Говор на омраза *(Hate speech)*

Медиумите, како моќни средства за масовна комуникација, имаат исклучително голема улога во промовирањето на различностите, толеранцијата, нивното почитување и рамноправноста. Но, и покрај тоа, тие честопати и самите стануваат промотори на јазик на омраза. Во поново време, освен преку традиционалните медиуми, говорот на омраза најде нов начин на своја манифестација – преку социјалните мрежи на Интернет, чија масовна употреба овозможува емитуваната содржина да допре до пошироката јавност.

Говорот на омраза е тема која доаѓа до поголем израз во мултиетничките, мултирасните, мултикултурните, мултирелигиските и мултијазичните општествата. Тој, денес, се повеќе е одговор на растечката миграција. Во поделените, конфликтните и нетолерантните општества говорот на омразата се среќава многу често и преставува важно оружје за поттикнување на насилство против одредена личност или група поради нејзината различност по основ на религиска, политичка, национална, сексуална, јазична, културна или друга природа. Во нестабилните и поделените општества говорот на омраза предизвикува тензични и конфликтни ситуации. Говорот на омраза е неизбежен облик на политичка комуникација за време на изборните процеси во сите држави коишто имаат проблеми со демократијата. Негативната политичка комуникација се среќава денес и во државите со долга парламентарна, демократска традиција и развиена политичка

култура, но во послаба форма. Република Македонија, иако, повеќе од дваесет и пет години ги гради и развива политичкиот плурализам, парламентарната демократија и политичка култура, сепак, во секојдневниот живот, особено за време на изборните кампањи сеуште среќаваме говор на омраза, негативна кампања следена со навреди, омаловажување и сл. Сепак, говорот на омраза денес значајно еволуирал (омекнал) во однос на почетниот период од политичкиот плурализам во Македонија.

Во правната и политичката теорија постојат голем број на дефиниции за говорот на омраза. Во продолжение ќе наведеме неколку од нив. Говорот на омраза – говор дизајниран да промовира омраза врз основа на раса, религија, етничка припадност или национално потекло.[41] Говорот на омраза е вид на говор кој се употребува со намера да се навреди индивидуата или пак расната, етничката, религиската или друга група.[42] Blacks Law Dictionary го дефинира говорот на омраза како "говор кој не носи друго освен изразување на омраза за некоја група, како на пример определена раса, особено во околности каде е веројатно дека комуникацијата ќе предизвика насилство."[43] Говорот на омраза носи порака за инфериорност на членовите на историски потиснуваната група, и осудува, понижува, и е полн со омраза.[44] Честопати се потенцира дека говорот на омраза има за цел да тероризира, понижи, деградира, навреди и повреди.[45] Освен директниот говор, тој вклучува и индиректни форми како на пример јавно користење на симболи, палење на верски ознаки (крстови), Интернет сајтови и др.

Штетата од говорот на омраза е голема. Тој нанесува голема штета: повреда на поединците, предизвикува предрасуди, клеветење, навреди, ги зголемува меѓуетничките конфликти, создава недовербата меѓу заедниците, нарушување на јавниот ред и мир, охрабрување на насилство и др. Иако не

---

[41] Michael Rosenfeld, Hate Speech in Constitutional Jurisprudence: A Comparative Analysis, *Cardozo Law Review* (Vol.24:4), 2003, p. 1523

[42] D-r. Frances Henry, Во експертски извештај за Канадската Комисија за човекови права говорот на омраза го дефинира како "секој облик на изразување насочен кон објектите на предрасуда кои сторителите ги користат за да ги ранат и оцрнат неговите воспримачи."

[43] Blacks Law Dictionary 1407-08, 7-th ed. 1999.

[44] Raphael Cohen-Almagor, *The Scope of Tolerance, Studies on the costs of free expression and freedom of the press*, Routledge, London and New York, 2006, page 153.

[45] Anthony Cortese, Opposing Hate Speech, Westport, Connecticut, 2006, p. 9

постои една општо прифатена дефиниција за тоа што е говор на омраза, сепак генерално се смета дека говор на омраза е *“секој говор што има за цел да навреди, понижи, омаловажи, исплаши или да поттикне на насилство или штетна акција против одредена личност или група врз основа на нивната политичка, расна, социјална, полова, сексуална или некоја друга различност“.*[46] Една друга дефиниција вели *“Под говор на омраза се подразбира пропаганда или оправдување на зосторствата, како и поттикнување насилство кон општествени групи и нивни членови, а врз основа на бојата на кожата, етничката припадност, полот или сексуална ориентација“*. Како говор на омраза се смета и изнесување и пренесување на идеи за супериорност или подреденост на една општествена група или нејзините припадници, како и употреба на симболи кои поттикнуваат омраза и ја истакнуваат супериорноста или подреденоста на општествените групи или нивните припадници.

Во говорот на омразата не постои толеранција, почитување на другиот и неговата различност без разлика на тоа од која природа е таа (различноста). Тој е насочен да поттикне омраза кон оние што не спаѓаат во нашата група или не се со нас.

Голем број на меѓународни документи го регулираат прашањето на говорот на омраза.[47] Со цел да се забрани говорот на омразата како цивилизациска опасност, ООН и Советот на Европа донесоа повеќе правни инструменти. Така, забраната на говорот на омраза е уредено со Универзалната декларација за правата на човекот, Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, Конвенцијата за укинување на сите форми на расна дискриминација и др.

Во *Универзалната декларација за правата на човекот на ООН (1948)* стои дека "Сите човечки суштества се раѓаат слободни и еднакви во достоинство и правата" (чл. 1) и дека сите права и слободи прогласени во оваа Декларација му припаѓаат на секое лице без разлика на расата, бојата на кожата, полот, јазикот, вероисповеста, политичкото или друго мислење, пационалното и општественото

---

[46] Прирачник за Етиката во новинарството, ЗНМ, Скопје, стр. 36-37.

[47] Ова прашање е регулирано во Меѓународната конвенција за елиминирање на сите видови на расна дискриминација во чл. 4, Препораката на Советот на Европа-Recommendation No. R (97)20 of the Committee of Ministers to member States on hate speech.

потекло, имотната состојба, раѓањето или било кои други услови" (чл. 2). Во членот 18 од Декларацијата стои дека" "Секој има право на слобода на мислата, совеста и вероисповеста", додека во чл. 19 од истата стои дека "Секој има право на слобода на мислење и изразување."

Во членот 19 од *Меѓународниот пакт за граѓански и политички права на ООН (1966)* се гарантира слобода на изразување, но содржи и нејзини ограничувања, кои мора да бидат изречно определени со закон и неопходни за почитување на правата и угледот на другите, или за заштита на државната безбедност, јавниот ред и мир, јавното здравје или морал. Членот 20 од Пактот го редуцира правото на слобода на изразување, односно предвидува законска забрана на пропагирање на војна или повик на национална, расна или верска омраза што преставува поттикнување на дискриминација, непријателство или насилство.

Во членот 4 од *Конвенцијата за укинување на сите форми на расна дискриминација на ООН (1965)* "бара од државите членки да го забранат говорот на омраза или другите форми на ширење на пропаганда на расна или етничка супериорност, а воедно и забранува поттикнување на етничка или расна дискриминација, омраза и насилство".

Во *Препораката бр. (97)20 на Советот на Европа* што се однесува на говорот на омраза вели *“говор на омраза треба да се разбере како покривање на сите форми на изразување што шират, наведуваат, промовираат или оправдуваат расна омраза, ксенофобија, антисемитизам,....вклучувајќи нетолеранција изразена преку агресивен национализам и етноцентризам, дискриминација и непријателство кон малцинства, мигрантите*.... “.[48]

**Препораката на Советот на Европа** што се однесува на говорот на омраза вели “говор на омраза треба да се разбере како покривање на сите форми на изразување што шират, наведуваат, промовираат или оправдуваат расна омраза, ксенофобија, антисемитизам,....вклучувајќи нетолеранција изразена преку агресивен национализам и етноцентризам, дискриминација и непријателство кон

---

[48] С. Димишкова, Слобода на изразувањето и демократијата, Вечер прес, Скопје, 2008, стр. 50-51.

малцинства, мигрантите.... “.[49] Популарно теоретичарите велат “говорот на омраза е изразување со кое се оцрнуваат етничките групи“.

Се поставува прашањето дали денес можеме да наведеме примери за овој вид на изразување (говор на омраза) од поблиското минато? Одговорот едноставно е ДА! Пример за говор на омраза е случајот со радио РТМЛ *(Radio Television Libre des Milles Collines)* во 1994 во Руанда, кога на неговата програма беше емитувана следнава порака: “Што чекате? Гробниците се празни. Земете ги мечевите и исечете ги вашите непријатели на парчиња!“. Директорот на ова радио во 2003 година од страна на Судот за воени злосторства во Руанда е осуден на доживотен затвор поради тоа што радиото со своите емисии придонесе кон ескалација на омразата и геноцидот што Хутите го извршија врз припадниците на племето Тутси во војната во 1994, кога загинаа околу 800 илјади припадници на етничката заедница Тутси.

Од земјите во регионот може да се спомене искуството од Босна и Херцеговина, во периодот на крвавата граѓанска војна во поранешна Југославија 1992-1995. Речиси сите аналитичари на оваа негативна појава како пример го наведуваат известувањето на новинарот Ристо Џого, кој при известувањето за нападот на сараевскиот пазар Маркале на 5 февруари 1994 година, од кој од последиците беа убиени 66 и околу 200 ранети, за српската телевизија лоцирана на Пале, рече: “.... Муслиманите се гранатираа самите, сакајќи да ја обвинат српската страна ...” Тој ги обвини властите во Сараево дека на местото поставувале тела на убиени Срби и кукли од излози само за да го “забошотат сопственото злосторство“.[50] Говорот на омраза се користи и во мирнодопски услови. Исто така, како понов пример за говор на омраза е говорот на Владиката Амфилохије во 2013 година кога на еден митинг во Белград, по повод потпишувањето на т.н. Бриселска спогодба за решавањето на статусот на Косово, пред насобраните присутни јавно изјави дека актуелното политичкото раководство на Србија ќе го снајде исто како Зоран Џинџиќ, кој во 2003 година во атентат пред Владата на Србија беше убиен.

---

[49] С. Димишкова, Слобода на изразувањето и демократијата, Вечер прес, Скопје, 2008, стр. 50-51.
[50] С. Димишкова, стр. 51-52

Во 2014 година од страна на поглаварот на Исламската верска заедница во РМ, Реисот Реџепи, изјави дека Македонците со исламска вероисповест се in vitro нација, што кај претставниците на Македонците-муслимани предизвика бурни реакции и негодувања.

Претседателката на партијата Национален фронт на Франција, Марин Ле Пен, во јуни 2014 година изјави дека Европската Унија (ЕУ) е антидемократски монструм и дека Европа треба да сноси одговорност за она што се случува во Украина.

Најнов "бисер" кој претставува современ облик на говор на омраза е изјавата на претседателката на партијата Национален фронт на Франција, Марин Ле Пен, која во септември 2015 година, искажувајќи го нејзиниот политички став кон бегалците од Сирија, изјави дека *"бегалската криза претставува инвазија која потсетува на инвазијата на варварите на Рим во IV век, а последиците ќе бидат исти. Затоа, ова лудило мораме да го сопреме веднаш како би ги заштитиле..... нашата слобода и идентитет*".

**Известување за различностите**

Денес ниту едно општество или зедница не е **стопроцентно** хомогено. Речиси секоја заедница има различности во политички, културен, етнички, религиозен аспект, односно е детерминиран со свои специфики и карактеристики. Хетерогеното општество има големо влијание врз одговорноста во информирање на новинарите, бидејќи таквото општество според својата природа е конфликтно по разни основи: историските, етничките, јазичните, религиските, обичајните.....разлики. Кога зборуваме за хетерогеноста, притоа најчесто се мисли на етничката, верската или расната припадност. Но различноста опфаќа и други категории како што се: сексуалната ориентација, идеолошко-политичките убедувања, економскиот, социјалниот статус и др.

Најголеми проблеми во известувањето предизвикуваат нееднаквиот приод кон етничките, верските или расните различности, бидејќи неретко се гледаат низ

призмата на предрасудите или стереотипите. Медиумите не треба да се водат според нив

Новинарот треба да знае со кој термин се означува една заедница. Доколку терминот е навредлив, тој несмее да се користи независно од аргументите кои навидум се чинат валидни и вообичаени. (пр. албанец=шиптар, роми=цигани, геј=педери и сл.).

Новинарот треба да ги запознае верувањата, сфаќањата, табуата на другите култури, етнички заедници или групи. Новинарот не смее да манифестира непочитување, без оглед дали е тоа вербално, визуелно на верските, етничките, сексуалните, политичките и сите други различности независно од неговиот личен став кон тие прашања.

Новинарите треба да ги одбегнуваат *стереотипите*. Новинарите никогаш нетреба да го поистветуваат однесувањето на еден човек како да е карактеристично за цела група или заедница.

Медиумите никогаш не треба да учествуваат во создавањето на *негативен имиџ или товар на одредена група или заедница*. Тој никогаш не треба да прави некоја заедница или група да се доживува како синоним за тероризам, граѓанска недисциплина, примитивизам, болести и сл.

Медиумите преку *пронаоѓање на позитивни приказни* за солидарноста, хуманизмот, заедништвото, кохезијата во општеството, можат да влијаат врз будењето на позитивното кај луѓето (пр. сторијата на Канал 5 за Црквата Свети Илија во Штип се прикажува како позитивна приказна за соживот меѓу христијаните и муслиманите, а не како објект на раздор, верска омраза и нетолеранција, дискриминација).

Новинарот треба да биде добро информиран за тоа што известува. Тој секогаш за предметот што пишува треба добро да го истражи, да прочита, да се информира. Никогаш нетреба да приоѓа со предрасуди, стереотипи или погрешни информации кон припадниците на различни заедници, затоа што недостигот од информации може да резултира со неточно и необјективно информирање.

Исто така, новинарот не треба да информира само за тоа што се случило туку и зошто се случило. Ова подразбира дека новинарот треба добро да го

објасни настанот, причините, контекстот на настанот, бидејќи само на тој начин може да го менува јавното мислење за одредена појава или настан.

### Непристрасност и политички и други предрасуди на новинарот

Непристрасноста не е само доблест туку и професионален стандард на новинарската професија. Од разни причини (политички, економски, религиозни, семејни), новинарите и медиумските куќи знаат понекогаш да заземат страна, односно да бидат пристрасни. Непристрасноста на новинарот подразбира дека тој не треба да припаѓа на ниту една страна во информирањето на јавноста. Тој, пред се, треба да биде неутрален, односно настанот да го прикаже реално како што се случил врз основа на факти и аргументи. Коментирањето на настанот може да ја изгуби непристрасноста. Новинарот своите ставови може да ги искаже и во коментар. Ваквиот пристап не ја губи непристрасноста ниту вредносната ориентација. Настаните подлежат на логиката на непристрсноста, а во коментарите доаѓа до израз вредносните судови.[51] Непристрасноста не значи дека новинарите немаат свое убедување и склоност. Непристрасните новинари настаните ги прикажуваат врз основа на факти и вистина. Колку е важна непристрасноста за новинарската професија го потенцираат и самите медиумски куќи во своите кодекси. Така во Producers Guidelines BBC стои дека “*највожна вредност во сите програми е почитувањето на непристрасноста“*.[52] Непристрсноста опфаќа чесност, ненеклонетост и рамнотежа во информирањето. Непристрсноста не значи целосна “вредносна неутралност”. Генерално нема вредносна неутралност. Секој човек, па и новинарот како професионалец поаѓа од вредностите и вредносниот систем на општеството во кое тој живее кога формира став за нешто. Ако поаѓа од универзалните вредности како основно мерило, тогаш тој, како човек и новинар се ориентира на најдобар начин, каде универзалните вредности и критериуми се главна водилка во однесувањето на новинарите.

---

[51] Чедомир Чупиќ, *Медијска етика и медијски линч*, Чигоја штампа, Београд, стр. 21.
[52] *BBC Producers Guidelines,* BBC, London, str. 14.

**Политички и други предрасуди на новинарот:** Констатиравме дека еден од професионалните стандарди на новинарската професија е непристрасноста, објективноста и неутралност. Новинарите од разни причини (политички, економски, религиозни, семејни) понекогаш знаат да бидат пристрасни во известувањето. Пристрасноста е тенденција настаните да се интрепретираат на начин кој оди во прилог  на ставовите кои новинарот ги прифаќа или не оди во прилог на ставовите (гледиштето) кои новинарот не ги прифаќа.

Предрасудите можат да бидат свесни или подсвесни. Многу новинарски извештаи (радио, телевизија, печатот) се посветени на високи политички личности, во кои може да се насети дека авторот на прилогот или новинарската агенција е наклонет кон оваа или онаа политичка опција, иако тие постојано потенцираат дека јавноста ја информираат непристрасно.

Предрасудите на новинарите се манифестира и на други начини, како на пример: изборот на темата за која ќе се пишува или нема да се пишува, изборот на снимката и фотографијата во која се гледа како некој изгледа (добро или лошо), изразот на лицето на новинарот кога зборува за настанот, со осмев кога тој зборува за работи што тој ги одобрува, или со израз на омаловажување кога зборува за успехот на индивидуата, политичката партија или движењето со кој не се сложува, изборот на пратечката музика која може да има несвесно дејство на слушателите и гледачите, како и многу други средства кои подсвесно можат да ги насочат мислењето на јавноста во насока на новинарските предрасуди.

Од професионална гледна точка пристрасноста на новинарите во известување е морално недопустливо. Вистинито известување не е само точно интрепретирање на фактите, туку и пренесување на фактите без претерано изнесување на сопствено мислење за вредностите на тие факти. Известувајќи за фактите на пристрасен начин, чија вистина не е спорна, новинарот доаѓа во судир со мисијата на професијата да известува за фактите.

**Регулатива за медиумско покривање на изборните кампањи**

Една од најважните улоги на медиумите е формирањето на јавното мислење. Можноста слободно да се изразат различните политички мислења и ставови е од суштинско значење за изборниот процес во демократијата. Плурализмот на медиуми на граѓаните им обезбедува различни информации и идеи кои им овозможуваат да формираат свое мислење за прашања од огромно значење за нив и да учествуваат во јавниот и политичкиот живот и во процесот на одлучување. Ваквата улога на медиумите особено доаѓа за време на изборите, кога на политичарите и политичките партии им е потребен јавен простор за учество во политичка дебата за да им ги престават на избирачите своите политички ставови и кандидатите за носители на јавни и политички функции. Изборите се сложен, противречен и одговорен политички процес, па затоа медиумите треба да бидат многу внимателни кога известуваат за нив. Медиумите мора да се однесуваат на општествено одговорен начин, а тоа подразбира дека тие треба да се однесуваат непристрасно, правично и да имаат балансирано медиумско покривање на изборниот процес. За време на изборите медиумите мора да обезбедат претставување на што поголем број на кандидати и политички субјекти (партии). Овие правила се однесуваат на радиодифузните медиуми, додека печатените медиуми тоа треба да го обезбедата согласно етичките стандарди и саморегулацијата. Секои избори се тест за демократијата и демократските вредности во општеството, но тие се тест и соочување за партиските програми. Тие се одраз на политичката волја на граѓаните. Затоа, покривањето на изборите е многу важен сегмент од слободата на изразување. Покривањето на изборите не подразбира само известување за изборната кампања и одржаните партиски митинзи. Тоа подразбира и известување за сите различни мислења и ставови на политичките субјекти кои секогаш се спротивставени.

Професионалните новинари не треба да бидат наклонети на ниедна политичка партија и кандидат. Тие треба да известуваат избалансирано и непристрасно, така што, во новинарските прилози треба подеднакво да ги информираат граѓаните за партиските ставови во однос на сите општествени

прашања, а граѓаните – гласачите сами да одлучат чии ставови и мислења се најблиски до нив.

**Известување во вестите за резултатите од анкетите на јавното мислење**

Испитување на јавното мислење е составен дел на изборниот процес. Во државите во транзиција објавувањето на резултати од изборни анкети често се користи да се влијае врз мислењето на избирачите, особено ако се нарачани од организации кои се блиски до одредена политичка партија. Од тие причини, во изборната регулатива се утврдуваат строги правила и процедури како да се објавуваат резултатите од анкети на јавното мислење спроведени за време на избори. Испитувањето на јавното мислење може да биде организирано од страна на медиумите, политичките партии. Повеќето испитувања на јавното мислење што се организирани од медиумите се засновани на моделот кој води, а кој губи. Новинарите треба добро да ги познаваат основните техники за испитување на јавното мислење, со цел правилно да се анализираат и толкуваат податоците добиени од анкетите. Резултати од испитување на јавното мислење поврзани со изборите, медиумите можат да објават пет дена пред одржување на изборите при што се должни:

- да го наведат името на нарачателот и плаќачот на анкетата;
- да го наведат името на институцијата што го извршила испитувањето и методологијата;
- големината и структурата на испитаниот примерок;
- периодот во кој е спроведено испитувањето.

Резултатите од анкетите спроведени на самиот ден на изборите не можат да се објават пред завршувањето на гласањето, односно пред 19,00 часот.

**Јавниот сервис и изборите**: Јавниот сервис за време на изборите мора да обезбеди: непристрасност во однос на ниту една политичка партија или кандидат,

како и еднаков пристап до медиумите за сите кандидати и партии кои учествуваат на изборите. Исто така, јавните сервиси треба да обезбедат балансирано и рамномерно покривање на партиските митинзи, независно од тоа дали станува збор за позиција или опозиција, или големи и мали политички партии.

**Кодексот на новинарите и изборите**: Не постои посебна новинарска етика за изборите, туку сите професионални стандарди и начела кои важат во секојдневното работење важат и за изборите. Изборите се најголемиот тест за етиката на новинарите. Токму од овие причини здруженијата на новинарите секаде во светот подготвуваат водичи и прирачници за изборите. Кодексот на новинарите на Македонија (2001) само во членот 14 се осврнува на изборите. Според него, "известувањето од политичките процеси, посебно од изборите, треба да биде непристрасно и избалансирано. Новинарот треба да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти". Овој член значи дека новинарите секогаш критички треба да ги следат политичките процеси, односно не треба да прават кампања за ниту една политичка партија или коалиција.

**Медиумско претставување**: Радиодифузерите за време на изборната кампања се должни во нивните програми да обезбедат рамноправен пристап на сите учесници на изборите. Телевизиите и радијата што ги покриваат изборите можат да емитуваат 15 минути дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма, исклучиво за политичко рекламирање, од кој за еден учесник во кампањата најмногу 10 минути. Радиодифузерите и весниците се должни пет дена по распишувањето на изборите да утврдат ценовници за платено политичко рекламирање за изборните програми и кандидатите учесници на изборите.

**Програма за едукација на гласачите**. За да бидат успешни изборите, голем придонес можат да дадат медиумите со своите едукативни и информативни спотови за потсетување и поттикнување на гласачите да излезат масовно на гласање со цел гласачите да стекнат поголема доверба за текот изборниот процес и легитимноста на изборите. По правило, едукативната функција за време на изборите, обврска е на јавниот радиодифузен сервис, но во последно време на ова прашање посветуваат и комерцијалните радиодифузари. Едукативни изборни

спотови вообичаено продуцираат државните органи задолжени за спроведување на изборите или невладините организации.

**Известување за време на изборен молк**: Изборниот молк е период кога престануваат сите облици на изборна кампања на политичките партии и кандидатите со цел на гласачите да им се овозможи мирно да размислуваат и да донесата одлука за кога да гласаат. Од начинот како е дефинирана изборната кампања зависи дали во регулативата на една држава е утврден еден или два периода на изборен молк. Многу држави, меѓу кои и Република Македонија, прецизно не ги разграничиле двата периода. Во Изборниот закон на РМ, во делот кој се однесува на изборната кампања и нејзиното финансирање, стои дека "изборната кампања.....започнува 20 дена пред денот определен за одржување на избори и не смее да трае 24 часа пред денот на изборите и на денот на изборите".[53] За време на изборниот молк, сите облици на изборното медиумско претставување на учесниците на изборите престануваат. Радиодифузерите и за време на изборниот молк смеат да известуваат за изборите доколку тоа не преставува агитација и фаворизирање одредена политичка програма, партија и кандидати.

**Декриминализација на клеветата**

Клеветата и навредата спаѓаат во корпусот на деликти кои се во сферата на казненото право. Новинарите вршејќи си ја својата професија, понекогаш намерно или ненамерно во своите текстови не информираат објективно, односно преку клевета го нарушувата достоинството и честа на граѓаните. Секој правен систем, вклучително и на РМ предвидува обештетување на поединци, чиј углед бил повреден со говорот на другите. Слободата на изразување подразбира слобода на јавно говорење, но и слобода на уметничко изразување.

Декриминализацијата на клеветата во изминатите години кај нас беше централно прашање и тема на дискусијата помеѓу Владата на Република Македонија и Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ). Се водеше

[53] Чл. 74 од Изборниот законик.

интензивен дијалог помеѓу Владата на РМ и ЗНМ за декриминализација на клеветата. Со цел да се разреши овој  проблем од страна на ЗНМ а со поддршка на ЕУ беше покрената иницијатива за измени и дополнување на Законот за казнена постапка според која казненото дело клевета наместо кривично дело да се третира како прекршок. За решавањето на овој проблем се одвиваше отворен дијалог помеѓу Владата и Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ). Предлог на ЗНМ беше да се декриминилизира клеветата, односно наместо кривична казна таа да се трансформира во прекршочна казна. Притоа, се пристапи кон спроведување на реформи во нашето законодавство кои се однесуваа на декриминализацијата на клеветата. По повеќегодишна дебата, Собранието на Република Македонија во ноември 2012 година ги усвоија двата законски предлози на Владата и ЗНМ, измените и дополнувањата на Кривичниот законик и Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда. Со првиот закон се избришаа најголемиот дел од делата против честа и угледот, со што нема да се оди во затвор за ваквите дела, а со вториот закон се утврдува одговорност за овие дела во граѓанскиот закон.

Со Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда се амнестирани над 700 судски предмети за клевета и навреди, од кои половината од нив се поднесени против новинари.

Се воведува степенеста (каскадна) одговорност за клевета и навреда меѓу новинарот, уредникот и медиумот и се ограничува највисокиот лимит за надомест на нематеријална штета на 27 илјади евра (2 илјади за новинарот, 10 илјади за уредникот и 15 илјади за медиумот).

***Како е во Европа***? Слободата на изразување е уредено со чл. 10 во Европската конвеција за човекови права. Бидејќи Собранието на Република Македонија го донесе Законот за ратификација на ЕКЧП во 1997 година, со што Европската конвенција од тој ден стана составен дел на нашето законодавство. Со потврдата на Законот за ратификацијата на Конвенцијататоа, Република Македонија ги прифати одредбите на членовите 25 и 46 од Конвенцијата, со кои се прифаќа правото на индивидуална жалба против државата-членка поради повреда на на слободите и правата од Конвенцијата, со посебна изјава дека тоа

право го признава по 1 јануари 1998 година. Освен Конвенцијата, РМ ги ратификува и сите протоколи на Конвенцијата, вклучувајќи го и протоколот бр. 11, според кој се укинува Европската комисија за човековите права, а нејзините ингеренции се пренесуваат на Европски суд за човекови права.

**Презумција на невиност**

Правото на фер судење и судење во разумен рок се едни од поновите судски начела за кои новинарите треба да имаат поголем сенс и познавање со цел да не ги кршат основните демократски вредности. Новинарите имаат професионална обврска да ги следат и судските процеси, особено оние кои предизвикуваат голем интерес и публицитет во јавноста (судење на функционер, мито, корупција, убиство, криминал, силување, инцест, затајување на данок, педофилија и сл.).

Во членот 6 од Европската конвенција за човекови права на индивидуите им се гарантира правото на презумпција на невиност и на фер судење. Медиумите (новинарите) известуваат за текот на судските постапки, а посебно за кривичните, со цел јавноста да биде информирана како се остварува правдата, која секогаш предизвикува јавен интерес. Правото на фер судење подразбира и јавни претреси и јавно изрекување на пресудите, а отвореноста кон јавноста се остварува со медиумско известување за судските постапки. Меѓутоа, во членот 6 е утврдено дека во одредени случаи јавноста и медиумите можат да бидат исклучени од целата судска постапка или од некои нејзини делови, кое исклучување мора да биде усогласено со конкретно наброени случеви на ограничување на слободата на изразување утврдена во ставот 2 на членот 10 од Конвенцијата. Истовремено, доколку со судската постапка се откриваат информации од личен карактер, тогаш треба да се обезбеди заштита на приватноста, согласно членот 8 од Европската конвенција за човекови права.

Известувањето на медиумите во некои држави-членки на Советот на Европа за некои судски процеси го предизвика вниманието на јавноста и испровоцира јавна дебата за повеќе важни прашања како што се: тајноста на истражната постапка, влијанието на медиумите врз сведоците и судиите,

присуството на медиумите во судниците и емитувањето снимки од судките постапки. Во тој контекст, Советот на Европа усвои два значајни документи во кои се утврдени принципите и стандардите во однос на заштитата на слободата на медиумите и остварувањето на правото на фер судење во текот и по завршувањето на кривичните постапки: Декларацијата од 10 јули 2003 година о Препораката Rec (2003) за обезбедување информации преку медиумите во врска со кривичните постапки. Во овие документи се утврдени повеќе основни принципи поврзани со известувањето на медиумите за кривичните постапки:

-*Информирање на јавноста*: преку медиумите за активностите на судските власти и на полициските органи, а поради тоа новинарите и медиумите треба слободно да информираат и да коментираат за функционирање на системот на извршување на правдата

-*Презумпција на невиност*: правото на фер судење е интегрален дел принципот на презумпција на невиност. Ова подразбира, пред се, мислењата и информациите поврзани со кривични постапки што се во тек можат да се пренесуваат преку медиумите само доколку не ја повредуваат пресуммпцијата на невиност на осомничениот или обвинетиот.

-*Точност во информирањето*: Суските власти и полициските органи треба да им доставуваат на медиумите само верификувани (точни) информации или информации засновани на оправдани претпоставки. Во случај да даваат претпоставки, тие треба јасно да им го наведат на медиумите.

-*Пристап до информации:* Овој принцип нагласува дека новинарите не смеат да бидат исклучени од пристапот до информации поради политички или други причини, односно судските власти или полициските органи за кривичните постапки што се во тек без дискриминација на новинарите да им ги стават на располагање сите потребни информации.

-*Начин на обезбедување на информации преку медиумите*: Кога судските власти и полициските органисами одлучиле да обезбедат информации за медиумите за кривични постапки кои се во тек, информациите треба да ги обезбедуваат врз недискриминаторска основа (политички или други основи), и

секогаш кога е можно, со соопштенија за печат, прес-конференции на овластените службеници или со други слични средства.

-*Редовно информирање во текот на кривичните постапки*: За кривичните постапки од јавен интерес или за други кривични постапки кои привлекле посебно внимание во јавноста, судските власти и полициските органи би требало да ги информираат медиумите за нивните главни дејствија, под услов со тоа да не се доведе во прашање тајноста на истражната постапка или да се одложи или загрози исходот од постапките. Во случај на постапки кои траат подолг период, ваквите информации треба редовно да се обезбедуваат.

Кога новинарите и медиумите не добиваат информации за кривичните постапки кои предизвикуваат особено внимание за јавноста, тогаш веројатно новинарите ќе се впуштат самостојно да спроведат истраги, што можат да доведат до одредени околности негативно да влијаат врз текот на судската постапка (да откријат на јавноста важни информации за сведоците или за сторителите на кривичните дела.

-*Забрана на експлоатација на информациите*: Според овој принцип судските власти и полициските органи не треба да ги користат информациите за кривичните постапки кои се во тек за комерцијални цели или за поинакви цели од оние што се поврзани со спроведувањето на законите.

-*Заштита на приватноста во контекст на кривичните постапки:* при обезбедување на информации за осомничените или обвинетите лица или за други учесници во кривичните постапки, треба да се почитува правото на заштита на приватноста во согласност со членот 8 на Конвенцијата. Особена заштита треба да се обезбеди за малолетниците или за другите ранливи лица, како и за жртвите, сведоците и за семејствата на осомничените и обвинетите. Во сите случаи треба особено да се води грижа за штетните последици од откривањето на информациите со кои тие можат да бидат идентификувани.

-*Право на одговор и исправка*: ......секој кој бил предмет на неточно и навредливо известување во медиумите во контекст на кривични постапки има право на исправка или одговор во конкретниот медиум. Правото на одговор треба

да е достапно и во однос на соопштенијата за печат кои содржат неточни информации што ги дале судските власти или полицијата.

*-Спречување на штетно влијание:* во кривичните постапки, особено во кои се вклучени судии поротници, судските власти и полицијата треба да се воздржуваат од објавување информации со кои може битно да се влијае врз правичноста на постапката.

*-Штетен публицитет пред судење*: Малициозното известување на медиумите може во исклучителни случаи негативно да влијае врз конкретна кривична постапка, особено врз поротата и сведоците. Овој принцип на државите-членки им нагласува дека е неопходно да постои соодветно правно средство за заштита на поединците чие право на правично судење е загрозено од информации објавени во некои медиуми.

*-Примање на новинарите*: Новинарите не треба да бидат примени на јавните судски претреси и на соопштувањето на судските пресуди без дискриминација и без барање акредитација. Тие не смеат да бидат отстранети од судските претреси, освен кога станува збор за исклучување на јавноста, согласно со членот 6 на конвенцијата.

*-Пристап на новинарите до судницата*: Во судницата треба да има доволно простор за новинарите, бидејќи тие на тој начин овозможуваат и пошироката јавност да биде информирана за судските постапки. Во случај кога за судските постапки има поголем интерес на јавноста, треба да се обезбедат поголеми простории, зависно од капацитетот и можностите на судот.Но тоа не значи дека на сметка на присуството на медиумите треба да биде исклучена останатат јавност.

*-Преноси во живо и снимки од судските постапки*: Преносите во живо или снимки од судките постапки не треба да се емитуваат, освен кога се експлицитно дозволени со закон или со одлука на судот. Таквото известување би било одобрено само ако не постои сериозен ризик да се влијае врз жртвите, сведоците, странките во кривичните постапки, поротниците или врз судиите.

*-Поддршка на медиумското известување:* Највите на закажаните судки процеси, обвинителни акти или други релевантни информации за спроведување

на законите треба да им бидат на располагање на новинарите со едноставна постапка, освен кога тоа не е применливо. На новинарите треба недискриминаторски да им се овозможи да направат или да добијат копии од јавно соопштените пресуди. Тие треба да бидат можност да ги пренесат пресудите во јавност

-*Заштита на сведоците:* Идентитетот на сведоците не треба да се открива, освен ако тој самиот претходно дал согласност, ако откривањето на неговиот идентитет е од јавен интерес или ако сведочењето веќе било јавно. Идентитетот на сведокот никогаш не треба да се открива доколку постои опасност за неговиот живот и сигурност. Задолжително треба да се внимава на програмите за заштита на сведоци, особено во кривичните постапки за организиран криминал или семејно насилство.

-*Известување на медиумите за извршување на судските казни*: на новинарите треба да им биде дозволено да контактираат со лицата кои издржуваат судки казни во затвор, само ако тоа не го попречува правичното спроведување на правдата, правата на затворениците и затворските службеници и сигурноста на затворот.

-*Известување на медиумите по извршување на суските казни*: За да не се попречи ресоцијализација на лицата кои издржале судки казни, правото на приватност согласно членот 8 од Конвенцијата треба да го вклучува и правото на заштита на идентитетот на тие лица во врска со претходни судски казни, освен ако тие самите се согласиле да се открие нивниот идентитет или ако тие и нивното претходно сторено дело се повторно поврзани со остварување на некој јавен интерес.

Од професионална гледна точка, новинарите имаат обврска само да го следат судскиот процес и да информираат за текот и фазите на истиот. Меѓутоа, честопати, новинарите си земаат за право да се впуштаат да коментираат одредени изјави на обвинетите и судиите и да навлегуваат во компетенциите на судот, односно да вршат притисок на самиот суд и да влијаат на пресудата. Со други зборови новинарите се ставаат во улога на судии, односно сугерираат на висината на казната што за еден професионалец е крајно недопустливо и е во

спротивно на новинарската етика. На тој начин новинарот се меша во независноста на судството и го крши начелото на презумција на невиност, односно однапред јавно го осудува обвинетиот. Од аспект на новинарска етика, тие само треба да го следат судскиот процес и да ја информираат јавноста за неговиот тек, но не и да се ставаат во улога да обвинува, суди и пресудува и коментира. Тоа ќе го каже судот врз основа на докази, факти и аргументи. Лицето обвинето за казниво дело ќе се смета за невино се додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска пресуда *(Nullum crimen nula poena sine lege)*. Кога ќе се донесе преседуата од страна на надлежниот суд, тогаш новинарите можат да ја објават донесената пресуда без притоа да ја коментираат.

Новинарите, односно медиумите често како извор на податоци ги земаат полициските обвинувања или соопштенија, при што зборот осомничен не се нагласува, па се стекнува впечаток дека лицето за кое се информира е виновно. На тој начин медиумите "пресудуваат" и пред да заврши судската постапка. Многу медиуми некритички ги пренесуваат информациите добиени од полицијата, со што фактот дека станува збор само за осомничен е заборавен. Дури често за медиумите полициското обвинување не е доволно, па заедно со полниот идентитет на личноста додаваат квалификации како "крал на подземјето ", "монструозен педофил", "локален манијак"[54] и слично.

Заклучокот на сето ова е дека новинарите нетреба да се ставаат во улога на судии, да пресудуваат, да го прогнозираат исходот на пресудата, да коментираат судски пресуди, туку, тие единствено што смеат и можат е да ги објават пресудите онака како што ги носат судовите (автентична пресуда-одлука).

**Медиумска концентрација (Кунчик, Ципфел)**

**Медиумите, новинарите и корупцијата**

*Вториот аспект* на корупцијата во медиумите е подложноста на медиумите и новинарите кон коруптивно однесување. Медиумите и новинарството

---

[54] Прирачник за Етика во новинарството, ЗНМ, Скопје, 2012, стр. 27.

како јавна професија не се имуни од корупцијата. Новинарите со моќта на зборовите во медиумите имаат огромна општествена и политичка моќ која често знаат да ја злоупотребат за свој личен интерес. Една од основните права и обврски на новинарите е отворено и бескомпромисно да се борат против митото и корупцијата во општеството и во сопствените редови како големо општествено зло. Тие во основа преку своите текстови треба отворено, критички и аргументирано да се борат против корупцијата, јавно да ја обелоденуваат, а нивните актери јавно да ги жигосуваат. Новинарската професија во голем број на држави е нископлатена па затоа новинарите често пати доаѓаат во искушение и тие да бидат подложни на мито и корупција. Лошата материјална, егзистенцијална и социјална положба на новинарите и нивните семејства ги ставаат новинарите во ситуација да ја злоупотребат професијата, односно да се стават во функција на нечии други интереси (политички, бизнис, финансиски).

Според мислењето на некои новинари, политичките и финансиските моќници сакаат да ги корумпираат новинарите и уредниците, на еден суптилен начин преку организирање на работни ручеци или вечери за новинарите и уредниците, им подаруваат "мали" подароци, организираат патувања или семинари во туристички центри и др. За да ги заштитат своите новинари од ваквите суптилни поткупувања, некои медиуми одлучиле да ги ротираат новинарите од една редакција во друга. Невозможно е новинарите да го задржат својот кредибилитет ако примаат каков било подарок од луѓето или од организациите за кои пишуваат. Ова укажува дека новинарите лесно можат да станат мета на корупција. Некои редакции за давањето подароци имаат изградено став истите да ги одбиваат и враќаат назад.

Имајќи ја во предвид негативната практика на однесување на медиумите и новинарите, Здружението на новинари на Македонија пристапи кон донесување на Етички кодекс на однесување на новинарите.

Кодексот на новинарите во многу држави, меѓу кои и на Здружението на новинарите на Македонија посветуваат големо внимание на односот на своите членови кон корупцијата. Во тој контекст, се наведува дека новинарите треба енергично да се борат против злоупотреба и корупција во својата работа и

пошироко во општеството. Во Кодексот на новинари  на Македонија постои изрична одредба во точка 6, дека новинарот не смее да го користи медиумот за објавување или за прикривање информации за стекнување лична корист. Митото, корупцијата и изнудувањето се неспоиви со новинарската професија.

Новинарите како јавна професија и коректив на власта  во борбата против корупцијата треба да се раководат од следните принципи и начела:

- Секој подарок или услуга што може да влијаат врз објективното информирање се смета за корупција;
- Секое искористување на новинарската професија, функцијата, јавното овластување и службената должност и положба , за создавање каква било корист за себе или за друг субјект, се смета за корупција во новинарството;
- Како можни извори на корупција се сметаат: носители на јавни функции, избрани и именувани функционери, стопанственици, политички партии, образовни, здравствени, верски, спортски и културни организации, владини и невладини организации, медиумски куќи и поединци;
- За директна корупција се смета давање, примање и изнудување незаконска материјална или друга добивка за остварување корист за новинарот или за медиумот;
- За индиректна (скриена) корупција се сметаат: организирање патувања, семинари, советувања. Протежирање на одредени новинари и редакции како придружба на официјални делегации, како и давање услуги и средства под повластени услови со цел придобивање на новинарите за премолчување на релевантни факти за јавноста, како и за позитивни и афирмативни текстови;
- Изнудување материјална и нематеријална добивка од страна на новинарот со уцена да објави или не одредена информација која може да му наштети на одреден субјект, исто така, се смета за корупција. За елиминирање на корупцијата во својата професија, новинарите на Македонија се залагаат за следните принципи:

- Новинарскиот еснаф се спротивставува на обидите за поткуп и корупција на своите колеги и јавно ќе ги посочи таквите случаи, доколку ги има.
- Се бори за искоренување на корупцијата во своите редови.
- Ја смета за неспоива работата на новинарот со каков било политички ангажман.
- Се залага за спречување на дискриминацијата на државните органи кон медиумите
- Се залага за транспарентност на сопственоста и финансиското работење на медиумите.
- Инсистира на доследна примена на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер.
- Соработува со релевантни организации и институции, медиуми, невладиниот и приватниот сектор, домашни и странски независни експерти и меѓународната заедница.

Имајќи го предвид социјалниот статус на новинарите во Македонија и аналогно на тоа лесната можност за подложност на мито и корупција, секој новинар треба да се запраша и добро да анализира што се бара од него за возврат кога ќе му се понуди подарок, патување или друг вид погодност и услуга. Секогаш новинарскиот еснаф треба да се огради од новинарот кај кого ќе биде докажано коруптивно однесување и јавно треба да го осуди.

### Слобода и одговорност на уредникот

Многу важно етичко прашање во новинарската професија секако е прашањето на уредничката слобода. Новинарството не е само информирање за фактите, туку и слобода на изразување, односно интерпретација на настаните.[55] Со други зборови тоа значи дека уредникот може и има право да пишува колумни со коментари во весниците, односно нивен еквивалент во електронските медиуми

[55] D. Journalistic Ethics moral: responsibilityn the media, JP “Sluzbeni glasnik”, 1 st Edition, Copyright, 2007, str. 337.

(коментар, мислење на уредникот). На тој начин може да дојдат до израз политичките ставови и пристрасноста, под услов да не се подметнуваат како факти.

**Уредничко мислење**: Напоменавме дека објективното известување во интерес на граѓаните (консументите на информациите), треба да задоволи уште едно барање: новинарите да останат објективни и независни колку што е можно повеќе и да ја задрже критичката дистанца од настанот што се истражува, одбегнувајќи ги притоа предрасудите, личната интерпретација, како и субјективните судови кои можат да ја намалат вредноста на вистината. Сепак, во професионалното новинарство има место и за слободно изразување на мислењето во новинарските воведи, колумните, и уредничките коментари во печатот, радио и телевизиски вести.

Новинарите имаат права како и останатите слободни граѓани, да известуваат за тековните настани и збиднувања, изнесуваат свои мислења, да пофалуваат или критикуваат за се она што заслужува пофалби или критики. Уредничкото мислење е важен дел на новинарството и има значајна функција, бидејќи ги надополнуваат основните факти поврзани со настанот. Уредничкото мислење нуди еден личен поглед, став на тоа дали одредени настани се позитивни или негативни, односно кои понатамошни последици би ги предизвикале за државата, заедницата, или светот во целина.

**Поттикнување на плурализам на мислења**: Оставањето слободен простор на различни политички и вредносни ставови во медиумите е значајно етичко прашање во новинарството. Главна одлика на современото новинарство е слободен пристап во медиумите на различни вредносни и политички ставови. Ова подразбира давање на простор во медиумите на новинари, интелектуалци кои застапуваат различни морални, политички и општествени вредности. Плурализмот на мислења е тесно поврзано со прашањето на слободата на изразување.

**Разликување на вести од коментари:** Прв принцип на одговорност на уредникот е да направи изричито раздвојување на коментарите на уредништвото (уредникот) од изнесувањето на факти. За настаните новинарите известуваат

одговарајќи на пет традиционални прашања: <u>кој, што, кога, каде и зошто</u>. Тоа е суштината на новинарската професија.

Кога новинарите преминуваат од онаа страна на фактите, оносно кога коментираат потребно е на нивните читатели, слушатели или гледачи приметно да ја потенцира таа разлика, такашто да биде јасно дека новинарите не известуваат за настан, туку изнесуваат свој коментар или вредносен суд. На оваа дистинкција на читателите и гледачите може да се потенцира на различни начини. Печатените медиуми содржат воведи и го носат тој назив, или се истакнуваат како став или мислење на уредништвото, и чести ги содржат изразите како што се: “од наш агол“, “наш став“, “наше мислење“, “како јас гледам на работите“, “став на уредникот “ и сл. Сето ова слуши да би се потенцирала разликата меѓу мислењето на уредниците и обичните извештаи за фактите.

Целата на правењето на разлика помеѓу вести и коментари е јавноста да не разбере погрешно (или неможе да ја препознае) меѓу тоа што значи дека нешто е прикаѓано како мислење за фактите и нивната оцена. Слична графичка техника се користи и на телевизијата каде уредничкиот коментар често е пропратен со титлови кои скренуваат внимание дека станува збор за “уводник“, “мислење на уредништвото“ или “анализа и вреднување“. Идејата е да се одделат известувањето за фактите и оноа што новинарите и уредниците, или сопствениците и упарвата, мислат за смислата и вредностите на тие факти. Изричитото истакнување на разлика помеѓу фактите и мислењето за фактите, како и институцијата вовед или неговите еквиваленти на радио и телевизија се почитува еден многу важен принцип на новинарската етика, така што читателите, слушателите или гледачите не се доведуваат во забуна во поглед на тоа што новинарот верува (е убеден) дека фактот и оноа што е само уредничко мислење, процена и израз на вредност.

Што се случува кога не се почитува правилото на јасна дистинкција помеѓу фактите и уредничкото мислење? Како последица на таквиот пропуст е читајќи весници и гледајќи телевизија може да се добие погрешен впечаток, дека фактот, на пример, некоја друга странска влада постапува правилно или погрешно, да одреден закон за кој моментално се расправа во парламентот треба или нетреба

да се донесе. Постојат факти, од една страна, кои новинарите ги истражуваат и за нив известуваат, а постои и мислење, интерпретација и анализа на смислата и вредносните факти, од друга страна.

Професионалните новинари имаат обврска максимално да ја зборуваат вистината на јавноста, да не ги охрабруваат читателите и гледачите да ги помешат фактите со уредничките ставови кон вредностите или импликациите на тие факти.

Да резимираме. Новинарите имаат право, да ги изразуваат личните и уредничките мислења и ставови за смислата и значењто на интересните појави во вестите. Новинарите кога ги изнесуваат своите мислења и вредносни судови за настаните, тие се должни тоа да го сторат на начин кој нема да ги помеша со фактите за кој имаат морална обврска да ги откриваат и соопштуваат на јавноста.

Потрошувачите кога читаат, слушаат или гледаат вести, можат да направат разлика на тоа што е понудено како вест од оноа што се нуди како уредничко мислење. Тоа, од нас читателите (потрошувачите) пред се бара способност сами да можеме да правиме разлика, особено кога не се изричито раздвоени од самиот креатор на информацијата.

**Пристап до информации од јавен карактер**

Поседувањето на информации претставува синоним за моќ и можност-способност за влијание. Тој што има информации - има моќ, бидејќи има поголема можност активно да се вклучи во процесите на донесување на одлуки *(making decision).* Јавните институции имаат уставна и законска надлежност да донесуваат многу важни одлуки кои имаат соодветна импликација врз неговата општествена положба и иднината на граѓаните во една држава. Поради тоа, граѓаните треба да имаат пристап до информации за работата на државните (јавните) органи и институции. Едно од основните демократски права на секој човек е да поседува информации за работењето на јавните институции. Правото на секој поединец да има слободен пристап или увид во информациите што ги поседуваат државните органи, институции се со цел да има можност слободно да одлучува и да влијае

врз општествените процеси кои се значајни за неговиот живот. Остварувањето на ова право во практиката се заснова на два клучни принципа на демократското уредување: објавување на законите, актите и процедурите и транспарентност на јавната администрација. Правото на слободен пристап до онформациите е моќно средство за демократска контрола на работата на државните и јавните институции. Денес многу меѓународни организации за заштита на човековите права ја нагласуваат важноста на правото на пристап до информациите, а тоа е признато и како основно човеково право во уставите на голем број на држави. Правото на пристап до информациите е дел од поширокиот корпус на граѓански и политички права е една од асектите на правото на слобода на изразување, што значи власта не смее да го попречува слобониот тек на информациите и идеите. Правото на пристап до информации од јавен карактер во последно време добива се поголемо значење и е уредено во голем број на меѓународно документи и декларации. Според Пудефат, ова право е многу важно пред се поради следното:

1) без пристап до информации невозможно е да се оствари ефикасна политичка дебата;

2) Прикривањето на информации води кон атмосфера на конспиративност и озборување, наместо кон отворена јавна дебата;

3) Прикривањето на информации води кон коруптивно однесување; 4) Пристапот до информациите е многу важно за постигнување на отчетност на власта (Puddephatt 2002).

Американскиот економист Јозеф Стиглиц нагласува дека потенцијалот за учество на граѓаните во демократските процеси подразбира нивно информирање, додавајќи дека:''Прикривањето ги намалува информациите што им се достапни на граѓаните, попречувајќи ја способноста на луѓето суштествено да учествуваат во демократските процеси'' (Stiglitz, 2002:30). Според него, ова се однесува на сите нивоа на учество-независно дали во изборните процеси, во локалниот училишен одбор или во јавна расправа за некој проект на локалната заедница.

**Историјат на слободата на информирање и слободниот пристап до информации**

ООН има многу важна улога во развојот на слободата на информирање како човеково право. Правото на слобода на информирање и правото на пристап до информации се тесно поврзани со слободата на изразување или слободата на говор. Во *Универзалната деларација за човекови права* (1948), во членот 19 јасно и недвосмислено го дефинира правото на слобода на изразување:

Слободата на изразување е нешто што треба да му користи и на оној што ја испраќа информацијата и на оној што ја прима. Но, идејата дека граѓаните треба да добијат пристап до информациите што ги поседуваат владините и државните институции во минатото не била многу прифатена.

Шведска е прва држава што има воведено уставна загарантираност на слободата на информирање од 1766 година. Идеен творец на донесувањето на специјалниот Акт за слобода на печатот, е финскиот свештеник Anders Chydenius, во кој една од основните придобивки е пристапот на јавноста до владините документи.[56] Според овој акт, сите "*информации и документи создадени или добиени од владата мора да бидат достапни до целата јавност*." Исто така, овој акт бара "*државните институции да направат се што е во нивна моќ да ја испорачаат бараната информација колку што е можно побрзо до барателот*."

Во Европа, еден од најважните акти од сферата на човековите права е *Европската конвенција за човекови права* на усвоен во 1950 година од страна на Советот на Европа. Во членот 10 од Конвенцијата се вели: "*Секој има право на слобода на изразување. Ова право ги опфаќа слободата на мислење и слободата на примање и пренесување информации или идеи, без мешање на јавната власт и без оглед на границите*". *Остварувањето на овие слободи, кои вклучуваат, ...под одредени услови може да бидат ограничени со закон ...ако станува збор за зачувување на безбедноста, јавниот поредок, спречување нереди и злосторства, заштита на здравјето, зачувување на моралот, за угледот или правата на другиот, за спречување на ширење на доверливи*

[56] Информациите од јавен карактер се за давање, а не за чување, Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, 2008

*информации или зачувување на авторитетот и непристрасноста при донесувањето судски одлуки.“*

Некои теоретичари сметаат дека слободата на информирање се однесува само на правото на размена на информации меѓу поединци или преку мас-медиумите, но не и на правото да се бара и добие некоја информација. Но, се погласно е и мислењето дека слободата за размена на информации, правото на слобода на изразување и медиумската слобода се безвредни без правото за слободен пристап до информаци со кои располагаат државните органи и институции.

Меѓу првите држави кои во својата легислатива донеле Законот за слободен пристап до информации се вбројуваат скадинавските држави (Шведска 1949, Финска 1951, Норвешка 1970, Данска 1970). Од поновите држави-членки на ЕУ во кои се имплементира закон за слободен пристап до информации се: Унгарија од 1992, Литванија 1996, Летонија 1998, Чешка 1999, Естонија 2000, Од поранешните  југословенски републики ваков закон прва донесе Словенија од 2003 година, потоа Хрватска и Србија од 2004 и Македонија.

**Право на слободен пристап до информации во Македонија**

Изворот на правото за слободен пристап до информации во Македонија е загарантиран со Уставот на Република Македонија. Во членот 16 став 3 стои: *"Се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации".* Ова подразбира дека секое непочитување на ова право значи непочитување и кршење на Уставот. Оваа уставна одредба Собранието на Република Македонија ја имплементира во јануари 2006 година со донесување на Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, чија примена започна од 1 септември 2006 година. Правото на граѓаните да бараат информации за работењето на државните институции е од суштинско значење за транспарентноста и одговорноста што се неопходни начела на едно демократско општество. Со овој Закон се операционализира правото да се бараат информации, кое е загарантирано со Уставот на РМ, а се воведуваат и обврски за

имателите на информации да овозможат слободен пристап до нив. Слободниот пристап до информации произлегува и од чл. 52 од Уставот на РМ според кој граѓаните може да се информираат преку објавувањето на законите и други прописи во Службен весник на РМ. Исто така, органите на државната управа согласно Законот за организацијата и за работата на органите на државната управа, имаат обврска да им обезбедат на граѓаните ефикасно и законито остварување на нивните уставни права, а имаат обврска и да ја информираат јавноста за својата работа.[57]

Во Република Македонија остварувањето на слободен пристап до информации од јавен карактер, освен од Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер е обврска што произлегува од повеќе други закони, без соодветно дефинирани постапки за остварување на ова мошне важно човеково и уставно загарантирано право на граѓаните.

**Законот за локална самоуправа** од 2002 година, во членот 6 таксативно ги набројува обврските на органите на општината, комисиите на советите и јавните служби основани од општината без надоместок да ги информираат граѓаните за својата работа, како и за плановите и програмите што се од значење за развој на општината. Исто така, општината е должна на граѓаните да им овозможи пристап кон основните информации за услугите што им ги обезбедува на начин и под услови утврдени со статутот.

**Законот за спречување на корупција** од 2004 година, нема експлицитни одредби со кои е пропишан слободен пристап, но дава можност за заштита на лицата кои ќе обелоденат информации што не го носат предзнакот информации од јавен карактер, а се тесно поврзани со злоупотреба на службена должност или коруптивни активности. *Во членот 21 од Законот е утврдено дека не може да се преземе казнено гонење или да се повика на каква и да е друга одговорност лице кое открило податоци што укажуваат на постоење корупција*.

**Законот за државни службеници** (пречистен текст) од 2005 година во членот 26 регулирал: "Државниот службеник е должен, во согласност со закон, по

[57] Води чл. 4 став 1 и 9 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа објавен во Службен весник на Република Македонија бр. 58/2000 од 21 јули 2000 година.

барање на граѓаните да дава информации заради остварување на нивните права и интереси, освен информациите од член 25 на овој закон".

Тргнувајќи од членот 16 на Уставот на Република Македонија, а се со цел хармонизирање на македонското законодавство со европската легислатива, Собранието на Република Македонија во јануари 2006 година го донесе **Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер**, кој започна да се применува од 1 септември истата година. Предмет на овој закон се условите, начинот и постапката за остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, а основна цел на законот е да обезбеди јавност и транспарентност во работењето на имателите на информации и да им се овозможува на физичките и правните лица да го остварат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер (член 2).

Во членот 3 од Законот дадено е значењето на определени изрази.

**"Иматели на информации"** се органите на државната власт и други установи и институции утврдени со закон, органите на општините, на Градот Скопје и на општините во градот Скопје, јавните установи и служби, јавните претпријатија, правни и физички лица што вршат јавни овластувања и дејност од јавен интерес, утврдени со закон.

**"Информација од јавен карактер"** е информација во која било форма што ја создал и со која располага имателот на информацијата, односно со неа располага само имателот на информацијата, согласно со неговите надлежности.

**"Барател на информација"** е секое правно и физичко лице без дискриминација по која било основа, на начин и под услови утврдени со овој и друг закон.

Нашиот закон гарантира слободен пристап на сите домашни и странски правни или физички лица.

**"Документ"** е секој запис на информација без оглед на нејзината физичка форма или карактеристик, пишан или печатен текст, карти, шеми, фотографии, слики, цртежи, скици, работни материјали, како и звучни, гласовни, магнетски или електронски, оптички или видеоснимки во која било форма, како и пренослива

опрема за автоматска обработка на податоци со вградени или преносливи мемории за складирање на податоци во дигиталн форма.

**"Службено лице"** - секој имател на информации за посредување определува едно или повеќе службени лица при остварувањето на правото на слободен пристап до информации.

Службеното лице за посредување со информации контактира, ги дава потребните информации и му помага на барателот на информации, за што води посебна евиденција за примањето барања за информации, чувањето и давањето на информациите.

Повеќе иматели на информации можат заедно да определат едно или повеќе службени лица за посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информации (член 8).

Согласно Законот, сите јавни органи се должни да назначат службено лице за посредување со информации чија задача е да им помага на барателите на информации. Ова лице треба интерно да го проследи барањето и да се грижи навремено давање одговор. Исто така, неопходно е во рамките на секоја инситуција да се воспостави интерна процедура што ќе придонесе за навремено доставување на информации.

**Образец.** Јавните органи се должни да поседуваат образец и да помагаат на граѓанинот да го исполни. Сепак, треба да се напомене дека образецот не е задолжителна форма за барањата, бидејќи јавните органи се должни да одговорат и доколку барањето не е поднесено на образец. И таквото барање коешто не е на образец треба да се однесува на информации од јавен карактер. Сите информации што ги создаваат (креираат) и со кои располагаат јавните органи и припаѓаат на јавноста. Сепак, поради заштита на некои легитимни интереси, пристапот до информации може да биде ограничен. Така, чл. 6 од Законот ги предвидува исклучоците или барањето за пристап до информации може да се одбие ако информацијата претставува доверлива и претставува класифицирана информација со соодветен степен на тајност, личен податок и др.

Законот предевидува имателот на информација да ја достави **веднаш,** а најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето (чл. 21). Ако на имателот на информацијата му е потребно подолго време од овој рок, тој може да го продолжи рокот уште 10 дена или најмногу 40 од денот на приемот на барањето (чл. 22). Доколку барањето е одбиено или граѓанинот не добие никаков одговор по предвидениот рок, граѓанинот има право на жалба до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап на информации. Комисијата е должна да одлучи по жалбата во рок од 15 дена од приемот на жалбата. Ако не одлучи во предвидениот рок, согласно Законот за управни спорови се смета дека настапило молчење на второстепениот орган (Комисијата е второстепен орган, а имателот на информација е првостепен орган), па барателот потоа има право да поднесе тужба до Управниот суд (управна тужба-чл. 35).

**Должности на имателите на информации**

Согласно членот 9 од Законот, имателите на информации имаат обврска да подготват **листа на информации** со кои тие располагаат и да ги објавуваат на начин достапен до јавноста (интернет-страница, огласна табла и други). Имателот е должен да ја информира јавноста за:

-основните податоци за контакт со имателот на информација;

-начинот на поднесување барање за пристап до информации;

-прописи кои се однесуваат на надлежноста на имателот на информации...;

-предлог-програми, програми, стратегии, ставови, мислења, студии и други слични документи што се однесуваат на надлежностите на имателот на информации

-сите повици во постапката за јавни набавки и тендерската документација утврдени со закон;

- податоци за неговите надлежности утврдени со закон;

-за организацијата и трошоците на работењето, како и за давањето услуги на граѓаните во управна постапка и за своите активности;

-издавање информативни билтени и други форми на информирање;

-на Интернет-страницата за објавување одлуки, акти и мерки со кои се влијае на животот и работата на граѓаните; и

-други информации што произлегуваат од надлежноста и работата на имателот на информацијата.

Одговорните лица кај имателот на информации (чл. 11) се должни да обезбедат соодветни простории, во кои барателите ќе можат да извршат увид во бараните информации.

Актуелниот тренд за воспоставување електронска влада (e-government) или електронски парламент (e-parliament) наметнува потреба од проактивен пристап кон објавувањето на информациите од страна на самите институции. За да се постигне тоа, информациите мора да се пренесуваат на начин што ќе обезбеди да стигнат до оние на кои им се наменети и во облик што лесно може да се разбере и користи. Развојот на новите технологии денес овозможува институциите брзо и лесно да ја остваруваат оваа задача. По правило, секоја информација која е од јавен интерес и која не е содржана во листата на исклучоци би требало да му се достави на барателот по електронски пат и што е можно побргу.

**Режим на исклучоци**

Режимот на исклучоци е важна компонента на секој закон за пристап до информации од јавен карактер. Постои општа согласност дека со закон мора да бидат заштитени и одредени јавни и приватни интереси и затоа во сите закони се утврдени исклучоци кога може да се одбие пристапот до информации. Поради заштита на некои легитимни интереси, пристапот на информации може да биде ограничен. Членот 6 од Законот ги предвидува исклучоците или барањето за пристап до информации може да се одбие ако информацијата се однесува на:

1) Информација која врз основа на закон претставува класифицирана информација со соодветен степен на тајност;

2) Личен податок чие откривање би значело повреда на заштита на личните податоци;
3) Информација за архивско работење која е утврдена како доверлива;
4) Информација чие давање би значело попвреда на доверливоста на даночната постапка;
5) Информација стекната или составена за истрага, кривична или прекршочна постапка, за спроведување на управна и на граѓанска постапка, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката;
6) Информација што се однесува на комерцијални или други економски интереси, вклучувајќи ги интересите на монетарната и фискалнта политика и чие давање ќе има штетни последици во остварувањето на функцијата;
7) Информација од документ што е во постапка на подготвување и сеуште е предмет на усогласување кај имателот на информација, чие откривање би предизвикало погрешно разбирање на содржината;
8) Информација за заштита на животната средина која не е достапна до јавноста заради заштита на здравјето на луѓето и животната средина и
9) Информација која ги загрозува правата на индустриска или интелектуална сопственост (патент, модел, мостра, стоковен и услужен жиг, ознака на потекло на производот).

**Трошоци за посредување со информации**

Увидот во бараната информација е бесплатен. Меѓутоа, барателот на информација за добиениот препис, фотокопија или електронски запис на информацијата, плаќа надоместок во висина на материјалните трошоци. Владата на Република Македонија на предлог на Министерството за финансии донесе акт со кој се утврдува надоместокот за материјалните трошоци за дадената информација од имателите на информации. Имателот на информација висината на надоместокот ја објавува на соодветен начин (во службен билтен на имателот на информацијата, интернет страница, огласна табла и слично) и му ја дава на увид на секој барател пред поднесување на барањето. Ако барањето се однесува на информација од поголем обем, имателот на информацијата може да бара

барателот да го даде однапред надоместокот за покривање на трошоците за добивање на информацијата.

**Комисија**

Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер е независна во своето работење и во донесувањето на одлуките во согласност со надлежностите утврдени со Законот. Комисијата е контролен орган за спроведување на Законот и нејзината основна надлежност е да решава жалби против одлуки на јавните органи за одбиени барања. Таа не е само законски најважниот заштитник на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, туку Комисијата ја има и главната улога во давањето помош, едуцирањето и насочувањето на имателите на информации на подобар и полесен начин да ја остварува својата законска обврска. Комисијата е составена од пет члена (претседател и четири члена од кои еден е заменик на претседателот). Претседателот, заменикот на претседателот и членовите на Комисијата за време на траење на нивниот мандат не можат да вршат должности во органите на политичките партии. Мандатот на членовите е пет години со право на повторен избор. Законските решенија кои упатуваат на независноста на Комисијата повеќе имаат декларативен карактер, бидејќи нејзините членови ги предлага Владата, која предлага и нивно разрешување. Наше мислење е дека постапката за избор на членови на Комисијата треба да се спроведува врз основа на прецизно утврдени законски критериуми, по пат на распишување на јавен конкурс од страна на Собранието.

Комисијата, согласно Законот ги има следните надлежности:

-одлучува по жалби против решението и заклучокот со кој имателот на информацијата го одбил барањето за пристап до информации на барателите на информации

-се грижи за спроведување на одредбите од Законот

-подготвува и објавува листа на информации

-презема активности на планот на едукација

-соработува со имателите на информации

-подготвува годишен извештај за својата работа и го доставува до Собранието на РМ

-извршува работи на меѓународната соработка поврзана со извршувањето на меѓународните обврски на РМ

-учествува во спроведување на проекти на меѓународните организации

-соработува со органите и институциите од областа на слободниот пристап на информации од други земји и друго

-активно соработува на полето на слободниот пристап до информации со невладини организации и со меѓунардони институции лоцирани во РМ и др.

***ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА ВО ВРСКА СО ПРИСТАПОТ ДО ИНФОРМАЦИИ***

Имателите на информации се должни да ја запознаваат јавноста со начинот и условите за пристап до информации од јавен карактер и соработуваат со Комисијата.

**Годишен извештај**. Согласно одредбите на Законот, одговорното лице на имателот на информацијата е должен да подготви годишен извештај за спроведување на овој закон и да го достави до Комисијата до 31 јануари во тековната година за претходната година.

**Извештајот содржи**: - податоци за службените лица задолжени за посредување на информации кај имателите на информации; - број на поднесени барања; - број на позитивно одговорени барања; - број на одбиени барања со наведување на причините за секое одбиено барање; - број на вложени приговори и одлуки, со опис на одлуката како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација; - број на поведени управни спорови против конечната одлука или во случај на молк на имателот на информации и - број и список на донесени судски одлуки во кои тужбата на барателот во управниот спор е позитивно решена, како и наведување на причините на кои се темели одлуката на надлежниот суд.

Комисијата изготвува заеднички извештај за спроведување на овој закон врз основа на добиените податоци од извештаите од имателите на информации и до 31 март во тековната година за претходната година го доставува до Собранието на Република Македонија.  Извештајот по разгледувањето и прифаќањето од страна на Собранието на Република Македонија се објавува во средствата за јавно информирање (билтен, интернет страница).  Се ослободува од одговорност вработен во државната администрација кој ќе даде заштитена информација, доколку таа е од значење за откривање на злоупотреба на службената положба и коруптивно однесување, како за спречување на сериозни закани за здравјето и животот на луѓето и загрозување на животната средина

**Основни принципи на слободниот пристап до информации**

1. Пристапот до информации е право што припаѓа секому: Секој може да побара информација, без разлика на полот, националното и социјалното потекло, политичкото и верското убедување, сопственоста и општествената положба. Нема потреба од образложение зошто ја бара информацијата.
2. Пристапот е правило, одбивањето е исклучок. Во принцип сите информации со кои располагаат имателите на информации се јавни, а пристапот до нив може да се одбие по исклучок, согласно со закон.
3. Правото на пристап се однесува на сите баратели на информации. Граѓаните имаат право да ги бараат и да ги добијат сите информации со кои располагаат имателите на информации што се финасираат од јавни средства и од правните и физички лица што вршат јавни овластувања и дејност од јавен интерес
4. 4. Постапката по барањето и добивањето информации треба да биде едноставна, брза и бесплатна
5. Службените лица се должни да ја спроведат постапката по барањето
6. Сите одбивања треба да се образложени
7. Јавниот интерес е поголем од штетните последици
8. Секој барател има право да ја обжали негативната одлука
9. Имателите на информации се должни да ги објавуваат информацииите од јавен карактер

10. Имателите на информации и граѓаните треба да се приспособат на новата културна и психолошка клима што ја носи Законот за слободен пристап до информациод јавен карактер.

## *НОРМАТИВНО РЕГУЛИРАЊЕ НА СЛОБОДНИОТ ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

Слободниот пристап до информациите, слободата на примање и пренесување на информации се гарантира и во Уставот на Република Македонија (член 16). Законската регулатива во Република Македонија ги потенцира начелата на законитост и транспарентност во работењето на јавната администрација. Согласно член 9 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, органите на државна управа се должни да "ја информираат јавноста за својата работа во согласност со Уставот и со закон", и "своите надлежности утврдени со закон да ги извршуваат врз основа на начелата на законитост, одговорност, ефикасност, економичност, транспарентност, еднаквост и предвидливост" (член 3). Законот за државни службеници од 2010 година, во член 21 вели: „Државниот службеник е должен, во согласност со закон, по барање на граѓаните да дава информации заради остварување на нивните права и интереси, освен информациите од член 201 на овој Закон".

1 Член 20

(1) Државниот службеник е должен да ја чува државната и класифицирана информација со степен на тајност определен согласно со закон на начин и под услови утврдени со закон и со друг пропис.

(2) Обврската за чување на класифицирана информација со степен на тајност определен согласно со закон трае до три години по престанувањето на службата. Законот за локална самоуправа од 2002 година, во член 8 таксативно ги набројува обврските за органите на општината, комисиите на советите и јавните служби основани од општината, без надоместок да ги информираат граѓаните за својата работа, како и за плановите и програмите кои се од значење за развојот на општината. Наедно општината е должна на граѓаните да им овозможи пристап кон основните информации за услугите што им ги обезбедува, на начин и под услови

уредени со статутот. За целосно имплементирање на уставната одредба, Собранието на Република Македонија во јануари 2006 година го донесе Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во кој се дефинирани постапките за остварување на ова право. Примената за законот започна на 1 септември истата година. Законот претрпе позначајни промени на почетокот на 2010 година. Со измените и дополнувањата, најголемиот недостаток на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер од 2006 година, во врска со уредувањето на институтот "молчење на администрација" беше надминат и целосно усогласен со одредбите на Законот за општата управна постапка. Согласно оваа измена доколку имателот на информацијата нема да одговори во утврдениот рок, како ни во дополнителниот законски рок, барателот има право да поднесе жалба без ограничување на рокот. Исто така, во насока на подобрување на Законот, беше воведена задолжителна обврска за имателите на информации да го спроведат "тестот на штетност", кога го одбиваат пристапот до бараната информација согласно наведените исклучоци во членот 6 од Законот. Со спроведувањето на тестот на штетност "иматели на информации" се должни да проценат што е поголемо -(JPMNT) Journal of Process Management – New Technologies, International The International Scientific Conference "New Knowledge for the New People'' (held in Ohrid, 21-24 May 2014) Special Edition штетните последици кои би настанале со откривањето на заштитената информација или јавниот интерес.

Со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер се потенцира обврската на институциите за давање информации со прецизни рокови, се обезбедува јавност и отвореност во работењето на имателите на информации, им се овозможува на физичките и правните лица да го остваруваат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, а имателите на иформации за својата работа се должни да овозможат информираност на јавноста.

## ***СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР***

Заклучно со 1 септември 2015 одминаа точно девет години од почетокот на примена на Законот во Република Македонија. Во текот на тој период Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер (КОМСПИ) одигра значајна улога во процесот на имплементација на Законот, менаџирајќи со низа обврски што произлегуваат од него.

Пред сѐ, во насока на информирање на граѓаните за правата што ги добиваат согласно овој закон, катализирајќи ја неговата примена со секојдневното следење на состојбата во однос на примената на законот, реагирајќи по поднесените жалби на граѓаните и доставувајќи редовни годишни извештаи за примената на Законот до Собранието на РМ.

Комисијата, заклучно со Годишниот извештај од 2012 година има утврдено 1.253 иматели на информации од јавен карактер, кои се запишани на официјалната Листа на иматели, достапна на веб страницата на Комисијата, заедно со податоците за службени лица за посредување со информации од јавен карактер кои согласно Законот се поставени кај секој имател на информации. За Листата на иматели Комисијата води уредна евиденција која, согласно своите законски надлежности, постојано ја ажурира.

Од особено значење беше одржувањето на низа обуки од страна на Комисијата насочени кон едуцирање на службените лица задолжени за посредување со информации од јавен карактер, кои имаа за цел на имателите на информации да им се наметне потребата од правилна примена на Законот со што барателите ќе го остварат своето уставно и законски гарантирано човеково право.

Согласно, во последниот официјален извештај - Годишен извештај за работата на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер од 1 јануари до 31 декември 2012 година.

Комисијата истакнува дека ова ново демократско право не само што добива една стабилна позиција во Република Македонија, Според став 1, член 37 од Законот, одговорното лице на имателот на информацијата е должен да подготви годишен извештај за спроведување на овој закон и да го достави до Комисијата до 31 јануари во тековната година за претходната година. Во став 3 од истиот член на Законот, Комисијата изготвува заеднички извештај за спроведување на овој

закон врз основа на добиените податоци од извештаите од имателите на информации и до 31 март во тековната година за претходната година го доставува до Собранието на Република Македонија.

Бројот на поднесените барања од страна на граѓаните може да се земе како своевиден индикатор за прифаќањето на правото да се биде информиран, односно кревањето на свеста на граѓаните за нивното право да бараат информации. Врз основа на анализа на Годишниот извештај за 2011 и Годишниот извештај за 2012 година на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, може да се заклучи дека оваа состојба во Република Македонија се подобрува од година во година. Имено, поднесените 4.865 барања доставени на адреса на имателите во 2012 година е најголема бројка од почетокот на имплементација на Законот, што говори дека барателите во многу поголема мера од кога било до сега го користеле новото демократско право. Споредбено, бројот на барањата во 2006 година бил 513. Во 2007 имало 1476 поднесени барања. Во 2008 биле поднесени 1876 барања; во 2009 нивниот број бил 2106. Во 2010 година бројот на поднесените барања бил 2379, во 2011 -3.496.

Во 2012 година од вкупно поднесените барања, до државните институции биле поднесени 1.995 барања, од сите сфери на нивното делување, што е најголема бројка на барања од почетокот на имплементацијата на Законот, а единиците на локалната самоуправа имаат примено рекордни 1.229 барања.

Значајна е улогата на Комисијата во насока на поддршка на правото на барателите на информации од јавен карактер. Така, за седум години од примена на Законот поднесени се 3.545 жалби поради оневозможување на пристап до информации од јавен карактер, при што молкот на администрацијата претставувал основ за поднесување на 2.711 жалби. Комисијата позитивно се изјаснила за 2.583 жалби, односно ги задолжила имателите да дозволат
ристап до бараните документи од јавен карактер.

Како што се зголемува бројот на поднесените барања, така се зголемува и бројот на добиените одговори. Во 2011 година службените лица позитивно одговориле на 3.283 барања, додека пристапот до 172 барања бил одбиен по

основ на исклучоците пропишани во Законот, или пак согласно други законски прописи; во 2012 бројот на одговорените барања е 4.522, а пристапот бил одбиен кај 243 (4 барања се префрлени за следната 2013 година).

Следната табела претставува приказ на состојбата по години, во однос на бројот на иматели на информации во Република Македонија, бројот на барања, одговорени барања и поднесени жалби од страна на барателите на информации... е поднесени од физички лица, додека 1074 жалби се поднесени од здруженија на граѓани и фондации. Овие бројки укажуваат дека граѓаните сѐ уште не го користат доволно нивното право за слободен пристап до информации.

Најголема причина поради кои барателите поднесуваат жалби до Комисијатае “молчењето на администрацијата“. Ова се потврдува и од бројот на поднесените 907 жалби поради “молчење на администрацијата“, што претставува 74,04% од вкупниот број на поднесени жалби.

Една од причините поради кои доаѓа до молчење на администрацијата и со тоа отежната примена на Законот е и внатрешната размена на информации во рамки на самите институции. Имено, службените лица за слободен пристап до информации честопати наидуваат на т.н. внатрешен отпор за да ја добијат бараната информација и истата да ја испорачаат до барателот. Како потврда за ова беа поплаките што беа искажани од страна на службените лица за време на обуките организирани од Комисијата. Во периодот 2008 – 2009 година Комисијата за заштита на слободен пристап до информации од јавен карактер и Македонскиот институт за медиуми во рамки на заеднички проект организираа низа обуки за службените лица за слободен пристап до информации. Тогаш од нивна страна како еден од проблемите со кои се соочуваат беше укажано дека доколку бараната информација не е во рамки на нивното одделение или сектор, многу потешко истата ја добиваат од друго одделение или сектор.

Нивото на партиципација на граѓаните во процесот на донесувањето на одлуките и во оценувањето на работата на нивните влади зависи од нивото на пристапот до информациите кои ги поседуваат државните и јавните институции. Законската основа за слободен пристап до информации овозможува активно учество на граѓаните, но имплементацијата зависи од способноста на ресурсите,

динамиката на граѓанското општество, активностите за транспарентност на невладините организации, како и од капацитетот на граѓаните да извлечат бенефит од законот.

Основите за слободен пристап до информации од јавен карактер, во Република Македонија се поставени и со Устав и со Закон. Владата во насока на постигнување на критериумите на ЕУ, меѓу кои се и критериумите за добро владеење и отворена власт, ја артикулира својата заложба за транспарентност на државните институции. Во насока на позасилена и поуспешна примена на Законот во следниот период, а со цел афирмација и актуелизација на правото на граѓаните за пристап до информации од јавен карактер, потребно е да се обрне поголемо внимание на:

- едуцирање на граѓаните преку средствата за јавно информирање
за нивното “имам право да знам”;

- воспоставување на систем за размена на информациите во рамки на институциите со цел задолжените лица за слободенпристап да може полесно и побрзо да ја добиваат бараната информација и истата да ја проследат до барателите.

- едуцирање на вработените во државната администрација дека молкот е недозволив начин во исполнувањето на нивната должност - давање одговор на граѓаните.

**БИБЛИОГРАФИЈА**


1. Аристотел, Никомахова етика, Култура, Скопје,
2. Александар. Мењ, *Историја на религиите*, ВИГ Зеница, Скопје, 2010;
3. Борота-Поповска, Деловна етика, Де Гама, Скопје, 2004;
4. Библија (Свето писмо), Еуролибер, Битола, 1999;
5. Владо Камбовски, Филозофија на правото, МАНУ, Скопје, 2010;
6. Витларов, Тодор, Репресија и превенција на корупција, 2-ри Август С, Штип, 2006;
7. Густав Радбрух, Филозофија на правото, Правен факултет "Јустинијан Први", Скопје, 2008;
8. Dejl Zaket, Novinarska etika-moralna odgovornost u medijima, 2007, JP “Sluzben glasnik”, (Наслов на оригиналот: Dale Jacquette, Journalistic Ethics-moral responsibility in the media;
9. Декларација за правото на народите на мир, ООН, 1984;
10. Тамара. Чаушидис&З. Бојаровски, Прирачник за Етиката во новинарството, ЗНМ, Скопје, 2012.
11. Европска социјална повелба, Совет на Европа, 1961 (1965);
12. Европска конвенција за правата на човекот, Совет на Европа, 1950 (1953);
13. Закон за работни односи, Сл. Весник на РМ бр.16/10;
14. Закон за авторското и сродните права, Сл. Весник на РМ бр.23/05, пречистен текст;
15. Закон за медиуми (Сл. Весник на РМ, бр.184/13)
16. Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Сл. Весник на РМ, бр.184/13)
17. Зоран Бојаровски; Бранко Героски; Даут Даути; Јасмина Миронски; Андон Давчев, Македонски институт за медиуми (МИМ), *Пишување за печатени*

*медиуми: како да размислуваш, планираш и пишуваш за печатени медиуми*, НУБ "Св. Климент Охридски", Скопје, 2005;

18. Изборен законик (пречистен текст), Службен весник на РМ, бр. 54 од 14.04.2011 година.
19. Извештај на “Freedom Haus”, 2011, за слободата на медиумите;
20. Извештај на “Репортери без граници” за слободата на медиуми во 2011 и 2012;
21. Кирил. Темков, *Етика,* Просветно дело, Скопје, 2005;
22. Новинарски прирачник за следење на изборите, Фондација Конрад Аденауер во Р. Македонија и Здружение на новинари на Македонија, Скопје, 2013.
23. Николо. Макијавели, Владател, Нолит, Београд, 1981;
24. Радомир Лукич, Систем филозофије права, Савремена администрација, Београд, 1992;
25. Слаџана. Димишкова, *Слобода на изразувањето и демократијата*, Вечер прес, Скопје, 2008,
26. Снежана Трпевска, *Слобода на изразување, јавен интерес и медиумска регулација,* Висока школа за новинарство и односи со јавноста, Скопје, 2010;
27. Светомир. Шкариќ, *Уставно право*, Култура, Скопје, 2009;
28. Тед Вајт&Френк Барнс, *Емитување вести: пишување, известување и продуцирање,* 5-то издание, Висока школа за новинарство и за односи со јавноста, 2010, Скопје;
29. Повелба на ООН, 1945;
30. Универзална декларација за човековите права, ООН 1948;
31. Устав на Република Макдонија, 1991 (I-XXXIX амандмани)
32. Прирачник: Мобинг-психички притисок на работното место, ССМ и Фондација Фридрих Еберт, Скопје, 2009;
33. Етички кодекс на новинарите, Здружение на новинари на Македонија, 2001;
34. F. Savater, *Ethics for Amador*, 1991,

35. Д-р. Раддомир Лукич, Систем филозофија права, Савремена администрација, Београд, 1992;
33. Mother Teresa: *Medidations from A Simple Path*, Balantine, New York, 1996;
34. Меѓународна конвенција за елиминација на сите видови на расна дискриминација
35. Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права на ООН, 1966;
36. Политичка енциклопедија, Савремена администрација, Београд, 1975;
37. Препорака на Советот на Европа-Recommendation No.R (97)20 of Committee of Ministers to member States on hate speech.
38. Чупиќ, Чедомир, Медијска етика и медијски линч, Чигоја штампа, Београд, 2011;
39. Зипфел, Кунцик, Основи на публицистиката и комуникациите, ФЕС, Скопје, 1998.
40. Djordjevic, Toma, Teorija Informacija – Teorija masovnih komunikacija, Partizanska knjiga, Beograd, 1979;
41. Raphael Cohen-Almagor (2006), *The Scope of Tolerance, Studies on the costs of free expression and freedom of the press*, Routledge, London and New York;
42. S. Dimiskova (2008), *The Freedom of Expresson and democracy*, Vecer Press, Skopje;
43. European Convention of human rights, Council of Europe (1950)
44. Извештај за напредокот на Република Македонија за 2014, Европска комисија, Брисел, 2014, СВД (2014) 303, конечна верзија;
45. Универзалната декларација за правата на човекот на ООН (1948)
46. Kunczik. M, Zippfel. A, (1998*), Introduction to Science of Journalisn and Communication*, Fridrich Ebert Stiftung, Office in Skopje;
47. Меѓународниот пакт за граѓански и политички права на ООН (1966);
48. Law on Media (Oficial Gazette of RM бр.184/13)

49. Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Службен весник на РМ бр.184/13);
50. T. Gruevski (2007), *History of Journalism*, Faculty of Law and NIP "Studentski zbor", Skopje;
51. Dale Jacquette (2007), *Journalistic Ethics-moral responsibility in the Media*, 1-st Edition, Published by Pearson Education, Inc, Prentice Hall;
52. J. K. Galbraith (1995), *The Anatomy of Power*, Culture, Skopje;
53. Cupic, C (2010), *Media ethic*, Chigoja, Beograd;
54. Janis M., Kay R., Bradley A (2000)…..:… *European Human Rights Law*, Clarendon Press, Oxford;
55. Dimitrievic, V. Paunovic&V. Geric (1997), *Human Rights*, Center for Human Rights-Beograd, Dosie, Beograd;
56. Mil J. S., (1982), Himmelfarb G.: *On Liberty* (Penguin Classics), Viking Press;